СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 април 1991 година

Скопје, април 1991 година

**ДИСКУТАНТИ НА 11-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 16 АПРИЛ 1991 ГОДИНА**


1. АБДИ ФАИК – 42, 59, 107, 167
2. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 160 ДНЕВЕН РЕД НА СТР.11
3. АЛИУ ХАМИД - 83
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 70
5. АНДОВ СТОЈАН – 2 (претставници), 3(СФРЈ, раздружување, Резолуција), 5(РТВСкво МРТВ; променаа), 26, 30, 50, 53, 74(Устав, измена,аманд.), 78)закл.аманд.), 96, 133(уставен закон, прогласување), 152, 156
6. АНДОВ ЈОВАН – 179
7. АНДОВСКИ ГОЦЕ - 172
8. АРСОВ ДРАГИ - 64
9. БЛАЖЕВСКИ БРАНКО - 10
10. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 136
11. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 58, 91
12. ГОШЕВ ПЕТАР – 36, 46
13. ГОШЕВ ТУШЕ - 148
14. ДИМИТРОВА РАТКА - 48
15. ЃОЃЕСКИ ДУШКО – 68, 121, 152
16. ЗИБЕРИ НАСЕР - 22
17. ЗИМБАКОВ ВАСИЛ - 144
18. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 43
19. ИВАНОВ ИВАН – 129, 143
20. ЈОВЧВСКИ ЦВЕТАН – 61, 105, 112
21. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 97, 111
22. КЉУСЕВ НИКОЛА – 21, 38
23. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 61, 105, 112
24. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 175
25. ЛАПАВЦЕВ АЛЕКСАНДАР – 8 (среднорочна програма за реконструирана патна мрежа 1991-1995)
26. МАНЕВ ЕФТИМ - 147
27. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 177
28. МИНОВ ПАНЧЕ - 171
29. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 168
30. МИЦЕВСКИ РАЈАН - 147
31. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 140
32. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 92, 95, 154
33. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН – 97, 90
34. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 161
35. НАСЕВ ПАНЧЕ - 175
36. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 25, 29, 101, 103, 177
37. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 40
38. ПЕТРОВ ТОДОР - 52
39. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 67
40. ПОПОВСКИ КИРО - 130
41. ПРЕВАЛА ШАБАН - 112
41. РАМАДАНИ ХИСНИ - 19
42. РИСТОВСКИ БЛАЖЕ - 125
43. СТАМЕНОВ РИСТО – 69, 104, 139
44. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 31, 70, 78

45. ТАИРИ ЏЕЛИ - 49
46. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 165
47. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА – 45, 74, 161, 167, 169, 174, 173
48. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 129
49. ЌЕЛЕШОВ РИСТО - 164
50. ФАЗЛИУ АГИМ - 100
51. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 117
52. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ – 9, 71, 165
53. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН – 91, 103, 149
54. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 119, 163

ПРОДОЛЖУВА

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**ОД ЕДИНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 16 АПРИЛ 1991 ГОДИНА**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на СРМ, сала 1, со почеток во 10,5 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на СРМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам единаесеттата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Пратениците Ештреф Алиу, Мухамед Халили и Благоја Шкатровски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува"

Записниците од Четвртата, Петтата и Шестата седница, одржани на 25, 26 и 27 јануари и 1 февруари 1991 година, ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците?

(Никој)

Констатирам дека записниците од Четвртата, Петтата и Шестата седница се усвоени без забелешки.

Ве известувам дека на седницата е поканет и присуствува потпретседателот на претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

1. Владата на Социјалистичка Република Македонија;

2. Стопанската комора на Македонија;

3. Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија;

4. Народната банка на Македонија;

5. службата за општествено книговодство во Социјалистичка Република Македонија;

6. Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта;

7. Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев Јасмин"

8. Републичката самоуправна интересна заедница за водостопанство;

9. Републичката самоуправна интересна заедница за патишта и

10. Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на СРМ.

Имајќи ги предвид прашањата што ќе се разгледуваат на денешната седница, поканети се претставници на:

Комисијата за уставни прашања на Собранието на СРМ на седницата одржана на 15 април 19 91 година се запозна со писмото на претседателот на Собранието на Република Словенија со кое се бара Собранието на Социјалистичка Република Македонија да заземе став во врска со Резолуцијата за предлогот за спогодбено

раздружување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, донесена  од Собранието на Република Словенија.

Резолуцијата за предлогот за спогодбено раздружување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Ви е поделена.

Комисијата оцени дека за заземање став по доставената Резолуција потребно е претходно да се согледаат сите можни импликации што би настанале за Републиката со нејзиното прифаќање.

Заради тоа, Комисијата му предлага на Собранието да ја задолжи Владата на Социјалистичка Република Македонија да подготви посебен материјал во кој ќе се согледаат материјално- финансиските ефекти и последиците, одбранбените и меѓународно- правните аспекти, како и прашањата за слободите и правата на граѓаните на Републиката и последиците што би настапиле во оваа област со евентуално прифаќање на Резолуцијата.

- Дали Собранието се согласува со овој предлог?

- Се согласува.

- Пред да преминеме на утврдување на дневниот ред, Ве известувам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе;

- Предлог Собранието на СРМ да расправа за одделни прашања во врска со работата и состојбите и средствата за јавно информирање во Републиката, и

- Барање за донесување закон со кој ќе се уредат прашањата во врска со начинот и правата за натамошното користење и располагање со имотот на поранешните општествено- политички организации.

- Исто така, пратеникот Тодор Петров, поднесе:

- Предлогот да се расправа по прашањето за проблемите и состојбите во аграрот,

- Барање со укажување на потребата од донесување Закон за продажба на државниот капитал,

- Барање со укажување на потребата од донесуваше Закон за формирање Фонд на Републиката,

- Барање со укажување на потребата за донесување Закон за неприменување на Сојузниот закон за општествениот капитал,

- Барање со укажување на потребата од донесување Закон за неприменување на член 4 од Законот за исплатата на личните доходи, на средствата за непосредна потрошувачка и на средствата за исхрана на работниците во текот на работата,

- Барање со укажување на потребата од донесување закон за прогласување на општествената во државна сопственост по итна постапка,

- Барање со укажување на потребата од донесување Закон за престанување на важноста на Законот -за продажба на становите во општествена сопственост,

- Барање со укажување на потребата за донесување Закон за прогласување на становите во општествена сопственост во станови во државна сопственост.

- Барање со укажување на потребата за донесување Закон за продажба на становите во државна сопственост, и

- Предлог за донесување Одлука за измени и дополнувања на Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија

- Барањата Ви се доставени.

По повод Предлогот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ; Собранието на СРМ да расправа за одделни прашања во врска со работата и состојбите на средствата за јавно информирање во Републиката предлагам истиот да го доставиме до Владата на социјалистичка Република Македонија за да подготви и на Собранието што поскоро да му достави материјал во кој ќе бидат опфатени прашањата во врска со состојбите и работењето на средствата за јавно информирање, за материјално-финансиската состојба, организационо- кадровската екипираност и други прашања значајни за работењето на овие информативни средства, како и за обликот на организирање на Новинско- издавачка Работна организација "Нова Македонија".

Исто така, предлагам и второто барање на ВМРО-ДПМНЕ, како и предлозите на пратеникот Тодор Петров да ги доставиме до Владата на Социјалистичка Република Македонија за да ги согледа и проучи овие прашања и на Собранието да му поднесе предлози за нивно решавање.

- Дали се согласувате со овој предлог?

- Се согласувате.

Ве известувам дека Радио-телевизија Скопје достави Предлог за промена на името на Радио-телевизија Скопје во Македонска Радио-телевизија.

- Овој предлог го разгледа Комисијата за општествено политички систем и подготви Предлог на одлука за промена на името на оваа куќа.

- Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија поднесе Барање за формирање на Одбор за одбележуваше на 50-годишнината од почетокот на Народноослободителната војна на Македонија.

- Ова барање го разгледа Комисијата за прашања на изборите и именувањата и подготви Предлог на одлука за образуваше и состав на Одборот.

- Комисијата за прашања на изборите и именувањата утврди предлози на одлуки за именување на претседател и заменик на претседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници.

- според тоа, предлагам дневниот ред да се дополни со:

- Предлог на одлука за промена на името на Радио-телевизија Скопје во Македонска Радио-телевизија,

- Предлог на одлука за образување и состав на Одборот за одбележување на 50-годишнината од почетокот на Народноослободителната борба на Македонија,

- Предлог на одлука за именување на претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници, и

-Предлог на одлука за именување на заменик на претседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници.

- Предлогот го ставам на гласање.

- Кој е за, молам да крене рака?

- Дали има некој против? (Нема)

- Дали некој се воздржува од гласање?

- Констатирам дека за предлогот гласале повеќе од мнозинството пратеници, против гласале (нема) пратеници, а од гласањето се воздржале (1) пратеници.

- Констатирам дека Предлогот за дополнување на дневниот ред е усвоен.

- Ве известувам дека Владата на Социјалистичка Република Македонија и Комисијата за земјоделство и шумарство му предлагаат на Собранието да го одложи разгледувањето на "Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште, со Предлог на закон", заради потребата од подетално проучување на предложените решенија.

- Законодавно- правната комисија му предлага на Собранието да ја одложи расправата по "Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општонародна одбрана, со Предлог на закон", бидејќи расправата во Комисијата се уште трае.

- Комисијата за стопанство и Комисијата за градежништво и урбанизам м у предлагаат на Собранието да ја одложи расправата по "Предлогот на одлуката за потврдување на Среднорочната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во СР Македонија за периодот од 1991 до 1995 година", бидејќи констатираа дека изготвената Среднорочна програма е работена врз основа на застарена студија на патната мрежа во Републиката која датира уште од 1981 година.

- Поаѓајќи од тоа, потребно е овие сознанија да се иновираат, па затоа предлагам Собранието да и укаже на Самоуправната интересна заедница за патишта врз основа на сугестиите на работните тела ка Собранието и мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија да изготви иновирана студија најдоцна до 30 јуни 1991 година и на Собранието на СРМ да му достави нова Среднорочна програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во СРМ за периодот 1991 до 1995 година.

Во врска со ова сакав да поставам само едно прашање, дали не е можно активноста за изградба на некои правци од оваа програма со привремена одлука или сепаратна одлука можат да започнат и бидат прифатени како би се избегнало непотребно чекање и веројатно одложување ако имаме некои проблеми со повлекувањето на странските средства кои се веќе одобрени и доколку се одобрени за таа работа, за таква изградба.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Пратениците на ова Собрание можат да отворат една дискретна линија со овластување со посебен анекс програма на годишната програма да биде елаборирано ова прашање, но секако врз база на економски критериуми и во врска со ранг- приоритети за реконструкција, одржување и изградба на патиштата. Според тоа, се е можно она што е паметно да се прави на начин утврден со законот за патишта и анекс на годишната програма, како анекс на годишната програма кој е денес на дневен ред. Сега да не би се јавувал уште еднаш овде, дали можам да поминам на годишната програма. Би молел само едно мало дополнување на крајот на текстот на одлуката, таму каде што пишува 26.12. 1990 година во продолжението би стоело ова: "И во согласност со мислењето на Владата на СРМ број 23698/3 од 15 април 1991 година".

Инаку, комплетно е усогласен овој проблем во врска со годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во СРМ со сите комисии и со овластените комисии на СИЗ-от за патишта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа сугестија предлагам надлежните комисии за стопанство и комисијата за градежништво и урбанизам да ја разгледуваат и евентуално да ја вградат во нивниот заклучок што е овде веќе доставен кај нас за да

добие легален пат. Од друга страна, предлагам ако е можно на оваа седница предлогот на министерот Лепавцов да се земе предвид за одлучување ако може во текот на седницата тој акт да се изготви, бидејќи се е готово. Ако не е можно, тогаш на првата наредна седница Републичката заедница за патишта да го извести како не би се чекало и не би се пропуштале овие месеци кои се добри и за градежна активност.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:**

За наредната седница.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Би предложил годишната програма денес да се прифати ако дојде анексот, со анексот, а ако не дојде анексот тогаш само анексот да оди на наредната седница, а програмата задолжително, денес знаат градежниците дека е изгубено драгоцено време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е и предлогот на господин Лепавцов.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Би сакала да дообјаснам уште нешто околу овие две програми, а на дневен ред е среднорочната и годишната програма. Вратена е на доразгледување т.е. е одложена среднорочната програма, додека годишната програма по мислење на двете комисии треба да оди денес на разгледување и на усвојување и под итно да се пријде на реализирање на годишната програма. Да не бидеме во заблуда, затоа што има две програми, среднорочна и годишна. Околу овие анекси и околу овие дополнувања би имало дополнување на годишната програма, што е сосема различно и е посебна точка во дневниот ред од среднорочната програма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веројатно и Блажевски тоа сака да го објасни.

**БРАНКО БЛАЖЕВСКИ:**

Би сакал да објаснам само дека среднорочната програма не го доведува до прашање извршувањето и почетокот на работите за оваа година. Со годишната програма за 1991 година се регулирани сите прашања кои треба да се извршат во оваа година и кои се поврзани со користењето на кредити од меѓународната банка и европската заедница. А со одложувањето на среднорочната програма..ќе се регулира периодот од 1992 до 1995 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова прашање беше, бидејќи во едногодишната програма можат да се почнат објекти кои завлегуваат во користење на заеми кои се повеќегодишни. Ако имате таква програма, тогаш анексов е неопходен и Министерството тоа нека го разгледа. НА тој начин да ја апсолвираме сега оваа работа. Мислам дека Министерството има право да согледа да не дојде после до заплети. Тоа е добар предлог. Инаку, на дневен ред е годишната програма, меѓутоа тоа се транши од заемот повеќе години.

- Известен сум дека Комисијата за градежништво и урбанизам и Комисијата за земјоделство и шумарство го претресоа и усвоија "Извештајот за извршуваше на Среднорочната програма за премер и катастар на недвижностите во периодот од 1986 до 1990 година".

- Со оглед на содржината на овој Извештај, комисиите заклучија расправата по истиот да заврши во комисиите, односно истиот ? да послужи за информирање на пратениците во Собранието на Социјалистичка Република Македонија..

- Дали Собранието се согласува со овие предлози?

- Се согласува. (Се согласува)

Преминуваме на утврдување на дневниот ред.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

(ПРИЛОГ)

**ПРЕМИНУВАМЕ НА УТВРДУВА&Е НА ДНЕВНИОТ РЕД**

За денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлози за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија?

2. Текстови на нацрти на амандманите LXXXII, LXXXIII, LXXXIV и LXXXV на Уставот на
Социјалистичка Република Македонија.

3. Предлог на Уставен закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на амандманите LVII до LXXX на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

4. Предлог на заклучоците по материјалот "Состојби и проблеми во репродукцијата во Социјалистичка Република Македонија на почетокот од 1991 година";

5. Нацрт на закон за семејството;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката за првото тримесечје од 1991 година, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за вработување, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување И дополнување на Законот за санитарната инспекција, со Предлог на закон;"

11. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на трудот, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за општествената заштита на децата, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување закон за изменување на законот за одморалиштата на децата и младината, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за ловот, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за тутунот, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за вино , со Предлог на закон;

21. Предлог на закон за обезбедување средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово;

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите;

23. Иницијатива за донесување Декларација за заштита на детето од политика манипулација и злоупотреба со Нацрт-текст на Декларацијата;

24. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за привремено финансирање на функциите во Социјалистичка Република Македонија во 1991 година;

25. Предлог на одлука за промена на името на Радио телевизија Скопје во Македонска радио телевизија,

26. Предлог на одлука за образување и состав на Одборот за одбележување на 50-годишнината од почетокот на Народноослободителната борба на Македонија;

27.Предлог на одлука за формирање и состав на пратеничка група за следење на организацијата, спроведувањето и обработката на податоците на пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1991 година;

28. Предлог на одлука за давање согласност на годишната програма за користење на здружените средства од придонесите во водостопанството за намени од поширок интерес во обласга на водостопанството за 1991 година;

29. Предлог на одлука за потврдување на годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во СР Македонија во 1991 година;

30. Предлог на одлука за одобрување на Пресметката на приходите и расходите за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот, Градскиот и општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1991 година;

31. Предлог на одлука за одобрување на Завршната сметка на приходите и расходите за работата на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот да патиштата за 1990 година;

32.извештај за остварените монетарно- кредитни движења и економските односи со странство и за работењето на Народната банка на Македонија во 1990 година, со

- Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Македонија за 1990 година;
- Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1991 година;

33. Предлог на одлука за одобрување на завршна сметка ан Дирекцијата за републички стоковни резерви за 1990 година, со Извештај за работата на Дирекцијата во 1990 година;

34. Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Дирекцијата за републички стоковни резерви за 1991 година;

35. Извештај за работата на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија во 1990 година;

36. Извештај за работата на Одборот за доделуваше на наградата "Мито- Хацивасилев- Јасмин" во 1989 и 1990 година;

37. Извештај за спроведување на Програмата за развој на информациониот систем на Републиката за периодот од 1987 до 1990 година, во 1990 година;

38. Извештај за спроведување на Резолуцијата за развој и унапредување на. физичката култура во СРМ;

39. Информација/за актуелните состојби од областа на здравството и здравственото осигурување на СРМ;

40. Осврт за остварениот развој на определените ридско-планински подрачја и нивната подготвеност за водење на општонародната одбранбена војна;

41. Осврт за организираноста, подготвеноста и функционирањето на цивилната заштита во СРМ со насоки за натамошна доградба и развој. во периодот од-1991 до 1995 година;

42. Осврт врз резултатите и проблемите во остварувањето на политиката за побрз развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година;

43. Информација за резултатите и проблемите во остварувањето на Акционата програма за побрз развој на определени ридско- планински реони и пограничниот појас во Републиката за периодот од 1986 до 1990 година;

44. Избор на член на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

45. Разрешување на судија во Општинскиот суд во Кочани;

46. Разрешување на судија на Општинскиот суд Скопје II Скопје;

47. Предлог на одлука за именување на претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници;

48. Предлог на одлука за именување на заменик на претседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници.

49. Именување на директор на Републичкиот фонд за кредитирање за побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта;

50. Предлог- одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" Скопје за именување директор на Институтот

51. Предлог на одлука за избор на членови на Советот на Службата на општественото книговодство на Социјалистичка Република Македонија;

52. Разрешување и именување претставници на општествената заедница во:

- Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" Скопје,
- Советот на Вишата медицинска школа во Битола,
- Советот на Службата на општественото книговодство во СР Македонија,
- Советот –Заводот за рехабилитација на деца и младинци - Скопје,

- Советот на Шумарскиот факултет - Скопје,

- Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје,

- Советот на Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух "Кочо Рацин" - Битола,

- Советот на општествената заедница во Советот на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита "Елисие Поповски- Марко" Скопје,

- Советот на РО Рафинерија на нафта "Скопје" Скопје;

53.. Избор на членови на конкурсни комисии за:

- Именување директор на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" Скопје,

- За именување директор на Ансамблот за народи игри и песни "Танец" Скопје,

- Именување директор на НИРО "Службен весник на СРМ",

- Именување директор на Институтот за ортопедија и трауматологија во Охрид,

- Именување директор на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Социјалистичка Република Македонија;

- Разрешување директор на Педагошката академија "Климент Охридски" во Скопје,

- Именување директор на РО Музеј на Македонија Археолошки, Етнолошки и Историски во Скопје,

- Именување директор на РО за производство на филмови "Вардар- филм" во Скопје,

- Именување директор на Институтот за национална историја во Скопје;

54. Нацрт на закон за обезбедување средства за учество на СФРЈ во основачкиот капитал на мултилатералната агенција за гарантирање инвестиции МИГА (АС бр. 1336);

55. Нацрт -на закон за измени и дополненија на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (АС бр. 1337);

56. Предлог на закон за ратификација на Платната спогодба помеѓу СФРЈ и СССР и на Протоколот кон платната спогодба (АС бр. 1338)

57. Предлог на закон за ратификација на Платната спогодба помеѓу СФРЈ и НСР Албанија (АС бр. 1339);

58. Предлог на закон за ратификација на Платната спогодба помеѓу СФРЈ и НР Монголија (АС бр. 1340);

59. Предлог на закон за измена на Законот за ратификација на Конвенцијата на Меѓународната организација на труд број 158 за престанок на работниот однос на иницијатива на работодавецот (АС бр. 1272);

60. Дополнителен предлог ка Сојузниот извршен совет на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на Нацрт-законот за измени и дополненија на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (Кон АС бр. 1297/1);

61. Пречистен текст на Нацрт-законот за претворање на курсните разлики по депонираното девизно штедење кај Народната банка на Југославија во јавен долг на Федерацијата (Кон АС бр. 1206);

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вака е дневниот ред составен врз основа на извештаите на работните тела и овие обраќања што ги има до претседателот на Собранието на СРМ од страна на Владата и од другите субјекти за што ве информирав.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**ХИСНИ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа јас излегов за да создадам работна атмосфера и празнично расположение, на Републичката влада и честитам за Првата работна седница во Парламентот. една честитка. Втората честитка е до поширокиот аудиториум со исламска вероисповест им честитам за бајрамот, ориме бајрами, бај рам мубарег олсум. А до вас имам една молба господине претседателе да ни го честитате бајрамот, празникот на пратениците со исламска вероисповест.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, пред да продолжиме само да ги потсетам пратеници те со исламска вероисповест и сите верници во Македонија дека им го честитавме празникот рамазан и по некои тумачења излегува дека е во тоа бајрам само завршница на празнувањето. Меѓутоа, уште еднаш на пратениците им го честитам овој верски празник кој што се од исламска вероисповест.(Аплауз).

Дали има предлози за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Дами и господа денеска на дневен ред се уште еден пакет на закони со кои се пренесуваат надлежностите од општинската и градската заедница на надлежните републички министерства, Владата и Републичкото собрание.

И по повод усвојувањето на првиот пакет закони од оваа сфера, кој што неодамна беа на дневен ред, пред ова Собрание, Пратеничката група на ПДП и НДП укажа на недоследноста на процедурата на донесувањето на овие закони. Имено, како што е познато сите закони со кои им се одземаат надлежностите на општините и градската заедница се донесуваат по скратена постапка, со која се прескокнува цела една фаза, односно фазата за нацрт, каде надлежните органи и организации, установи и институции не се во можност да ги дадат своите мислења, предлози и препораки. Според мене нема никаква потреба овие закони да се донесуваат по скратена постапка, кога се има предвид дека крајниот рок за усогласувањето на овие закони се амандманите на Уставот на СРМ, а со амандманите на Уставот е 30 септември 1991 година. Сите предложени закони од оваа сфера, законската основа за измена што се предложени ја имаат во промените на Уставот од минатата година кога функционираше монистичкиот систем, каде што ако ги земеме предвид околностите под кои се донесоа промените на Уставот, само по себе се поставува прашањето на здравата основа и квалитетот на таквите промени, кога во тој период секој граѓанин па и сојузните органи и организации не можеа да го кажат своето мислење бидејќи истите ќе беа санкционирани. Времето во кое делуваме не ни дава за право да експериментираме, во прв ред кога ја имаме предвид економската и политиката состојба во Републиката. Во интерес на времето

за да не барам збор посебно за секој предлог на закон, предлагам сите закони со кои се одземаат надлежностите на општините и градската заедница да се дадат на јавна расправа, бидејќи само тоа е гаранција дека овие закони ќе бидат успешно спроведени. И воедно барам овие предлози да се повлечат од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пред да продолжиме со работа треба да констатираме дека имаме еден предлог за измена на дневниот ред, за што е неопходно да се изјасни претставник на Владата, бидејќи Владата ги предлага законите и таа оценува дали има можност за друга постапка, а потсетувам дека ова не е по скратена постапка туку е во редовна постапка со тоа што се утврдува Предлог за утврдуваше на закон со Предлог на закон.

Има збор претседателот на Владата.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Ова е хипотеката на старата власт. Во оваа хипотека гледате вие влегле 60-тина закони, односно точки на дневен ред. Се разбира дека едно Собрание тешко може да работи со 60 точки на дневен ред. Владата имаше стнаовиште, бидејќи ова се не минало преку нејзини раце, она што остана да го стави во кош. Крпеници не ни се потребни ни на нас. Ние бараме изградување на нов систем, нова законитост, која ќе произлегува од новиот устав и основните органски закони поврзани со него. Ова ќе создаде шокантна ситуација кај секој стопански и општествен субјект, да се прилагодува, да менува своја нормативна основа за 3-4 месеци. Од тие причини оценивме, Заради рационалноста дека би било подобро да се оди

кон побрзо донесување на новиот устав и основните закони во Републиката и во таа смисла надлежностите кои што ги има една Влада. Меѓутоа, и Парламентот наш се наоѓа пред големо искушение. Тој добил материјали кои ги подготвил стариот Извршен совет, поминале на комисиите и ваше е сега да одлучите за нивната судбина. Ние застанавме на гледиштето само некои основни системски закони како што е Законот за даноците каде не може да се прекина ниската на работењето, да биде предмет на прифаќање од Собранието. Ваше е да оцените опортуност. Ние во Владата заседовме јасен став ние не сакаме понатаму да се впуштаме во крпеници на стариот устав и на старите закони. Ние сакаме нов устав и нови закони со јасна визија, јасни ангажмани на Владата и општеството.

Вие тука се среќавате дека има разни предлози за именување на конкретни комисии и разрешување на директори, поставување на директори. Оваа Влада тоа не го гледала. И ние не можеме да сносиме одговорност за тие институции во кои утре ќе бидат назначени кадровски, затоа што во тој кадровски ансамбал ние не сме учествувале. Тоа се работи по стариот устав и по старите закони. Навистина е тешко како денес ќе се одлуки Парламентот овој омнибус да го апсолвира. Ставени сте пред големи искушенија затоа што некои материјали кои што се доставени, бараат потрезвена анализа, да речеме раздружување некои републики бараат. Тоа се добива тука сега на седница. Тоа е голем политички проблем. Треба да се консултира Уставот што тоа значи. Тоа се проблеми кои што бараат темелен пресврт во нашата иднина. Значи Владата не е спремна да влегува во дискусии по овие проблеми.

Ние ќе ве слушаме вас, ќе видиме што ќе одлучите, нормално за овој преоден период од 3-4 месеци во колку вие одлучите, ние тоа ќе со проведеме, али ние енергично работиме на новата законска материја и така беше договорот со претседателот на Парламентот, наскоро да ви доставиме наша програма и нашиот ред по кој што ние ќе бидеме обврзни да работиме и тоа ќе биде нормалниот процес на работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние моравме прво да го чуеме мислењето на Владата, бидејќи проектите, без оглед на околностите во кои се дадени проектите на законите, тие се проекти на Владата и сега е во ред, тоа е мислење на Владата да можат да останат, а можат и да се симнат како ќе се најде за целисходно овде.

Сега бараше збор господин Пановски и би било ред да ги чуеме прво тие пратеници што бараат збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Би сакал најпрвин во името на парламентарната група на ВМРО ДПМНЕ да изразам протест поради тоа што нашите иницијативи за свикување итни седници на Собранието, потпишани, првата со шеснаесет пратеници, од 13.III.1991 година и втората со дваесет и пет пратеници од 25.III.1991 година, кои беа уредно доставени до претседателот на Парламентот а за што не добивме ниту одговор ниту беа разгледани.

Исто така протестирам од името на парламентарната група на ВМРО ДПМНЕ поради што на последната работна седница на Пламенет надвор од Деловникот за работа претседателот на Парламентот им даде збор на господинот Ристо Дамјановски минат и сегашен министер за ' народна одбрана и господинот Тито Беличане тогашен потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Исто така изразувам надеж дека во иднина Собранието ќе работи според постоечкиот деловник за работа и само врз таа основа.

Воедно пред да ги дадам моите предлози за дополнување на дневниот ред, ги донесов овој куп материјали овде што 'сме ги добиле за денешнава седница. Протестираме како пратеничка група поради тоа што Собранието по втор пат од своето основање прави четириесет дневна пауза во својата работа и доаѓаме во ситуација сега да се изјаснување по еден огромен куп материјали кој не е воопшто наивен. Ќе дадам само еден пример. Од предлог за донесување на законот за изменување и дополнување на законот за ОНО со предлог на законот. Тој е многу карактеристичен пример. Во третиот дел вели:

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој закон сега не е на дневен ред. По него ќе дискутираме кога ќе биде на дневен ред.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Добро.

Ме интересира зошто имаше една пауза при изборот на Влада од 40 дена, од несвикување на Парламентот. Исто така и сега се повторува таа пауза, а знаеме дека во оваа пауза се случија многу карактеристични работи во Југославија, дека бевме на работ на прогласување на вонредна состојба, после прогласување на демонстрациите од 9 март а во Белград и уште една ќе повторам ние како парламентарна група најенергично протестираме против ваквото работење на Парламентот.

Сега би ги дал моите предлози за дополнување на дневниот ред со следните две точки.

1. Бидејќи не бев задоволен од моето прашање што го добив како одговор од тогашниот потпретседател на Извршниот совет,Тито Беличанец, а во врска со состојбите во Републичкиот завод за судско вештачење и именувањето на директорот Атанас Мечев во тој Завод, бидејќи под мое длабоко уверување беа прекршени сите закони и законски норми со тоа именување, а за што бевме сведоци сите ние пратеници во Собранието, па предлагам таа точка да биде ставена на дневен ред.

2. Барам да биде ставена точка на дневен ред во врска со иницијативата за расправа и поднесување на закон од страна на Владата за престанок на законот кој си го донесе старата Влада и старото Собрание односно за личните доходи на функционерите на кој што им истекна мандатот и имаат право, тој закон што сами си го донесоа една година после престанокот на мандатот да си земаат лични доходи. Оваа иницијатива до колку биде ставена на дневен ред ќе дадам поопширно образложение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би дал неколку појаснувања околу протестите што ги вложи господинот Пановски во име на парламентарната група.

Се работи за два нивни предлози до мене доставени писмено за свикување на итни седници. Тие два предлози кога се доставуваат до мене по обичај даваат и во јавноста да може да се види и во печатот дека такви иницијативи се дадени. Според тоа не се работи само за работата на Собранието туку и за еден ефект во јавноста, што е во ред, немаме ништо против. Меѓутоа изгледа не поучува оваа практика кога ние одговараме на тие дописи и барања треба и нашите дописи односно писма што ги упатуваме исто така да ги објавуваме, да/нема недоумици и недоразбирања во јавност. На двата предлога е одговорено. Со едниот предлог се бараше итно свикување седница за извршените подготовки околу спроведувањето на пописот на населението на СРМ, за потребата од донесување одлука според која единствено Собранието на СРМ би било надлежно за прогласување на вонредна состојба во Републиката. Значи се бараат тие две работи.

Ние одговоривме дека, по однос на барањето за расправа околу подготовките за спроведување на пописот во овој момент нема услови за нејзино остварување од причина што активностите околу спроведувањето на пописот кои се во тек, ги врши Републичка организација надлежна за работите во областа на статистиката која во согласност со законот за пописот на населението домаќинствата становите и земјоделските стопанства во 1991 година, ја координира и организира работата при извршувањето на пописот и на Собранието на СРМ му поднесува извештај за реализација на обврските од пописот. Од тука расправа за извршените подготовки за спроведувањето на пописот ќе се води после спроведувањето на истиот, а во рамките на расправата по извештајот на

Републичкиот завод за статистика.

Ние не можевме да вршиме расправа повторно за тоа како да се организира пописот затоа што ние таква расправа вршевме овде кога законот за пописот се донесуваше само две недели пред оваа иницијатива, а друго предлогот не беше сведен. Ако имале нови сознание пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да даде и материјал во кој се обработени новите сознанија. Од таму расправата само како желба за расправа без да се образложи потребата со нови сознанија содржани во материјалот кој ние можеме да го доставиме, а имајќи во вид да пред тоа десетина дена сме имале таква расправа, а немаме основа за нова расправа бидејќи не е завршен пописот, немаме извештај од стручна организација по закон ги работи тие работи јас не можев да закажам седница на такво барање.

Околу барањето во врска со потребата за донесување одлука според која единствено Собранието на СРМ е надлежно за прогласување на вонредна состојба во Републиката, ве известив дека Собранието на СРМ ќе расправа на седницата закажана на 16 април 1991 година во рамките на првата и втората точка од предложениот дневен ред, односно по предлогот за пристапување кон измена на Уставот на СРМ и нацртот на амандманот 82 на Уставот на СРМ што сега го правиме.

Исто така во предлогот не беше доставен предлог на одлука а консултацијата со правниците покажа дека тоа прашање не може да се решава со одлука. Оттаму со такви иницијативи, ако директно ги донесовме на седница, на седницата не ќе знаевме точно како да постапиме. Таа постапка веќе е завршена, амандманот е овде на дневен ред и ние ако сакаме да имаме седници тие треба да ни бидат уредни, подготвени и осмислени а не и натаму да работиме со некои брзања.

Друго барање имавме од Тодор Петров. Јас до него испратив допис и тој не протестираше зошто не сме свикале седница.

Тоа се причините зошто итна седница не свикуваме. Ве молам и натаму можеме да дискутираме за овие работи, јас се согласувам, меѓутоа бидејќи седниците се и скапа работа, а особено ако нив ги држиме и без материјал, носи опасност од големи импровизации и непотребни конфронтации а без одлука, а ова сепак е тело кое треба да работи. Затоа и натаму ќе свикуваме седница кога во согласност со Деловникот се исполнети сите услови , кога постои и материја и кога тој материјал и навреме е доставен.

Од друга страна зошто 40 дена немаме седница. Ние немаме свикано седница 40 дена затоа што само 4 дена пред изборот на новата влада на нас ни е доставен целиот овој пакет на мерки од старата Влада.

Основен политички и цивилизациски долг према новата Влада на ова Собрание беше да и се обрати на Владата и да ја праша дали таа чувствува потреба сите тие проекти, сите тие материјали уште еднаш да ги погледне и да искаже свое видување на тие проблеми и решенија, или таа така е спремна во целост да ги брани проектите што ги испратила старата влада. Тоа беше прашање на коректност и на политичка мудрост дали ние таа Влада ќе ја турнеме да брани туѓи проекти. Оттаму кога и го поставивме тоа прашање на Владата веднаш не извести дека и сами дошле до тоа сознание дека имаат потреба да ги погледнат сите проекти и молат ниеден од нив да не се стави во постапка пред но што од Владата добиеме мислење по него или нова преработена верзија. Така ние и постапивме, Затоа беше овој период кој вие сега го спомнувате како долг. Секоја друга постапка ќе беше политички некоректна спрема Владата и ќе ја доведев ме Владата во ситуација да работи и, извинете, да брани интереси кои не се нејзини становишта видувања и предлози. Јас мислам и е

парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ немара таква намера и дека тоа е најобично недоразбирање и затоа мислам дека на овој начин треба и да се разјасниме.

Што се однесува до тоа дека имало и други настани, да кажам дека во секои 20, 10, 15 и 2 дена ќе има постојано настани но седницата на Собранието ќе се свикува во согласност со деловникот и во согласност со предлозите што ги имаме од надлежните органи кои се квалификувани предлагачи во согласност со уставот законот и деловникот. Еве тоа е моето објаснување.

**МИХАИЛ ПАНОВ:**

Најпрвин само да кажам дека овие ефекти во јавноста на нас како партија воопшто не ни се потребни.

Во врска со Владата и законите се што кажавте го поддржувам и воопшто не беше цел за свикување на седница за законите што треба да се донесуваат односно да добијат заминување од новата Влада. Нашата цел беше, за свикување на итните седници јасните индикации дека во одредени подрачја, делови на Македонија ќе дојде до бојкот на пописот и со таа цел баравме во последен момент, сите знаеме дека попис се врши еднаш во 10 години, треба да се состанеме и да донесеме конкретни одлуки и заложби за да не дојде до бојкот на пописот.

Исто така нашата пратеничка група во своите барања се залагаше за формирање на пратенички групи кои ќе го следат пописот во оние средини каде што составот на населението е мешан.

Поконкретно за одлуката за прогласување на вонредна состојба, зошто баравме седница, ние како пратеничка група воопшто не се согласуваме, тоа што испадна предлогот тоа да оди како амандман на Уставот на СРМ од причини што како амандман таа процедура доста

подолга и  баравме а ќе бараме и на денешната седница, таа одлука за прогласување на вонредна состојба во Македонија да биде донесена како декларација или како акт на овој Парламент, бидејќи процедурата како амандман може да си тече а од причини што додека трае процедурата за прогласување на амандманот на уставот која верува ќе биде сигурно два три месеци оддолжена, може да се случи, сите знаеме каква е ситуацијата денес во Југославија, па ако не донесеме таков акт утре може многу лесно да ни се прогласи вонредна состојба во Македонија и никој никому да не одговара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас уште еднаш сака да објаснам. Ние овде дискутиравме за проблемите на пописот кога го донесувавме законот. Опасност од политизација на пописот постоеше, постои и дел од тоа е и направено Пописот е најчист кога го вршат врз основа на закон донесен, како што им е направивме токму на време овде, надлежни стручни државни органи кои не се непосредно органи на Владата или на оваа или онаа партија и нивно влијание. Оттаму сигурноста пописот да биде прифатен и без проблеми да биде важечки од страна на надлежните југословенски органи, а притоа и од страна на надлежните служби на ОН бараат во време и околу одржувањето на пописот да нема особени политички манифестации и држење седници кои значат некоја форма односно можат да бидат толкувани како некоја форма на притисок. Оттаму Парламентот нема некој други надлежности околу пописот, освен да се донесе закон. Законот го донесе Парламентот. Немаше никаква друга надлежност. Тоа што треба да се формираат групи, групата, еве сега е предлог овде да се формира. Комисијата за избори и именувања го состави предлогот и таа група може да ги испита сите околности како се вршеле подготовките, како е изведен пописот и како ќе се врши обработката. Тоа е група на Парламентот. Таа не може да се вплеткува во организациониот тек на работата на попишувачите итн.

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Оттаму морам да кажам дека писмото кое го упатив, а го упатив на 6 април 1991 година ни еден сигнал не ми дојде од Пратеничката група ВМРО дека има некое незадоволство. Никој ништо не одговорил. Кога велам, бидејќи тоа е делимично наменето на јавноста, тоа е само заради тоа што таква е праксата. Тоа се гледа и од ова. Господинот Пановски можеше веднаш на 6 април да дојде кај мене и да ми каже кој се неговите причини и аргументи дека треба навистина треба да држиме итна седница. Тој чека седница овде, па на телевизија тоа да го каже. Негово право е, меѓутоа, станува збор за факти кои се, точно.

Господо, јас апелирам кон вас, работно да се ориентираме. Да седнеме да работиме, да си ги извршуваме задачите што ни се дадени сега.

Има збор господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Дами и господо,

Мислам дека не се разбираме. Писмо како што тврди претседателот на Собранието нашето Пратеничка група нема добиено. Дали е некаде залутано во ходниците или во некои служби незнам.

Да ја прашам Владата дали овие сите закони што треба денес да ги разгледаме ги разгледала Владата и дали се согласила денес да бидат на седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали може да поминеме на работа.

Има збор господинот Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Бидејќи не се работи по Деловникот, затоа сум слободен сега да кажам неколку збора во врска со записниците....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, па ги усвоивме записниците.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Да, ги усвоивме до 6-тата седница, не усвоивме до 10-тата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

До 10-тата седница ќе ги доставиме овде. Ќе ги поделиме записниците и ќе ви дадеме збор тогаш.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Јас сакам да го кажам ова, ве молам послушајте ме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дајте ги на Службите тие забелешки. Ќе влезат во записник и ќе се исправи ако не сте нешто задоволни.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Ве молам, ова е на Собранието како забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте така да работиме. Ако сум претседател, дајте ми да јас водам седницата. За што барате збор?

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Требаше за 10-тата седница усвојување на записник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, не се готови тие записници, не се доставени.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Според Деловникот треба 8 дена порано да ги добиеме записниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ги добиете записниците.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Кога ќе ги добиеме?

**СТОЈАН АНДОВ:**

8 дена пред наредната седница.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Значи, не ми давате да зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, не се тука записниците, како ќе зборувате.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Значи, не работиме правно. 8 дена порано треба да дојдат записниците и ние сега да дадеме забелешки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за оние записници што ги усвоивме немојте за нив да зборувате, бидејќи за тоа имавте време. Ве прашав дали сакате да зборувате.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Не беше времето тогаш, сега е времето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е времето сега, разговараме за друго сега.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ**:

Не, не, не, точно е сега. Дозволете, па ако згрешам јас одговарам.

Според член 152 од Деловникот на Собранието....

(Реагирања на пратениците)

На Македонија во смисла на член 1 од Привремениот деловник што го донесе ова Собрание се применува записникот од седницата на Собранието да им се испраќа на сите пратеници најдоцна 8 дена пред денот на одржување на наредната седница.

Според член 114 од Привремениот деловник пратениците имаат право да стават забелешки на записникот од претходната седница, пред да се утврди дневниот ред на наредната седница.

Ние веќе одржуваме 11-та седница на Собранието во овој состав и записник од претходните седници не ни е доставен. Сега мислам јасно е, на усвојување на пропишаниот начин. Таков исклучок по деловниците по кои работиме не е предвиден што значи работиме спротивно нас правилата пропишани со деловниците. Затоа барам повеќе во иднина да не се одржи ниту една седница на Собранието ако од надлежните служби и органи не се изготви и на време достави до пратениците записник од претходната седница. за денешната седница предлагам да се одржи под услов да во иднина на време ни се доставуваат записниците на усвојување. Во прилог на тоа би кажал уште нешто.

Имаме претседател, секретар, зам. секретар, 4 потпретседатели на Собранието и досега записници не ни се даваат на 'време. Затоа, сум слободен во овој момент да го кажам тоа. Не го" кажав после, затоа што рековте вие записник за б седница, а требаше записник за 10-тата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега јас незнам за што зборуваме. Сега, секој што му останало некажано било кога сака да си каже. Нема смисла така да работиме. Држете се за прашањата што се покренати во врска со дневниот ред, ве молам.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, почитувани гости.

Пред се, на македонската Влада и посакувам пред се лична среќа и успех во извршувањето на обврските....

(Реагирање на пратениците)

Бараме, исто така од Македонската влада односно од претседателот на Собранието како точка на дневен ред да се постави денешната посета на господин Милошевиќ на Грција и посетата на Мицотакис во соседните земји, со образложение Владата на Македонија за време на паузата да се состане, да подготви една информација и ни ја достави и да расправаме по истата.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во врска со дневниот ред би сакал да го кажам следното, после искажувањето на претседателот на Македонската влада.

Денес, имавме забелешка дека имаме 60 точки на дневен ред, или приближно толку. Имавме забелешки дека неажурно се поставуваат некои прашања и слично на тоа. Имавме објаснување од претседателот на Парламентот дека мноштвото од овие закони се предложени од ИС, како најдолго се викаше. Тоа нас ни е познато дека беа предложени и ни беа поделени уште тогаш и дека во меѓувреме избравме нова Влада дека беше логично да се вратат тие закони да ги провери Владата во зависност од нејзиниот концепт, валидноста и сл. на тоа. Врз основа на тоа имавме образложение дека рокот од 40-тина дена од една до друга седница покрај

другото е и поради тоа, а и поради многу други причини, за кои што зборуваше претседателот дека треба да се подготват темелно и сл. на тоа, а веројатно и заради тоа што многу средства не чини одржувањето на една седница на Парламентот, па доколку не е рационална таа седница парите потрошени за една седница навистина тешко се правдаат.

Во врска со тие закони ние добивме објаснување од претседателот на Македонската влада дека се тоа рецидиви на стариот систем, дека е тоа хипотека за која што Владата, според искажувањата на претседателот мисли дека Парламентот сака да ги усвои, не сака да ги усвои, каков заклучок извлеков од искажувањето. Јас мислам лично дека Парламентот без дециден став на Владата на Македонија не треба да расправа за тие закони заради тоа што хипотеката е јасна. Таа се однесува на сите нас, независно кои ја создавал и како ја создавал. Ние сме исправени во период кога мора да наоѓаме решенија за она што не сме го направиле добро, или некои не го направиле добро во минатиот состав. Според тоа, нас ни треба јасен одговор дали овие предложени закони, според мислењето на Владата ќе ја поправат положбата во сферите за кои се однесуваат, потребни ни се како преодни решенија до конечното решение, до конечниот концепт на Владата што ќе го понуди за обликување на новиот економски и политички систем? Ќе ја влошат ли состојбата во односите сфери или може и без овие закони да се одвива економскиот, општествениот живот во Републиката, без поголеми последици отколку кога би ги немало овие закони до она што Владата конечно ќе го предложи? Мислам дека таков одговор ќе ни треба

денеска од Владата или ако тој одговор Владата се уште го нема заради мноштвото закони кои што беа понудени од минатиот состав заради краткиот период од кога Владата стапи на должност, заради целокупната сериозност на состојбата што ја имаме па ќе треба уште некој ден да ги погледа тие закони? Јас предлагам тоа са се даде. Без таков појасен одговор од Владата мислам дека одговорноста на пратениците не може да се префрли од типот ако ви требаат усвоите ако не ви требаат немојте да ги усвојувате.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Јас реков, кога станува збор за крпеници и кави ќе има. Меѓутоа, да бидеме рационални. Ние дојдовме до сознание дека тие материјали што беа изработени од ИС по својата суштина значат крпеница на старите закони или стариот Устав. Тие радикално не јас менуваат состојбата. Некои од нив бараат протек, некои континуитет од системска природа. Другите се чисто формални крпеници. Ние бевме во искушение дали да ја мобилизираме Владата 3 до 6 месеци да ги чита законите и предложените формални измени и да ни ги врзе рацете за работа за иднината или да го направиме следното.

Некои закони веднаш ги повлековме и не доаѓа предвид да бидат предмет на расправа кај вас. Со тоа ставивме на знаење и на Собранието дека нас не интересира изведување на новата законска основа и новиот Устав. Други закони што тука се предлагаат малку или повеќе се од формална природа. Тие не ја менуваат суштината на работењето. Ако мене лично ме прашате, можеме и без нив можеме и со нив. Ние рековме на

некои од нив да се даде протек, затоа што тие не ја менуваат состојбата, меѓутоа, кога дотакнавме до законот за народна одбрана рековме дека мора да отпадне, тоа е точка 17. Исто така, точката 13 Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ ние не сме така гледале. Тоа е се работа од ИС. Значи, станува збор за некои закони што се предлагаат кои во суштина не го менуваат квалитетот на работата. Повеќе имаат формалности. Она што беше суштествено ние го ставивме во кош, а вие ќе имате прилика тоа да го добиете во нова верзија, ново видување врз база на нови законитости. За некои работи тука се поставува прашање, како нас пример, Нацрт-законот за семејството, Предлог за изменување на законот за вработување, јас сега би сакал и ресорните министри да кажат да тие проблеми би требало да ги повлечеме, затоа што Законот за семејството спаѓа во популационата политика. Тоа бара радикален пресврт во овој македонски амбиент и не се задоволуваме со крпеници на тоа.

Ве молам, бидејќи сега станува збор за некои закони кои не ја менуваат суштината и карактерот на работењето и не се во судир со новата визија која се изградува врз основа на новото законодавство и визијата на Владата може да ги апсолвирате еден дел од нив со оваа сугестија што ви ја дадов, но ние ставаме забелешка на низа овде поставувања начини на поставување, како што се разни конкурсни комисии, разни назначувања на директори и разни други работи кое Владаат не го гледала. За тоа, не може да сноси одговорност. Ако е во делокругот на Собранието, тогаш нека си ја земе таа одговорност Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само една напомена. Јас мислев дека откако ќе избереме Влада 5ќе работиме според Деловник, нормално, не со дневни инспирации, туку да ги ставиме работите како што треба. Сега пак исти дискусии за дневниот ред како порано.

Има збор господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пред да се одлучиме да поминеме на гласање по предлогот на господинот Таири, а уште повеќе не мотивира брзото отстапување, лесно предавање на Владата од овој предлог сакам да го искажам своето мислење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

Јас ја следев дискусијата на г. Таири и немам намера овде да го бранам монистичкиот систем, туку имам намера да го бранам легитимитетот на уставните амандмани што се донесуваат и нивниот легалитет.

Овде беше речено дека тие се донесени во еден систем монистички и дека не треба да се применуваат така лесно, треба да се донесат законите кои се носат врз основа на тие амандмани во една подолга процедура, а оваа процедура фактички што се предлага денеска само иззема една фаза во донесувањето на Законот, но се однесува исклучиво на формално усогласување на тие закони со Уставот односно со уставните амандмани во кои надлежностите на. општинските органи на управата кои сега немаат такви функции и собранијата кои се сега конституирани немаат таква организација да можат да ги вршат тие функции, се пренесуваат на републичките органи на управата и на определени терминолошки усогласувања со постојните закони. Според тоа, Владата и те како ќе има проблеми доколку овие закони не се променат сега и во оваа фаза. Оваа општествена аномија што трае сега може да помине во беззаконие уште не се организирани општинските собранија ниту извршните органи на општината, а републичките, ако не се изменат овие закони не можат ни формално да ги преземат сите надлежности може да се доведе во лоша состојба самата влада односно републичките органи на управата. А што значи јавната расправа по овие закони кои нудат само формално усогласување на Законот со уставните амандмани значи оцена на опортунитетот на уставните амандмани што се донесоа, бидејќи таму станува збор, само за формално усогласување околу преземањето на

надлежноста на републичките органи од страна на општинските и терминолошки усогласувања со поимите во Уставот.

Јас мислам, пред да се одлучиме, ништо не губи ниту собранијата многу добива владата и органите на управата ако овие закони се усвојат денеска онака како што се предложени, а за системските закони за кои овде стана збор Законот за семејство, за социјална заштита ние ќе утврдиме денеска дека се стават на јавна расправа ќе утврдиме рок на таа јавна расправа и како ќе се организира за да можат сите субјекти по нив да се произнесат. Мислам дека имаме интерес, а никако да го цениме само опортунитетот дали ќе сакаме или не сакаме денеска тие закони да ги донесеме.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувана господо, како да сме претплатени сите овде, а и јавноста на почетокот на нашите седници три до пет часа да расправаме за утврдување на дневниот ред. Мислам дека тоа е многу невкусно. Имаат право колегите пратеници што реагираат со купови материјали со 60 точки на дневен ред тоа не е мала работа, тука се во право, можеше да се најде некој термин дневниот ред да биде малку пократок за да се размисли по сите прашања за кои треба да се крене рака, а не само ќе се обремени претседателот на Парламентот читајќи точка по точка дигајќи рака кој за кое е онака формално напишано дека е усвоено. Јас сум за тоа понатаму нашите седници да траат помалку време со помалку материјал да бидат посодржајни.

Втора работа мислам дека е многу невкусно ако денеска слушаме и да и не како предлози од владата. Може или не може. Ова е Парламент, ова е Влада иако има мала промена, па макар во онаа социјалистичка потполно се согласувам со д. Петковски дека општините ни се парализирани. Ова не е играчка, донесување на закони макар со една

запирка заради тоа што таа запирка ја нарушува содржината на реченицата односно законот. Јас ве молам да почнеме да работиме да не се задржуваме многу.

Уште минатата година ние претставниците на партиите доаѓајќи овде на една прва средба со поранешниот претседател на Собранието Вулнет Старова, разговарајќи за новите уставни амандмани рековме дека ќе менуваме многу работи, а исто така знаевме дека ќе донесеме нов устав и за тоа ќе мора да бидеме трпеливи, ќе мора Владата да подготви се, ние се да прочитаме, да донесеме нов Устав во согласност на повеќепартискиот систем. Тие мора да направат измени, мора да бидеме трпеливи, точни и прецизни.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Изгледа дека парламентарниот систем и демократијата за нас се тешки работи. Ние таа демократија и тој парламентаризам го сфативме како голем хаос, безредие, недисциплина, човек кога ќе:погледа како работи светот и како работат стари парламентарни системи па и оној од 700 години во Англија, па и помладите во Франција, Германија, Италија, секаде претседателот на Парламентот е уважувана неприкосновена личност кој составува дневни редови, кој дава збор, одзема збор, спрема кој сите се однесуваат со почит затоа што ако претседателот на Републиката, на Парламентот на Владата не се уважува, тогаш немаме право да бараме некој нас да не уважува.

Дополнувањето на дневните редови се прави само во исклучителни случаеви, само кога е нешто итно да не трпи одлагање. Ние по право колку имаме точки на дневен ред стануваме и предлагаме уште толку точки да дојдат на новите дневни редови. Мислам дека треба дефинитивно да го

направиме деловникот за работење на ова Собрание и по него стриктно да се однесуваме.

Друго, ме изненадува ставот на оваа Влада, како може претседателот на Владата да стане и да каже да имала Владата шанса 40 дена да се произнесе по ред закони и прописи да допушти тие закони да дојдат на дневен ред за да овде се стане и се каже дека по такви закони од дневниот ред Владата нема заземено став, битни се, а и не се битни да се донесат. Мислам дека е несериозна работа. Сепак е ова Парламент со углед, со место каде сериозно се одлучува и ние мораме да доаѓаме со сосема чисти и јасни работи.

Второ, Владата вели дека се нема произнесено по разни директори кои се предлагаат на разни функции. Бидејќи сум член • на Комисијата за избори и именувања сите кандидати кои беа предложени потекнуваа од Комисијата за кадровски прашања која се наоѓа во состав на Владата. Незнам дали таа Комисија вршела консултации и со кого, меѓутоа, таа Комисија ги носеше тие предлози. Стекнав впечаток дека нема доволно соработка меѓу Владата и Парламентот. Се Остава впечаток дека Владата на некој начин се однесува опозиционо во однос на Парламентот. Мислам дека е крајно време сите да пристапиме кон сериозна работа оти не чекаат сериозни проблеми и ако зборуваме за нови визии на Владата мора да ги видиме тие нови визии па по нив да се произнесеме. Затоа сум овој Парламент да добие работен карактер и да им пристапиме на проблемите работно сериозно, подготвено, па ако требало не 40, туку 50 дена да сме ги одложиле седниците, но да ни биде подготвен Парламентот за успешна работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали можеме да се договориме да се изјаснуваме за предлогот на господинот Таири. Овде имаме јасен предлог.

Молам, кој бара збор?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Се покрена едно прашање кое на очигледно не треба да го окупира вниманието на Парламентот толку време, но еве се случи тоа.

Ориентацијата на Владата што ја објасни претседателот во еден дел се реализира низ практичното делување на министерствата кои со свои акти повлекоа одделен дел на закони и од Собранието и од постапката во Владата. Предлози подготвени од страна на ресорните органи во текот на последните денови од работата на претходниот состав и доставени во процедура.

Овде се поставува прашање дали уште некој од овие проекти кои се изнесени во дневниот ред на Собранието треба да се повлечат или не и во таа насока беше упатувањето на претседателот, во таа смисла и јас станав да кажам дека во дневниот ред што е печатен во "Дневниот информатор" од 16 април од ресорот на финансиите се точките 6,7,23,24,26 и 33, сите овие материјали освен точката 24 се поминати и низ расправата на новата влада.

Во врска со точката 24 сметам дека треба да остане на дневен ред, бидејќи во основа и овој, како и другите закони што имаат карактер на усогласување со уставните амандмани претставуваат исклучиво усогласување што значи да не се запре процесот и да не се создадат вакуми во одредени прописи .во Републиката за да може нормално да се

работи додека не се утврди новиот устав или додека не се донесат нови закони кои ја регулираат целокупната материја. Во таа смисла Владата го повлече Законот за внатрешни работи, Законот за здравството, Законот за добивката и уште некои проекти кои сега не можам да ги цитирам и тие се дадени во нова обработка со нови насоки од страна на Владата. Други проекти што се останати овде, јас ги молам колегите ако тие сметаат дека треба нешто да се повлече да го предложи тоа, ако не треба да останат и да се расправа по нив на оваа седница.

Во врска со вториот дел кој се однесуваше на сугестијата што ја даде претседателот околу кадровските решенија, сами да објаснам смислата беше дека постапката за регулирање на тоа прашање е надмината и мора да се усогласи, а ова што е во тек, бидејќи базира на прописите од кои извира таа мора да тече, а Владата има во задача и тоа го презема во соодветните акти каде е пропишана таква процедура Собранието да одлучува по некои решенија а согласно со уставните амандмани и надлежноста на Владата тие ќе преминат во надлежност на комисиите на Владата или> на самата Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може да се договориме точно да предлагаме која точка од дневниот ред да отпадне а која да отпадне. Треба да го утврдиме дневниот ред.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас побарав збор веднаш по искажувањето на претседателот на Владата, бидејќи претседателот го потврди она што го изнесе во претходното искажување и јас немам ништо против таквото мислење

состојбата е доста сложена, системот во преодната фаза не може туку така лесно да се одржува до оној нов систем, но имајќи го предвид повторното искажување на претседателот на Владата, имајќи го предвид и ова што г. Тошевски го кажа, јас предлагам пауза од половина час или час или 15 минути Владата да се состане на брзина и врз основа на мислењето на сите ресорни министри да излезат со предлог кој точки од дневниот ред сега предлагаат да се симнат, а се од овој аспект за кој говоревме денеска и за кој говореше претседателот. Мислам дека е тоа најдоброто и така ќе го олесниме дневниот ред и така ќе знаеме зад кои предлози стои Владата јасно денеска на оваа седница зад кои ќе стои утре затоа што почитувани пратеници има закони и прописи кои ќе бараат да бидат донесени од пратениците и ние како пратеници ќе се бориме да се донесе таков и таков закон, а Владата ќе одговара треба или не треба, но има прописи за кои Владата ќе се бори да не убеди нас дека треба да бидат усвоени од овој Парламент. Мислам дека заради тоа е важно да постапиме вака на денешнава седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, само една напомена. Овие прописи што ги прочитав, што се на дневен ред сите се со допис од Владата како нивен предлог Во работата наработените тела учествуваат квалификувани претставници и повереници на Владата и учествуваа во работата. Ни во еден момент кога побарале да се повлече актот или 'да се резервира не е поинаку постапено, туку така како што тие барале. Ако им треба пауза повторно сега да гледаат, тие гледале 40 дена, да простите, зошто сега така, немојте.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани дами и господа, ја поздравувам дискусијата на претходниот дискутант Петар Гошев и сакам само со два збора многу кратко да истакнам дека тука нема виновен, никој не е виновен, се работи за едно време на кршење на стариот систем, воведување нов и воведуваше, што е важно едно со друго врзано воведување на нов стил на работа. Флексибилиетот во работата треба да биде наш плус а не наш минус. Ако се држиме за старите форми нема да стигнеме многу далеку. Суштината за мене е ова. Старите затечени иницијативи, работи на. комисии, стручни служби, тела, тоа е една тешка и јака инерција, еден неумолив тек со кој и досега сме имале голема штетач а и во последно време се повлекува една инерција, еден тек. а новите струи новите свежи идеи што ги носи Владата се од друга страна кои ќе ги кршат овие инерции. Тоа е нормално. Затоа го поздравувам овој компромис и сметам, тоа не е компромис, тоа би биле усогласени и едните и другите сили заедно впрегнати за побрзо и подобро да ни оди работата напред што е многу важно за сите нас.

Значи, го поддржувам предлогот 15 минути пауза, прочешлување уште еднаш на точките од дневниот ред, сме правеле и досега не сме гледале, сме правеле прекршоци на деловникот и досега, а ова ќе биде едно конструктивно прекршување и уште еднаш предлог на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам на овој предлог. ако сакате пауза еве да одиме на пауза од 30 минути.

(Седницата прекина со работа во 11Н5 часот.).

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Дадовме пауза Владата да може уште еднаш да го потврди ставот, околу проектите кој ги дава овде на дневен ред околу денешната седница.

**БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:**

Господа пратеници, почитувано претседателство, Владата на своето кратко заседание по паузата донесе заклучок, сепак, во овој случај да се зачува веќе предложениот дневен ред, да се разгледаат предложените закони и материјали и на таков начин да му овозможи на Парламентот нормална работа во овој процедурален дел. И би молеле околу ова прашање можеби и дискусијата да биде завршена.

Што се однесува до предлогот што беше веќе даден овде а се однесува околу Општинската самоуправа и тан. околу регулирањето на управата во општините, тоа е прашање што исто така треба да дојде на дневен ред, бидејќи е едно усогласување со постојните амандмани и без него би настанале правни тешкотии, што потоа ќе имаат непожелни последици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, Владата останува -на ставот Предлогот на г-дин Таири не се прифати.

**ТАИРИ:**

Дами и господа, во низа од предложените закони кои се повикуваат на Уставниот амандман, како што нагласив и порано, не се во согласност со соодветниот амандман во општините. Наше убедување е дека предлагачот

на соодветните закони по нивното концептирање не се ослонуваат на словото на Уставот, туку дека повеќе ја спроведуваат концепцијата содржана во Одлуката за локалната самоуправа, што поранешниот извршен совет ја донесе на 8 јануари оваа година. Таа одлука освен во областа на одбраната и внатрешните работи, во областа на финансиите, урбанизмот и некои други области, кои што ги засега, не се во согласност со соодветниот уставен амандман. Со таа одлука како со предложените измени на законите што денеска нис е на дневен ред, сето подрачје на Републиката во неколкуте области во општествено економскиот и политичкиот живот се претворува во една општина. Тоа нешто може да има за последица блокирање на демократските процеси во Републиката, особено во узурпирањето на демократските права на граѓаните во своите локални заедници да ги регулираат и остваруваат своите потреби и интереси.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Таири, дали останувате на предлогот тие точки во постапка со уште една фаза.

**ТАИРИ:**

Останувам на тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку образложението што го давате можете да го дадете после во претресот во секој закон. Молам, дали некој во врска со предлогот на г-динот Таири бара некој збор? (никој не бара збор) Тогаш го ставам на

гласање предлогот на г-дин Таири кој значи следното: По точката 8 до точката 17 заклучно, предлозите за донесување на закон со предлози на закон да се симнат денес од дневен ред и да одат во таква постапка што ќе се утврди денес само за донесување на закон. Така ли е другар Таири? Вие предлагате само да се усвои само предлогот на закон, потоа да одиме по уште една фаза на нацрт итн.

Дали овој предлог се прифаќа, или Предлогот на Владата кој е основен сега и Предлогот на законот по сите овие точки да се утврди и донесе. .

Молам, кој е за предлогот на г-динот на Таири да крене рака. (14 се за).

Кој е против предлогот на г-дин Таири? (70 гласа против) .

Дали некој се воздржува од гласање?„ (5 се воздржани) .

Очигледно некој не гласал, меѓутоа, со убедливо мнозинство Предлогот не е прифатен.

Дали има некој друг предлог за конкретни измени на дневниот ред.

Г-дин Пановски предложи да се дадат 2 предлога. Еден е да се уврсти иницијативата за донесување на закон за измена на Законот за личните доходи на поранешните функционери. Предлагам да донесеме заклучок оваа иницијатива да се упати до Владата да не ја уврстуваме во дневниот ред, Владата да ја проучи и да го извести Собранието.

Втората иницијатива е да се стави на дневен ред разгледувањето на проблемот на избор на директор на Републичкиот завод за вештачење. Предлагам и овој предлог да го упатиме до Владата да го проучи и да го извести Собранието.

Дали се согласувате со тоа? (Се согласуваат)•

Според тоа , нема предлог за дополнување на дневниот ред. Ако нема друг предлог, тогаш само предлогот на г-динот Јовчевски да го уврстиме овде, како точка на дневен ред да ја разгледуваме проблематиката за посетата на г-динот Милошевиќ, претседател на Република Србија за неговата посета на Република Грција. Предлагам оваа точка да не ја уврстиме во дневниот ред, туку Владата да ги следи сите настани и резултатите од таа посета и на одреден начин да го извести Собранието. Гледам г-дин Јовчевски се согласува.

Дали има друг предлог за измена и дополнување на дневниот ред?

**ОДОР ПЕТРОВ**

Уважувајќи ги сите пратеници присутни на седницата и Претседателството, барам исто така како независен пратеник да бидам почитуван и она што го извршувам како пратеник во според деловничкото овластување да биде респектирано. Имено според член 98 пишува. Став 2 во Предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата му ги доставуваат работните тела на Собранието како и делегатите.

Почитувајќи го овој став од член 98, да не ги малтретирам буквално пратениците на почетокот на седницата и да ја оптоварувам со дополнување на дневниот ред и расправа само поп дневниот ред без да преминеме на конкретна расправа, предложив измена и дополнување на дневниот ред, или точки кои треба да се расправа овде  бидејќи се плашам кога ќе биде свикана наредна седница, заради тоа што практиката на тоа не проучува, предлозите кои ги доставив во редовна процедура до пратениците на Собранието ќе ги прочитам и на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте. Дајте што предлагате. Тоа е упатено до Владата. Сите ваши предлози создадени до Владата, Владата ќе ги обработи, ќе даде мислење и ќе бидат пуштени во постапка.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Е па не се. Заради тоа што не се, ќе кажам зошто не се и кои не се од оваа излагање на претседателот. На последната седница предложив овие се барања кога требаше да се свика итна вонредна седница со известување на претседателот. Не се свика, од неколку причини и образложенија кои што ги дал во писменото обраќање. . Меѓутоа, актуленсота на точките не ги одлага за да не бидат ставени на дневен ред на наредната седница која доаѓа за работа на Собраните. Јас повторно ќе ги предлоаам овие. Имено, поеле точката 5 од дневниот ред предлагам следниве точкид а се стават, бидејќи добив известување од последната седница од претседателот, меѓутоа немаме конкретен резултат. Прво, разгледување на актуелната политичко безбедносна состојба во земјата со Информација од членот на Претседателството на Југославија од Македонија и претседателот на Македонија. Добивме информација на последната седница дека кога беа настаните во Белград од претседателот Андов, треба да сочекаме Собранието на Србија што ќе одлучи и претседателството на Југославија, која отпосле ќе расправаме. Ги сочекавме, следеа уште многу актуелни настани во Југославија, ние повторно точката на дневен ред не ја ставивме, со образложение дека нема материјали. Па зарем јас како пратеник, или било кој до нас како пратеник треба да изготвува материјали? Пред се, немаме стручни служби да го направи тоа. А и кога имаше конкретни

предлози од некои пратеници, образложението беше, па да даде мислење надлежната стручна служба да изготви сеопфатен предлог. токму заради тоа останувам на оваа точка од дневниот ред.

Понатаму, разгледување на состојбите во меѓунационалните односи и нивното влијание врз безбедносната состојба во Републиката Образложението го изнесувам заради тоа што го користам член 99 кој вели дека секој делегат може на седница да предложи на таа седница да се стави на дневен ред определено прашање, но е должен да ја образложи итноста на тој предлог. За разгледувањето на состојбите на меѓунационалните односи и нивното влијание врз безбедносната состојба во републиката добив материјал од стариот извршен совет воопшто како да го заборавивме материјалот. Цела Република очекуваше расправа од овој Парламент , меѓутоа, вооj Парламент се оглуши во однос на тој материјал. И друго, што е уште посмешно, јас верувам дека владата треба да го респектира дигнитетот на пратениците. Не може некој мене или било кој пратеник да не доведува во ситуација за она што Владата повлекува на одредена процедура во Собранието да се запознаеме од дневниот печат. Нека не извести овие закони се повлекуваат од процедура , се очекуваат нови материјали, ако ништо друго џабе да не читаме по двапати различни содржини за иста проблематика. Трето, информација за протерувањето на вице конзулот на СФРЈ од Конзулатот во Солун Грција, изјавата на Владата во Атина по повод таа мерка. Претседателот Андов на последната седница даде образложение дека ќе добиеме писмена информација од Владата, ние таа информација не е добивме.

Четврто, Информација за спроведувањето на пописот на домаќинствата, населението и земјоделските стопанства кои од 1991 година,

Петто, Информација за изјавите и соопштенијата на партиите ПДП и НДП за актуелните настани во републиката и остварувањата на правата на албанското национално малцинство во Републиката.

Шесто, разгледувањето на прашањата за проблемите и состојбите во Аграрот. Ако Парламентот не ги прифаќа заради итноста на ситуацијата во дневниот ред, барам ако ништо друго, барем заради уважување на пратеникот, на било кој пратеник, бидејќи сите ние имам едно достоинство овде. Да се определи рокот. Оваа точка нема да ја разгледуваме сега. Ќе ја разгледаме во рок од 10 дена и се задолжува Владата и надлежното работно тело да изготват материјал а не вака чекаме со месеци седници не знаеме кога ќе се свика, актуелноста на точките одминува, после 2 месеца можеби нема да седиме во овој Парламент, кој знае што може дасе случи, како што се одвиваат настаните во Југославија. Затоа предлагам ако Парламентот овие точки не ги усвои, а јас инисистирам да утврди рок кога ќе бидат ставени на дневен ред. И друго, на крајот барам Парламентот да утврди во почетокот начин како ќе работи овој Парламент. Барем да почекавме 200 300 точки да се соберат, па тогаш да заседава. Вака Парламентот не може да работи. Прво материјалите не можат да се/.средата, стручните служби во текот на седницата ни носат еден куп материјали. Ако е целта дека сме дојдени овде само да гласаме, тогаш нема потреба ни да гласаме. Да кажеме дека се сме прифатиле и да им дадеме одврзани раце на оние што ни и понудиле тие материјали. Јас имам толку. И уште еден протест затоа што ја користам оваа можност,

протестирам и барам рокови заради тоа што на пратенички прашања од 21 јануари надлежните органи не ми одговорија. Ако лично некој има нешто против мене нека каже. Но јас независно кој каков однос има према мене како личност, барам Парламентот да се однесува и надлежните органи одговорно према пратеничката функција и во рокот кој што е утврден од 15 дена да им.се дадат одговори. Ако надлежното тело не е според Деловникот во можност да даде одговор во рок од 15 дена, тој е должен да побара рок кој што ќе го утврди овој Парламент. Од 21 јануари ние се допишуваме со дописи. со претседателот, дајте ми одговори, ќе ви дадеме. Јас предлагам овие точки да се стават на гласање и расправа во овој Парламент. Се извинувам што дневниот ред ни е преобемен, јас за тоа вина не сносам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувме г-дин Петров, да ги разјасниме некои работи околу тоа дигнитетот на пратеникот никогаш не е повреден, ако Парламентот некој негови предлози не ги усвојува. Парламентот има право предлозите овде да ги усвои, или да не ги усвои, а натаму дигнитетот ќе си го чува сам пратеникот со целиот свој однос и работа овде како одговорна личност на кој му е поверено од доверба од гласачите. Инаку сакам да го уверам г-динот Петров дека сите негови прашања уредно во рок се дадени до Извршниот совет, кога биле упатени до Извршниот совет и веројатно заради замена на Владата на некои прашања сега уште нема одговор, треба да бидеме и малку стрпливи, ќе ги добијат одговорите.

Што се однесува до некој до неговите предлози на дневен ред што се става, јас ќе се обидам по некој да дадам сега објаснување да одиме едно по едно. Разгледување на ситуацијата во земјата  на денешната седница не

е предложена, заради тоа што оценувавме заедно со претседателот, тоа беше негова оцена, таков настап да дојде после седницата на шесте мина во Охрид. Всушност, досега и заклучно со седницата во Охрид, настапот на претседателот на Републиката може да биде и се остварува во рамките на платформата што ова Собрание ја утврди. Според тоа, не чувствува потреба да се проширува платформата. Немаме ние за што да расправаме ако не мислиме да ја измениме платформата. Бидејќи г-динот Петров не предложи никаква измена на платформата, јас не можев да барам од претседателот да изнесе свое мислење во евентуалната измена на платформата. Во рамките на таа платформа тој уште настапува и очекуваме дека не е исцрпена таа платформа до седницата во Охрид, задутре, а инаку тој вети дека после таа седница, така е и договорот на првата седница на Собранието, или навистина по негова оценка ќе дојде барање побрзо да се состанеме и да ја разгледаме таа ситуација. Затоа предлагам овој предлог на г-динот Петров да не се прифати, од причини што ако немаме многу јасна процева за тоа што расправаме и јасна визија што сакаме да постигнеме, ако мислиме да расправаме само да се расправа, а без претходни припреми, ќе дојде Собранието во тешкотија. Предлагам да не се прифати и вториот предлог безбедносна ситуација во Републиката предлагам на Владата да и дадеме можност по тоа суштинско прашање да се произнесе врз основа на сопствените погледи. Тој материјал беше гледан и припремен од претходниот Извршен совет и барање на Владата беше да не го гледаме додека тие не дојдат до сознание релевантни за ставовите кои ќе ги изградат. Мислам дека толку почитување спрема Владата ќе мораме да имаме.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Сите други предлози, исто така, се доставени до Владата и претпоставувам дека треба на ист начин да се однесеме кон нив. Не знам дали треба да расправаме овде за протерување на конзулот од Солун. Малку треба да размислуваме и за некој опортунитет. Некои идеи на некои наши луѓе нанесоа големи штети, а никаква корист нема од нив. Наместо добро да размислиме што треба да расправаме овде и на кој начин, со подготовки, фактички ние сакаме по секоја цена и по некоја забрзана постапка да одиме овде. И тоа прашање го упативме до Владата. Владата во постапка која на неа и е примерена и како таа може да го изучи проблемот, веројатно ќе го зафати. или директно или во рамките на разгледувањето на односите на Републиката со соседите или во утврдувањето на подолгорочната политика спрема одделни земји во регионот и др. , а не и Влада и Парламент да кренеме на нозе за едно поединечно прашање. Затоа чекаме Владата да се изјасни за таа работа.

Дали предлагате друга постапка?

Ги ставам на гласаше предлозите на господин Петров.

Кој е за предлозите, молам да крене рака?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ;**

Може ли поединечно за секој предлог да се гласа?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, во пакет за сите бидејќи ги слушнавте.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

За Предлогот под број 2 јас сум да се прифати, но за предлогот број 1 не сум да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можеме ни за ова да расправаме. Како ќе расправаме сега кога немаме став на Владата. Како ќе расправаме за тоа? За кој метод на расправа се залагаме?

Затоа предлагам за се што доаѓа овде директно на седницата без материјал да гласаме , да видиме дали може да влезе во дневниот ред . Може и тој начин на работа да го имаме , ако сакате така.

Кој е за предлозите на господин Тодор Петров, молам да крене рака. (24 пратеници креваат рака)

Кој е против предлозите на Петров, односно кој е за предлогот што го дадов, тие да се упатат на Владата и да се проучат, а потоа да се расправа за нив, што значи да не се стават сега на дневен ред, молам да крене рака? (56 пратеници се за овој предлог).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници).

Бидејќи на седницата се присутни 105 пратеници, "за" предлогот што го дадов гласаа 56 пратеници, констатирам дека има мнозинство гласови и предлозите ќе ги упатиме во процедура.

За збор се јавува господин Јакимовски, но му давам збор доколку се работи за нов предлог, бидејќи овој веќе го изгласавме, за ова веќе не може да добие збор. За тоа се изјаснивте и секој можеше претходно да се јави , да гласа и се што мисли. Инаку цел ден би се занимавале само со тоа.

Дали има други предлози во врска со дневниот ред?(Нема)

Предлогот на дневниот ред. што го прочитав на почетокот како предлог го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (74 пратеници креваат рака).

Кој е против предлогот?(9 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање?(13 пратеници).

Според тоа констатирам дека дневниот ред е усвоен во оваа содржина што ја прочитав.

Предлагам делегатските прашања да бидат разгледани по исцрпувањето на дневниот ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?(75 пратеници креваат рака).

Дали има некој против?(13 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Според резултатите од гласањето пратеничките прашања ќе бидат разгледани по исцрпувањето на дневниот ред.

Преминуваме на **Првата точка** - Предлози за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Група од 31 пратеник од сите политички организации застапени во Собранието, во смисла на став 1 на точка 1 на Амандманот 79 на Уставот на СРМ поднесе предлог да се пристапи кон измена на Уставот на СРМ, заедно со Текстот на Нацртот на амандманот 82 на Уставот на СРМ.

Предлогот на групата пратеници Ви с доставен.

Доставени Ви се и мислењата и предлозите на претседателот на СР Македонија и на Владата на СР Македонија.

Исто така, доставени Ви се и извештаите на комисиите на Собранието.

Образложението по предлогот за пристапување кон измена на Уставот на СРМ и по текстот на Нацртот на амандманот 82 на Уставот на СРМ од името на групата пратеници ќе поднесе пратеникот Зоран Крстевски.

Има збор пратеникот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, пратеничката група на Сојузот на реформските сили и Младата демократска страна која го инициураше овој предлог и кој го прифатија и пратеничките групи-на другите парламентарни партии тргнуваше пред се од две работи.

Прво со оваа иницијатива да продолжи уставно правното оптемелување на определбите за сувереност на Републиката согласно Декларацијата за сувереност на СР Македонија и

Второ, да се оневозможи било чиј акт или дејствие надвор од ова Собрание да прогласува вонредни околности и примени вооружени сили и други активности со кои би се загрозил уставниот поредок на Републиката.

Прогласувањето на вонредни околности е прашање од несомнена важност со оглед на тоа што директно е поврзано со суверенитет на Македонската држава и оттука потребата Собранието со уставен амандман тоа да го реши.

Основ за овој наш предлог најдовме во ставот 1 на точка 1 на Амандманот 79 и согласно на тоа му предлагаме на Собранието да покрене постапка за усвојување на овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Предлогот за пристапуваше кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Во согласност со ставот 2 на точка 1 на Амандманот 79 на Уставот на СРМ предлагам Собранието на СРМ да ја донесе следнава одлука за усвојување за Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

1. Се усвојува предлогот на групата пратеници за / пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во "Службен весник на СРМ".

Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на СРМ е усвоен , ако за него гласаат најмалку две третини од сите пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (104 пратеници креваат рака).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека за Предлогот на одлуката гласале 104 пратеници.

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Одлуката за усвојување на Предлогот за пристапуваше кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија е усвоена, бидејќи за неа гласаа повеќе од две третини од сите пратеници во Собранието.

Група од 31 од сите политички организации застапени во Собранието, во смисла на став 1 на точка 1 на Амандман 79 на Уставот на СРМ поднесе предлог за пристапување кон измена на Уставот на СРМ, заедно со текст на Нацртот на Амандман 83 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Предлогот на групата пратеници Ви е доставен.

Доставени Ви се и мислењата и предлозите на претседателот на СР Македонија и на Владата на СР Македонија.

Исто така, доставени Ви се и извештаите на комисиите на Собранието.

Образложение по предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и по Текстот на Нацртот на Амандманот 83 на Уставот на СРМ, од името на групата пратеници ќе поднесе потпретседателот на Собранието господин Драги Арсов.

Ве известувам дека на седницата присуствува и претседателот на Социјалистичка Република Македонија Господинот Киро Глигоров.

Има збор потпретседателот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Дозволете ми во името на Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да Ве известам дека текстот на Нацрт амандманот 83 на Уставот на СРМ во основа е утврден со иницијативата што ја даде пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, која потоа се прифати како заедничка иницијатива од сите пратенички групи во овој Парламентарен дом.

Со предложената уставна промена, изразена преку текстот на Нацрт амандманот 83 од името на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и во неговите одредби се брише зборот "Социјалистичка" како идеолошка одредница на Републиката

Според тоа, нашата Република во иднина станува Република Македонија, а нејзиниот врвен правен акт Устав на Република Македонија. Во согласност со овие промени се менуваат и називите на државните органи, Претседател на Република Македонија, Собрание на Република Македонија итн.

Со овие уставни промени и симболички се напушта институцијата и обележјето на идеолошко- политичката држава, како и постојните социјалистички и еднопартиски ознаки што се анахронистички обележја на она општествено- политичко уредување кое доживеа или доживува слом не само во Македонија туку и во другите земји.

На патот кон натамошната демократизација на односите во Македонија, со овој уставен амандман ја усвојуваме терминологија и устројството на правната држава на модалитетите што не доближуваат до демократските повеќепартиски и републикански облици на државното уредување.

Ние мораме да ги прифатиме новите промени и од причина што идеолошките одредници се веќе неспоиви со современото парламентарно државно уредување што го воспоставивме по повеќепартиските избори во Македонија и воспоставувањето на власта врз тие основи, а во тие рамки и конституирањето на Македонскиот Парламент како највисоко уставотворно и законодавно собрание на Македонија.

Со уставните промени што ги предлагаме се прави голем чекор напред и кон нашата крајно уставотворна цел, изработка на новиот демократски устав на Република Македонија. На тој начин уште еднаш ќе дојде до израз волјата на Македонскиот народ и на сите граѓани што живеат со него, решително да ја продолжат започнатата преобразба на севкупниот општествено- политички и државнички живот. Сигурно дека со новиот устав на своевиден начин ќе се обликуваат демократските слободи на граѓаните и државниот суверенитет на Македонија и другите темелни одредници. Меѓутоа, и пред да се донесе новиот устав на Македонија се почувствува неопходна потреба да се извршат промените на сега важечкиот Републички Устав, со кој уште повеќе се нагласува историската опстојност и државната самобитност на Македонија. Досега такви уставни промени и дополнувања на досегашниот устав се вршеа повеќепати, но секогаш од аспект на еднопартиското извориште. Во рамките на тие промени, сепак, најзначајни беа оние со кои се овозможи спроведувањето на првите повеќепартиски избори со кои се овозможи граѓаните слободно да се определат за своите пратеници во овој Парламентарен дом.

**ДРАГИ АРСОВ**: (продолжение)

Бидејќи за донесувањето на нов устав, за неговата подготовка, јавна расправа и прогласување се потребни повеќе месеци, затоа сметаме дека е неопходно потребно веднаш да се пристапи кон утврдувањето на предложените уставни измени.

Во престојаната расправа, во која како прилог да се сфати и ова обраќаше, секако ќе има и пошироки искажувања, мислења и пред лози, во кој ќе стане збор и за другите државни симболи, што ја претставуваат Македонската држава грбот и знамето, од причините што нивниот денешен облик повеќе не одговара на општествената стварност. Ако идеологизираните елементи на симболите на Македонија голем дел од македонскиот народ повеќе не ги доживува како сови, ако илјадниците и десетина илјадниците граѓани на Македонија на јавните собири во изминатите месеци јасно и плебисцитарно рекоа какви државни симболи Македонија треба да има тогаш дали не треба да се почитува изразената волја на народот, грбот и знамето на Македонија да бидат историскиот македонски грб и историското македонско знаме. (пратениците негодуваат).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам образложете го предлогот на амандманот.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Со желба престојната јавна расправа да обезбеди научни, стручни и други пошироки основни претпоставки за донесувањето на новиот Устав на Македонија и творечко ангажирање на сите средини и поединци за предложените уставни измени, го повикувам Собранието да го утврди нацрт амандманот 83.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по предлогот за пристапување кон измена на уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Кој бара збор?

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници, јас би сакал да поставам прашање во чие име настапи другарот потпретседател на Собранието во образложението за нацрт текстот на уставните амандмани прво тоа, би сакал да ми се одговори бидејќи мислам дека тој ги пречекори овластувањата што му беа дадени, ако веќе постои некој договор да се образложува што значи оваа промена конкретно на овие два устав ни амандмани што ги нудиме пред Собранието. Колку што мене ми е познато мислам дека постапката за предлог за промена на Уставот на СРМ е во процедура и треба да потекне или од претседателот на Републиката или од Владата. Според тоа сакам објаснување пред овој скуп. И уште нешто, мислам дека не би требало да си дозволуваме да прејудицираме јавна расправа по некој одредби кој не беа предмет на денешнава расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Договорено е со господин Арсов едно образложение, објаснување во врска со овој амандман затоа што најголем број пратеници од парламентарната група на БМРО-ДПМНЕ беа потписници овде. ама имаше и потписници и од сите други парламентарни групи. Договорот е направен вчера на седницата на Уставната комисија но очигледно господин Арсов не се задржа само во рамките на она што беше договорено и заклучено во расправата на седницата на Уставната комисија» Затоа еден дел треба да се сфати од неговото излагање како негово учество во расправата, а не

сето како уводно излагање и мислеше на сите пратеници што потпишале за овој предлог. Јас ве молам така да го сфатите тоа, повеќе да не би комплицирале а да одиме во постапка на утврдување и донесување одлука за измена на Уставот оти постои опасност ако дојде до издвојување на погледите да не добиеме двотретинско мнозинство што е многу значајно . Затоа ве молам еден дел од излагањето на господин Арсов да се прими како негово учество во расправата, а не во името на сите потписници а не особено во името на Уставната комисија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Иницијативата за,бришење на "Социјалистичка" како идеолошка одредница од називот на "Социјалистичка Република Македонија" Социјалистичката партија го поддржува, меѓутоа само во рамките на образложението што е дадено во предлогот за измена. Доколку Парламентот го поддржи образложението што го даде потпретседателот ги поканувам пратениците на Социјалистичката партија да гласаат против овој предлог а исто и другите пратеници.

**ДУШКО ГОРЃИЕСКИ:**

Дами и господо, очигледно сме големи професионалци големи стручњаци кога се отвораат вакви политички теми. Сите сме познавачи на таа материја. Јас лично како пратеник овој дел од образложението што е дадено ради бришењето на одредницата не ми е јасно. Текстот што е решение даден како амандман е прифатлив, но образложението воопшто е неприфатливо. Незнам зашто манипулираме во името на луѓето во името на граѓаните. Ние мора да знаеме дека луѓето во Македонија или граѓаните се суверени граѓани, па од тука давам предлог за да не се надмудруваме овде во Парламентот пошто е изманипулирани и местото и она што самиот претседател односно во директниот случај потпретседател си зел сопствено овластување предлагам да се обезбеди соодветно толкување и образложение од текстот и таквото образложение да биде понудено на

пратениците за да можеме ние да се изјасниме за бришење на одредницата Социјалистичка Република Македонија.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господо, јас сум еден од потписниците на ова барање за бришење на одредницата Социјалистичка. Според мене, потпишав и ќе гласам денеска само заради тоа што ние влегуваме во Европа и сакаме оваа Република да биде заедно со другите Републики од Југославија и светот. Како Република знаеме што се случува со социјализмот, комунизмот итн. но ова образложение што е дадено овде иако се обиде господинот претседател малку да го оправда образложението, па дури во својство на потпретседател не би смеело да се манипулира со десетици илјади и со стотици илјади граѓани итн. Ако е со сетици и стотици илјади граѓани,незнам што ќе речат граѓаните. Мојот дел се однесува само на она што го реков, се друго изземам од образложението.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас мислам дека ние вчера на Комисијата за уставни прашања не се договоривме вака да настапи потпретседателот на овој Парламент и таму се согласивме Крстевски да образлага по трите уставни амандмани кои што се предлагаат . Сметам да во вакви настапи треба да сноси одговорност и да го ставиме на дневен ред да одговара и дали може ваков пратеник да биде потпретседател на ова Собрание. Мислам дека вака не можеме да се однесуваме а јас како пратеник на странката на Југословените нема да гласам за овој амандман. Сметам дека оваа трибина не смее да се користи за партиски цели. Во овој Парламент сите ние сме пратеници. Партиските интереси доле кога ќе бидеме во народот. Тука е Парламент и така треба да се однесуваме сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само една напомена сакам да дадам. Ние треба да се задржиме на текстот. Образложението не се усвојува со гласање, а образложението што го даде господин Арсов реков дека еден дел од него е она што е одраз на желбата и намерата на потписниците и на расправата на седницата на Комисијата за уставни пратања, а еден дел е негово лично гледање и учество во расправата (пратениците негодуваа доколку сакал да внесе дел од својата дискусија не требало тоа да го направи така туку да земел збор).

Сега да продолжиме со расправата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Дами и господо, јас мислам дека многу споро се учиме на демократијата. Не сме на седница на Централниот комитет на бившата политичка партија и според тоа, секој своето мислење на прав демократски начин има право да го изнесе. Мислам дека објаснувањето господинот Андов што го даде по излагањето на потпретседателот Драги Арсов држи и затоа вакви еуфории не ни се потребни. Јас имам еден конкретен предлог на нацрт текстот се однесува на точката 1 на амандманот 83. "Постоењето на вонредни околности на територијата на Република Македонија или на нејзин дел предлагам .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не расправаме за текстот сега, јавете се подоцна

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги дами и господа, ми се чини дека Комисијата за уставни прашања правилно го реши ова прашање и не треба да оптужуваме некој потпретседател или било кој. Кажав нешто повеќе отколку што требаше, претседателот тоа го образложи, меѓутоа ние сме претставници на еден народ, изнапатен народ, пред нас стојат поголеми битки за да излеземе од

овој тотален хаос. Ве молам, повеќето од нас тука сме интелектуалци и повозрасни луѓе, немојте да правиме циркус од овој Парламент. Народот нешто повеќе очекува од нас.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе,.дами и господо пратеници, малку ми се поремети и редот и желбата за јавување за збор. Редот се поремети заради тоа што имаме еден материја кој што е доставен од претседателот Стојан Андов до најверојатно и пратениците или до Комисијата за уставни прашања во кој што стои дека амандманот 82 го третира прашањето на Социјалистичката одредница во името на Македонија а овде се дискутира за амандманот 83, па молам тоа прашање да се расиисти.

Јас се јавив за збор од следните причини. Сметам дека ова е историски ден, дека ова е историски чин и дека треба достоинствено да се однесуваме кон моментот кој што го доживеавме на денешниот ден и ја поддржувам определбата за бришење на одредницата и се надевам дека нема да ни се повтори историјата уште еднаш на ваков начин. Збор земав повеќе од следните причини. Сметам дека е момент и прилика да се испрати еден апел и до сите нас пратениците на Парламентот на Република Македонија, до членовите на уставната комисија, до Македонската јавност до севкупниот македонски интелектуален колективитет во текот на подготовките за уставот да се изоцени дали не треба во името на Македонската држава или со името на Македонската држава постојано да потсетуваме дека државност македонскиот народ оствари само на еден дел од неговата територија. Ако слушнеме информација или вест од Северна Каролина тоа алудира на фактот дека постои и Јужна Каролина. Ако слушнеме податок од Јужна Кореја тоа алудира на фактот и северна Кореја. Затоа молам Македонската јавност да

изоцени во текот на подготовките на новиот устав дали нема потреба во името на Македонската држава постојано да потсетуваме дека државноста е остварена само на еден нејзин дел од територијата (аплауз од пратениците).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Во согласност со став 2 на точка 1 на амандманот 79 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, предлагам Собранието на Социјалистичка Република Македонија да ја донесе следнава Одлука за усвојува на предлогот за_пристапувањето на измена на уставот на Социјалистичка Република Македонија.

1. Се усвојува предлогот на групата пратеници за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

2. Оваа влегува во сила веднаш, а ќе се објави во "Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

" Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака). За гласале 90 пратеници.

Дали има некој против? (три се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца се воздржале од гласаше) и очигледно неколку пратеници не гласале.

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Одлуката за усвојување на предлогот за пристапување на уставот на Социјалистичка Република Македонија е усвоена, бидејќи за неа гласаа повеќе од две третини од сите пратеници во Собранието. (Аплауз)

Владата на Социјалистичка Република Македонија , во смисла на став 1 на точка 1 на амандман 79 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, поднесе предлог за пристапување кон измена на уставот на Социјалистичка Република Македонија, заедно со текст на нацртот на амандман 84 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Предлогот на Владата на Социјалистичка Република Македонија ви е доставен.

Доставени ви се и мислењата и предлозите на претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Исто така доставени ви се и извештаите на комисиите на Собранието.

Образложение по предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и по текстот на нацртот на амандманот 84 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, ќе поднесе министерот за финансии,господин Методија Тошевски.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, потребата за утврдување на овој амандман е пошироко образложена во писменото образложение што го следи текстот на амандманот. Јас сакам да потенцирам само неколку моменти кои што беа мотив за да се предложи во оваа ситуација ваква интервенција со содржина во Службата за општествено книговодство која произлегува од содржината на декларацијата за сувереност на Македонија која има потреба и заради спроведување на дел од активностите што во Републиката се преземаат во рамки на законот за мерки за заштита на стопанството во Републиката од разни вон законски и против законски активности што се случуваат во другите делови на земјата како и да се усогласи функцијата на Службата за...х општествено книговодство не само во организациониот дел во кој е дефинирана со Законот за Службата на општествено книговодство, туку и во надлежностите кои во Републиката во поглед на спротивноста меѓу републичките и сојузните прописи се јавува. Од тие причини предлагаме да биде утврден амандманот LXXXIV пишува во предлогот што е овде. Сигурно е настаната грешка, најавен е амандман LXXXIII. Со усвојувањето на овој амандман се создава правна основа активностите и надлежностите што произлегуваат од тие активности на Службата за општествено книговодство на Македонија да се регулираат со посебен закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Молам кој бара збор? (Никој) 4

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Во согласност со став 2 на точка 1 на амандманот LXXIX на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, предлагам Собранието на

Социјалистичка Република Македонија да ја донесе следнава Одлука за усвојување на Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

1. Се усвојува Предлогот на Владата на Социјалистичка Република Македонија за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш, ако се објави во "Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (101 пратеник гласале"за")

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека за предлогот на одлуката гласале 101 пратеник.

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Одлуката за усвојување на Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија е усвоена, бидејќи за неа гласаа повеќе од две третини од сите пратеници во Собранието.

Ве молам, заради спроведување на амандманите LXXXII, LXXXIII и LXXXIV Комисијата за уставни прашања оцени дека има потреба од донесување на Уставен закон. Од тие причини предлага дополнување со нов амандман LXXXV. Тоа ви е поделено со Извештајот" на Комисијата. Амандманот гласи: Амандман LXXXV за спроведување на амандманите LXXXII, IXXXIII и LXXXIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија ќе се донесе уставен закон. Предлогот на Уставниот закон е усвоен ако за него гласаат најмалку две третини од сите пратеници. Уставниот закон го прогласува Собранието и влегува во сила со денот на прогласувањето на амандманите LXXXII, LXXXIII и LXXXIV на Уставот на

Социјалистичка Република Македонија. Со овој амандман се создава можност да се донесе уставен закон.

Предлагам во разгледувањето на текстовите сега исто така и него да го уврстиме.

Прво, да донесеме одлука за донесување и оваа измена на Уставот, т.е. амандман LXXXV. Тоа е врзано за сите три амандмани.

Дали се прифаќа овој предлог? (Се прифаќа)

Молам, иста постапка мораме да обезбедиме. Образложението го дадов јас.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Според тоа, во согласност со став 2 на точка 1 на амандманот LXXIX на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, предлагам Собранието на Социјалистичка Република Македонија да ја донесе следната одлука за усвојување на предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија. Се усвојува предлогот да се донесе амандман LXXXV и на тој начин да се пристапи кон измена на уставот на Социјалистичка Република Македонија

Второ, оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во "Службен весник на Социјалистичка Република Македонија2.

Молам, да минеме на гласање.

Кој е за, да крене рака?

Иста постапка, ист број на гласови се потребни за да можат да важат сите три амандмани.

Молам кој е за? (101 пратеник гласаа"за")

Дали некој е против.(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање.(Никој)

Констатирам дека според резултатите од гласањето одлуката за усвојување на Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија со донесување и на амандманот LXXXV е усвоена, бидејќи за неа гласаа повеќе од две третини од сите пратеници во Собранието. Овде се работи за технички амандман.

Минуваме на **точката 2** - Текстови на нацрти на амандманите LXXXII, LXXXIII, LXXXI\ и LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Текстовите на нацртите на амандманите ви се доставени.

Доставени ви се и мислењата и предлозите на претседателот на Социјалистичка Република Македонија и на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

Исто така, доставени ви се и извештаите на комисиите на Собранието.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот LXXXII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот LXXXII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Нацртот на актот за измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија Собранието го утврдува со мнозинство гласови на сите пратеници.

Текстот на Нацртот на амандманот LXXXII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (за предлогот гласале 105 пратеници)

Дали има некој против? (пратениците на ПДП изразуваат сомневање во броењето на гласовите).

Молам,повторно ќе гласаме, бидејќи се јави сомневање во броењето.

Кој е за, текстот за првиот амандман, молам да крене рака? (за предлогот гласаа 95 пратеници)

Дали има некој против. (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. ( тројца пратеници се воздржаа).

Констатирам дека за текстот гласале 95 пратеници и по овој резултат од гласањето констатирам дека Собранието на Социјалистичка Република Македонија го утврди нацртот на амандманот LXXXII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија бидејќи го доби потребното мнозинство гласови.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот LXXXIII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Молам кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Во точка 1 став 1 постоењето на вонредни околности на територијата на Република Македонија, или на нејзин дел го утврдува Собранието. Тука имам еден предлог, или"на нејзин дел може да го утврдува само Собранието на Република Македонија итн.".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој амандман го изгласавме. Еве во што е објаснувањето. LXXXII е ова што го предлага господинот Стоиле Стојков во амандманот LXXXII, а вас ви е поделена една нова нумерација која не е за расправа, туку таа е за тоа за да ви даде претстава како ќе изгледаат амандманите, со кој редослед во јавната расправа, заради тоа што мора да биде и во јавната расправа прво, ова симнување на "Социјалистичка", Да не остане после повторно да го изменуваме. Заради тоа, тоа ви е само за да имате претстава како после ќе изгледаат, а инаку редоследот е овој.

Дали има предлог за измена на текстот на амандманот LXXXIII (Нема).

Го заклучувам претресот и текстот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (95 пратеници гласаа"за")

Дали има некој против (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето (двајца пратеници се воздржаа од гласањето).

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието на Социјалистичка Република Македонија го утврди текстот на амандманот LXXXIII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот LXXXIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот IXXXIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманот 84 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?( 96 се "за")

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека за текстот на Нацртот на амандманот гласале 96 пратеници, никој не се воздржа од гласањето и никој нема против.

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието на Социјалистичка Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот LXXXIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија бидејќи го доби потребното мнозинство гласови.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Текстот на нацртот на амандманот LXXXV е содржан во Извештајот на Комисијата за уставни прашања.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот L XXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (За амандманот гласаа 92 пратеника)

Дали има некој против (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека според овие резултати од гласањето Собранието на социјалистичка Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 85 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Ве известувам дека Комисијата за уставни прашања изготви единствен акт на Нацртот на амандманите LXXXII до LXXXV во кој предлага амандманот LXXXII што се однесува на утврдувањето на постоење на вонредни околности да биде амандман LXXXIII, а амандманот LXXXIII што се однесува на изоставање на идеолошката одредница "Социјалистичка, да биде амандман LXXXII. Амандманот LXXXIV што се однесува на Службата за општествено книговодство во СР Македонија и амандманот 85 што се однесува на донесување на уставен закон за спроведување на споменатите амандмани, го задржуваат истиот редослед.

Единствениот акт на Нацртот на амандманите ви е поделен и истиот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 98 пратеници гласаа"за')

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието на Социјалистичка Република Македонија го утврди Нацртот на амандманите LXXXII, LXXXIII, LXXXIV и LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија во редоследот во кој е сега даден.

По повод нацртите на амандманите LXXXII, LXXXIII LXXXIV и XXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија предлагам да ги донесеме следните заклучоци.

1. Нацртот на амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија се става на јавна дискусија, што ќе трае 30 дена од денот на објавувањето.

2. Нацртот на амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, да се објави во "Делегатски информатор" и во средствата за јавно информирање.

3. Граѓаните и политичките организации и другите форми на организираше и здружување и другите учесници во јавната дискусија своите забелешки, предлози и сугестии на Нацртот на амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија да ги упатуваат непосредно до Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

4. Се задолжува Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, да ја организира, следи и сумира јавната дискусија по Нацртот на амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и најдоцна во рок од 15 дена по нејзиното завршување да подготви и на Собранието да му поднесе Извештај за резултатите од јавната дискусија за Нацртот на амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

5. Исто така, се задолжува Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија врз основа на Нацртот на амандманите на Уставот на Социјалистичка, Република

Македонија, резултатите од јавната дискусија и од забелешките, предлозите и сугестиите на текстот на Нацртот на амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија изнесени на седниците на работните тела на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во рок од 15 дена од завршувањето на јавната расправа да подготви текст на Предлогот на амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

6. Овие заклучоци да се објават во "Службен весник на СРМ".

- Предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

- Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

- Дали има некој против? (Никој)

- Дали некој се, воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека за Предлогот на заклучоците гласале

95 пратеници.

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ги донесе предложените заклучоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 3** - Предлог на уставен закон за изменуваше и дополнување на Уставниот закон за спроведување на амандманите од 57 до 80 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Предлогот на уставниот закон ви е доставен, а денеска ви е поделена и Информацијата за текот на конституирањето на собранијата на општините Тетово и Гостивар.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Има збор господин Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ**:(Прилог)

**ХАМИД АЛИУ**

Пратеничката група на ПДП и НДО со голема загриженост констатира дека во последно време во Републиката има тенденции кои водат кон заострувањето на и така влошените меѓунационално односи во Републикава. Се почести се барањата за преземање на одредени санкции према Албанскиот народ во Македонија па до примената на најгрубата форма на државната репресија. Загрижуваат појавите и барањата за прогласување на Македонија како национална држава само на Македонскиот народ со јасно барање немакедонското население да се изложи на егзодус.

Рестрикцијата на правата на Албанците започната уште од во периодот на комунистичкото страховладение не само што не стивнува него и понатаму се проширува во сите области на животот а најдрастична своја форма има добиено во областа на образованието и националната култура на Албанскиот народ. Овие ограничувања започнати за време на комунистичкото едноумие имаат силна поддршка и во започнатите демократски процеси во Македонија од страна на партиите од таканаречениот Македонски национален блок. Трагедијата не била толку голема да тие партии останат осамени и да не ја имаат поддршката на другите македонски партии кои во нивните програми предираат Европа без граници и потполна рамноправност на сите луѓе во Македонија. Само да се потсетиме дека во програмите на Сојузот на комунистите на Македонија, Сојузот на реформските сили и Социјалистичкиот сојуз јасно се зацртани заложбите за потполна рамноправност на сите кои живеат во Македонија без никаква расна, верска, јазична и национална дискриминација. Ако тие заложби не биле само предизборна фарса, тогаш останува определбата тие партии да се заложат за да тие цели ги остваруваат на дело.

Пратеничката група на ПДП и НДО ја изразува својата загриженост што таквите негативни појави никнуваат, се развиваат и ја добиваат својата последна форма во органите на власта на Македонија како што Владата на Македонија и Собранието на СРМ. Досега не е забележан случај да било каква иницијатива на ВМРО на штета на Албанскиот народ, било каде да била дадена (вклучувајќи ја тука и улицата) да не сае реализира и силно подржува во Собранието на СРМ. Само да се потсетиме: Изгласам амандман да Албанците не смеат да го употребуваат нивниот јазик и писмо пред органите на власта и рамноправно со македонскиот јазик. За да цинизмот и иронијата биде поголема оваа одлука се “потврдува” со одлуката на Уставниот суд на Македонија со заклучок дека и покрај оваа забрана Албанците во Македонија и понатаму остануваат “потполно” рамноправни. Образованието на судот како да беше напишана од стана на Тито Беличанец, дотогашен потпретседател на РИС а не на судија на Уставниот суд на

Македонија. Можеби судијата гледал телевизиски пренос и немал многу мака за да напише образложение.

Спротивно уставните определби Собранието на СРМ ја формира комисијата за меѓунационални односи со јавно исполнување и на животната желба на Голубовски да биде член на комисијата и да ги уредува тие односи според неговиот рецепт. Чудно е како еден највисок орган на власта дозволува кршење на Уставните определби.

Одговорните личности на Македонија не покачуваат интерес за изнаоѓање на најдобрите патишта во надминувањето на овие кризно состојби. Тие, напротив, на таквите негативни тенденции им даваат силна поддршка со поништувањето на конституирањата на општинските собранија во Тетово и Гостивар. Со последниот чин владата на СРМ јасно стави на знаење дека ќе оди до патот трасиран од стариот состав на РИС кога се однесува до правата на Албанците.

На сите им е јасно дека Владата на СРМ 9 април го одреди како датум на конституирањето на општинските собранија во Тетово и Гостивар бидејќи го забрани претходниот датум закажан од страна на ПДП и НДП. Делегатите на ПДП и НДП избрани од страна на народот во првите повоени слободни избори во СРМ постапија според укажувањето на Владата и ги конституираа собранијата. Чудната (очекуваната) одлука на Владата за поништување и на повторното сосема легално конституирање на власта не ги изненади ниту пак ги вознемири одборниците на овие две партии кои имаат мнозинство на одборнички места во општинските собранија. Тие тоа го очекуваа погаѓајќи го фактот дека и стариот состав на РИС и сегашниот состав на Владата водат антиалбанска политика а во полза на македонските политички партии.

Со цел да се спречи легалното обавување на функциите на органите на власта легално избрани од народот Владата на СРМ преку Уставната комисија на Собранието измисли еден предлог Уставен Закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Амандманите 57 до 80 на Уставот на СРМ, каде во дадениот член 14................

Според горе цитираното јасно се гледа дека алузијата е за Општинските собранија во Тетово и Гостивар. Така и во Македонија Владата почна со креирање на двојна политика: една подемократска кој а ќе важи во Истчните делови на Македонија и втора, тоталитарна политика која ќе важи за местата каде има албанско население.

Образованието за еден таков потег е приказна за себе: сето ова се прави бидејќи не бил верифициран мандатот на сите одборници. Владата на СРМ можеби заборавила се што се случуваше во општините каде ВМРО имаше мнозинство на одборници. Можеби Владате не е “информирана” што се случи во Струга, Кичево, Скопје, Чаир, Гази Баба, Куманово и на сите други градови каде ПДП има одборници. Дали мандатот на одборниците беше верифициран во сите тие општини? Конечно дали правилно е конституирано и собранието на СРМ затоа што на денот на конституирањето не беа присутни три пратеници? Дали е само тоа пречка пречката е во она чувеното со боја на партија дека албанците не можат да бидат претседатели бидејќи само Македонците се “предодредени” за такво нешто.

Во понатамошното образложение Владата се повикува на усогласување на ставовите на политичките партии. Што има тука да се усогласи кога ПДП и НДП имаат мнозинство на одборници? Дали ВМРО би пристал во таков случај на усогласување на ставови?

Но и покрај сето тоа, чувствуваме како потреба да ја известиме јавноста за следново:

- ПДП и НДП вложиле вистински и максимални напори со цел да се конституираат двете општински собранија. Тие иницирале повеќе од 14 средби со партиите од македонскиот национален блок. Најголем број на таквите средби се водени во присуство на највисоките републички функционери. На тие средби не само што не дојде до усогласување на ставови туку Албанците ги доживееја и најгрубите навреди врз национална основа. Затоа, видевши дека се исцрпени сите можности за дијалог ПДП и НДП заклучија одговорноста треба да ја сносат сите партии кои дадоа негативен за тоа. Ние баравме да конституирањето на власта се врши онака како што е вршено во другите општини каде другите партии беа во мнозинство. И според сите неправди кон овие две партии ПДП и НДП се сложија за следното: Во општината Тетово и Гостивар од редовите на македонските партии биде потпретседателот на Собранието и Претседателот на Извршниот одбор...................................

По конструирањето на двете општински собранија тие места се празни за партиите ...,. ПДП и НДП сметаат дека се исцрпени сите можности за конструктивен дијалог и сите други настојувања освен почитувањето на изборните резултати ќе бидат контрапродуктивни.

Во врска со предложениот Уставен Закон пратеничката група на ПДП и НДП го изјавуваат следното:

1. Предлогот на Уставниот закон е противуставен и во спротивност со Законот за избори и како таков не се прифаќа.

2. Барем од владата на Македонија да создаде објективни услови за конструираните собранија да почнуваат со редовна работа.

3. Ја оспоруваме легитимноста на стариот состав на Собранијата бидејќи не е избран на слободни, тајни и демократски избори туку именуван од страна на комунистичката власт. Комунистичкото едноумие не треба да донесува закони во услови на демократски плурализам. Секоја одлука на Собранијата во стар состав ја сметаме како нелегитимна и нема да ја почитуваме.

4. Категорично одбиваме да и понатаму во Тетово, Петко Дабески ја врши функцијата претседател на СО Тетово бидејќи го сметаме како најголем виновник за влошените меѓунационални односи. Тој не е легитимен претставник на власта бидејќи не е избран на тајни и демократски избори туку едноставно именуван.

5. Единствени претставници на народот се тие кои се избрани по пат на тајно гласање на првите демократски избори после војната.

Пратеничката група на ПДП и НДП смета дека ако и понатаму Собранието на СРМ ќе биде место каде ќе се донесуваат разни закони на штета на Албанскиот народ во Македонија одговорноста за евентуалното понатамошно влошување на меѓунационалните односи во Македонија ќе ја сносат органите на власта во Републикава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Богдан Неделковски.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Прво, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во целост се согласува со одлуката на Владата и ја поддржува

Имам и реплики, но "нив на крај ќе ги дадам. Најпрво да кажам неколку збора

Неконституирањето на Собранијата во Гостивар и Тетово е резултат на претходната влада која дозволи регистрација на две малцински партии што е апсурд кога се знае дека нивната матична земја Албанија се граничи со Македонија и има територијални претензии кон дел од Западна Македонија што е и лесно остварливо ако се знае дека ПДП и НДП можат да одлучуваат за политичката сос

Тие со своето досегашно политичко делување како хомогенизиран еднонационални партии на овие простори тоа и го покажаа низ разни форми на субверзивно делување преку водење на педагошката евиденција на албански јазик во некои училишта, бојкот на пописот,.физичко заканување, силување и други форми на притисок.

(Од страна на пратениците на ПДП и НДП се слушаат гласни негодувања на ваквата дискусија).

Слушај таму и молчи! Сето ова не дава сигурност...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ве молам..

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ**

Сето ова не дава сигурност кај македонското население и создава револт на ИСТОЈГО доколку дојде до формирање на еднонационално или мешано Собрание во кое клучните позиции за креирање на општинската политика во овие градови би се допуштила во рацете на одборниците од ПДП и НДП, а тоа би создало висок степен на политичка нестабилност во Републиката што би им користело на некои надворешни кругови како што е Белград кој е се погласен за давање на автономија на шиптарите во Македонија. Со тоа се сака војската директно да учествува во разрешувањето на македонската политичка криза, а сето тоа би се надополнило со фактот во изјавата на Живота Аврамовиќ дадено на еден англески новинари

"Составот на ЈНА е претежно составено од Срби". Улогата на војската во Македонија како бранител на Македонците добро им дошло на Србија. Таа не бирајќи средства со сите сили ги подгрева шиптарските сепаристи. А сето тоа е спротив но на донесената декларација за сувереност на Македонија. Македонија може и има демократски сили проблемите внатре во сопствената куќа сама да ги решава но тоа не може преку ноќ тие

проблеми 4 се создаваа преку националните херои повинувајќи од Колишевски преку Урош Андреевски задолжен за доселување на шиптари од Косово во Велес па се до последните Тито Беличанец, Владимир Митков, Јездимир Богдански, Вулнет Старова и други кој веќе се зрели да од Неџмије Хоџа добијат орден заслуга за шиптаризација на Македонија.

Потоа, за прогонувањето од Македонија, како што вие велите господине, прогонувања има од Косово, но тие секогаш се придружени со масовни преминувања во Македонија на кое вие им давате поддршка. Ние денеска имаме огромни проблеми со школството, со вработувањето. Голем број македонци, во македонска земја која им е матична земја стојат на Бирото за вработување а ни доаѓаат од Косово и Санџак и тука се вработуваат. А, каде сме ние како суверен народ во оваа држава.

Потоа, велите дека немате право пред органите на власта на албански јазик. Дали вие во Германија кога одите на работа, бидејќи ве има во поголем број , дали пред тие органи на власта зборувате на германски? Дали Македонците во окупираниот дел од Албанија зборуваат пред органите на власта на албански јазик или тоа го прават на македонски јазик? Дали тие имаат факултети како што имате вие тука во Југославија?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да го потсетам господинот Неделковски дека на говорница треба да искажува свое мислење а не да се обраќа непосредно на било кој друг пратеник....

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ**

Тоа се реплики.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа е парламентарна практика.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Па и демократијата мислам се остварува со реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете, вие зедовте збор и дискутирајте.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Благодарам, завршив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не навлегувајќи во она што се повторува повеќе пати, а претставува навреда на личноста на дел од пратеници, а и на мене лично од страна на припадниците на шиптарското малцинство овде присутни како нелегитимни претставници на политички партии кои што се нелегитимни, а кои што ги толерираме, сакам само да потсетам на дел од денешното излагање во точка 4 каде што отворено повторно се повикува шиптарското малцинство на непочитување на Уставот на СР Македонија што е доволна причина сама за себе. Според тоа, член 23 од Законот, изборниот закон односно законот на политичките партии надлежниот орган да поднесе инцијатива и дефинитивно да ги избрише од регистарот на политичките партии. Сметам дека една правна држава тоа да го направи, одговорноста паѓа на Владата која што во својата надлежност треба ова и да го реализира.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседател,почитувани пратеници, ова не е првпат вакви атаци и вакви провокации и ако некој мисли дека може да земе за право да ги узурпира основните права и интереси на други и со ниедна аргументација не може да правда преземање на права што не му припаѓаат, со такво вид узурпации 'ч интереси на другите овде не само што не може да се создава клима за конструктивен дијалог и за договор, туку уште се продлабочуваат поделбите за дестабилизација на Македонија. Можеби во крајна линија на таквите деструктивни појави во говорницава им е и целта на оние што сакаа да ги кршат основните норми на дозволеното однесување на Македонија. Ние мораме да им се спротивставиме било кој да е и таквите односи и

таквите истапи влијаат врз директен атак на меѓунационалните односи во Македонија. Таквите истапи ни најмалку не и помага на оваа мултинационална заедница.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници и пратенички, евидентно се наоѓаме пред еден процес на демократско преструктуирањето на општествените односи на ниво на Републиката што веќе го заокруживме и на општинските собранија во Републиката, во кои од 34, досега само две се останати неконституирани, каде практично не функционираат плуралистичката власт и демократијата. Свесни сме дека се правени огромни обиди од страна на политичките партии кои имаа пратеници во овие собранија, меѓутоа, до успех, до конечни резултати не е дојдено. Во оваа прилика сеуште повеќе се загрева ситуацијата и настаните кои што се случуваат во овој дел и во оваа прилика, во овој разговор незнам како да ја започнуваме дискусијата сите што сме тука за да го обезбедиме тоа што ни треба заедништвото и единството, единство на интереси, мислења, сфаќања итн. За да го обезбедиме тој чекор напред да одиме рамноправно во оваа рамноправна и демократска заедница. Просто незнам како да најдеме некој таков термин да се вклопиме сите дискусии и мислења во оној калуп, во оној модел за дискусија што ќе го обезбедува тоа без да се навредуваме едни со други. Практично секоја седница се среќаваме со разни, дали шиптарско малцинство, малцинска партија, кој ги одобрил да се регистрираат итн., верувам дека еднаш требаше да се престане со тоа, па да се види како ќе биде понатаму. Дали ќе има право, сето тоа е регулирано, не сакам да апострофирам личности и индивидуи кои тие ги применуваат, меѓутоа верувам дека треба да прикажеме еден степен на култура и културно однесување, на почитување и на нас што сме тука .ч на тоа население, и на тие жители кои го сочинуваат албанскиот субјективитет во Републиката и

кои како такви сакаат да бидат фактор за стабилност на Македонија и за напредок на овие односи. Меѓутоа, ова што се случува со нас, со овие партии во дадениот момент со конституирањето на собранијата на општините Тетово и Гостивар, е своевиден експеримент што не може поинаку да се третира, освен како тестирање и сондажа на нервите и третирање на националното чувство. Тоа го докажува досега, сите активности и настани што не може навистина да дојде до еден консензус на смирување на тие односи и обезбедување на тој развој што го сакаме. Незнам дали постои во државно правната смисла играње со законитости и дали во парламентарните системи се познати дава пати продолжување мандат на една политика структура избрана во еден систем, а да продолжува да работи во еден4друг систем кој го нарекуваме демократски, парламентарен, плуралистички. Ние сите инсистираме со полна уста за целосна демократизација на општествениот и политичкиот живот и на уставно- парламентарниот режим во Републиката, а од друга страна самите органи одговорни и надлежни за унапредување на тие односи ги суспендираат демократските процеси или нив ги забавуваат, не овозможуваат тие демократски да продолжат и да вложуваат напори навистина рамноправно и демократски да се заземат заклучоци, да се донесуваат ставови итн. Јас поинаку и не можам да ги разберам и да ги сфатам овие демократски односи, освен како формално или наметната демократија која е неспоив со изворните поими и органи на демократијата. Можам да почувам една вистина дека демократско- правниот концепт тргнува од воведување демократски односи меѓу народите и народностите и од укинување на секаква привилегија врз национална основа. Ова што се случува со Тетово и Гостивар на некој начин е смислена и организирана акција за суспензија на демократските норми и правила, за разбивање на легитимните претставници избрани од народот во овие собранија.

Изразувам длабока несогласност и се спротивставувам на овие недемократски игри и смислени акции со кои се негира национална субјективните на албанците во овој дел на Македонија кога тие таму се, биле, се и ќе бидат и понатаму . Дали ќе се наречат вакви или такви тие се тука. Верувам, погрешно се применува паралелизам во образование, паралелизам во култура, во политиката инт., бидејќи ако велиме шиптаризација на тој дел, тие практично шиптарите се тука, ако веќе така ги нарекувате. Грешам што така го применувам изразот, зашто сите тие што сега ме слушаат или ќе ме слушаат подоцна ќе ме обвинуваат, меѓутоа сум принуден на овој начин да го кажам ова, зашто тие се албанци, независно дали од таа страна на границите се викаат албанци а од оваа страна на границата се викаат шиптари. Навистина нешто не е во ред. Реално гледано овде се поставува основното прашање дали се признаваат изборните резултати или не. Ако се признаваат, ми се чини и претходниот дискутант многу убаво се искажа и го изразувам револтот што не успеавме заеднички да ги конституираме овие собранија да вложиме и додатни напори со плус аргументи да создаваме клима за да тие партии на некој начин се разубедат дека навистина треба во тој дел да функционира парламентарната демократија и да почне конституирањето на собранијата. Иако двапати по ист принцип ист начин и ист метод на работа се применува и од едните и од другите партии. Верувам дека парламентарните група односно одборниците од овие партии навистина прикажувале достоинство, респект, заслужуваат секаков респект и почит што издржале и што предлагале можни начини очекувале од органите на Републиката да приложат напори за да се дојде до тоа што треба навистина да биде конституирање на седниците и да може во целата Република рамноправно без никакви причини да функционира парламентарниот систем и парламентарната демократија.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, изгледа очигледно нас устата ни е полна со убавите зборови демократија, цело време го применуваме од оваа говорница но да се потсетиме само на случајот во Тумиевишта Заради насилно иселување на браќата македонци кои што живеат таму, дивото населување на шиптарското национално малцинство на Западниот дел на поднебјето, па се до Велес.

Потоа, дали е демократија притисок на децата малолетни македоничиња во западното поднебје на Македонија. Дали е демократијата да се кршат сите законски норми во смисла на водењето на евиденција во училиштата, педагошката евиденција. Дали е законски и дали е демократски да се врши полски штети врз македонското население во западниот дел од Македонија од поднебјето. Потоа, дали е демократски во однос на однесувањето едно чиниме пред средствата за информирање, друго правиме во стварноста, а за тоа имаме доста примери кои ни слушаат од средствата за информирање, печатот, радиото, телевизијата итн. Потоа, потпретседателот исто така навистина се залага за демократија, но би требало и сите да се залагаме за демократија но и да ја спроведуваме таа демократија, а не од оваа говорница буквално да ја злоупотребуваме едно да зборуваме, а друго во стварноста да правиме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Се извинувам, навистина ќе бидам краток. Ама воопшто не станува збор за доселување на албанци од Косово во сегашниот момент во западниот дел на Македонија. Ако тоа било пред 30 години, Ве мола да се вратиме во таа временска дистанца на што зборуваме. Воопшто не. станува збор за тепање на ученици. Јас ја користам оваа прилика да кажам дека тој ТВ репортер во Тетово воопшто необјективно прикажува и изнесува факти преку ТВ емисиите и Телевизија Скопје. Воопшто сега не станува збор за

тоа дека во извесен дел на Тетово таму Дреновец дека има од 250 куќи можеби има само три куќи од албанци од Косово кои се преселени пред 1955 година. Меѓутоа, биле во град и се преселиле таму. Воопшто не станува збор за некоја чисто едничка населба кај резервоарот во Тетово, зашто тие слегле од селото во близината на градот. Ако станува збор за тепање на ученици, не верувам дека е тоа точно. Меѓутоа, ако учениците за време на спортот се тепаат меѓу себе, не треба да ги префрлуваме сите на национален план. Верувам дека ако вака ќе размислиме воопшто нема да доаѓаме до неприлики постојано да се антогонизираме меѓу македонците и албанците, зашто незнам како тогаш да ја прокажеме состојбата, ако навистина народот таму сака да живее, во единство, во заедништво добро и овие работи се поттикнати од поедини структури кои не сакаат и не и пожелуваат добро на оваа Македонија ич на овој дел на Македонија, кој исто така е во состав на Македонија и во никој случаи нема некои намери за некоја автономија, за некоја поделба итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакав само да напоменам, ако ми допуштите, дека на дневен ред имаме еден многу значаен акт кој по уверување на Владата овозможува да се создаде една помирна, поподнослива ситуација во овие две општини, како актот како што знам дава можност и на друго место ако дојдат такви состојби да може да се интервенира и на тој начин да се поставаат работите. Според тоа, во една ситуација доста заострена, ситуација која не можеме да ја наречеме регуларна се намерава да се внесе некој ред и некоја рамнотежа. Тој акт на дневен ред сега е и јас ве молам за него и да дискутираме, да се покажеме дека имаме одговорност пред состојбата и малку да поразмислиме дали се што инаку можеби сака некој да каже е денес момент по оваа. точка да се каже  и дали на тој начин ќе ги олесниме состојбите, ќе ја зајакнеме меѓусебната доверба и ќе ги решиме некои

проблеми. Очигледно е дека во овој момент имаме еден проблем, кој треба да биде решен од почетокот на работа на ова собрание не се покажавме во можност да го решиме, Владата изгради еден приод, го сервира овде и би препорачал ако може да не се осврнуваме, да не ни биде на следниот дискутант предмет на расправа дискусијата на претходниот, туку актот кој е на дневен ред овде. Ве молам, искажувајќи ги секој своите лични мислења по проектот, пак може да одговори и на некои други прашања. На овој начин ние фактички дискутираме за нешто за кое да кажеме не е во целина на дневен ред и да видиме дали можеме да ги уредиме односите овде сега.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Морам два три збора да кажам само за претходниот дискутант што кажа за спорт, детски Игри. Дали е спорт или детска Игра кога во земјоделското училиште во Тетово "Моша Пијаде" со нож македоние беше прободено и на место заврши мртво.

Втор случај, дали е спорт тоа при младинци околу флиперите кога играа исто така со нож во грб заврши и таму тоа дете. Дали тоа се спортски игри или детски игри. Само толку околу тоа. Другпат поопширно би кажал кога ќе биде точката на дневен ред за меѓунационалните односи.

Првиот дискутант од ПДП пак неколку зборови за него, тој наоѓа мана Владата да работи против уставно, дали е уставно да се бојкотира пописот, дали е уставно да се бојкотира наставата на македонски јазик, дали е уставно да не се земаат книшките и свидетелствата на македонски јазик, дали е уставно да се води евиденција во администрацијата на албански јазик, а знаеме во Уставот и членот го знаеме кој е и сме разговарале тука. Дали сето тоа е уставно данокот да не се плаќа исто така во Тетово,

Гостивар, во цела Западна Македонија, сето тоа, другари, господата од ПДП и НДП не го забележуваат. Го забележаа само ова сега.

Сега неколку зборови токму да кажам за ова што презеде Владата. Навистина, единствен начин да се смират духовите во Западна Македонија е овој начин што презеде Владата. Јас тој начин го поздравувам да се избере Извршен одбор од пет до седум члена кој ќе раководи се додека не се најде заеднички јазик и да се конституираат собранијата во Тетово и Гостивар. Тоа произлегува од следното. Знаеме ПДП и НДП добија апсолутно мнозинство од одборниците. Сега во случај ако истите тие имаа и претседател, секретар и сите други функции од нивните партии, тек тогаш ќе се спроведеше целосна албанизација и косовизација на Западна Македонија. Македонскиот народ во тој дел на Македонија навистина е исплашен од таа состојба што се случи. Ќе ви кажам зошто? Во Дебар со конституирањето на Собранието, веднаш секретарот на тоа Собрание направи кривичен прекршок и сега е на суд. Тие веднаш ја злоупотребуваат власта. Додека ние македонците сме биле никогаш не сме ја злоупотребувале власта. Во Гости_вар ако идеме понатаму, веднаш тие со конституирањето сакаа да ја истакнат на видно место во Собранието на општината во Гостивар сликата на Секндер Бег, веднаш да почне да се зборува на албански јазик во Собранието. Значи, дури тоа е неуставно.

Понатаму, во Тетово да земеме кога при првото конституираше, тоа не беше, исто не се оствари, но тие одборници од ПДП веднаш претседателот кога мислеа дека добија власт, веднаш тој даде отказ и на сите тие републички службеници што беа во Собранието. Истиот ден веднаш им даде отказ.

Понатаму, веднаш поинаа да доаѓаат молби, жалби на албански јазик во Собранието. Сето тоа и овие работи што ги набројав, а има уште многу други работи и сега ако ги толерира Владата значи на тој македонски

народ во Западна Македонија и Владата му удира нож. Што останува друго, тој народ само може да бега од таму и да се направи исцело албанцизација и косовизација на тој дел на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Агим Фазлиу.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас прво неколку збора во врска со излагањето на пратеникот Неделковски„ Воопшто не сакам да полемизирам со пратеник кој пропагира национална дискриминација и апардхејд, во крајот на XX век, а второ, исто се однесува и на пратеникот Неделковски и Голубовски, наиме мене како социолог не ми е познато дека на Балканот постои народ Шиптари. Мене колку ми е познато на Балканот постои грчката нација, македонската, бугарската, албанската, српската итн. Ако научно ми потврдат дека постои таква нација, тогаш се менуваат многу нешта и многу работи. Ве молам, ипак малку треба да пазиме што кажуваме и што зборуваме.

Би кажал нешто и во врска со Предлогот на уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на амандманите на Уставот на СРМ од 57 до 80 од Уставот на Република Македонија. Посебно делот што го регулира решавањето на проблемот настанат во општините Гостивар и Тетово, тоа е членот 14-а од овој закон што го нуди Владата и Уставната комисија на Собранието на Македонија. Ако се усвои како што е даден овој член би бил штетен за демократските односи во Македонија, а посебно во овој почетен период на демократијата во Македонија, поради тоа што со овој амандман на Владата и Комисијата за уставни прашања и со ова решение, прво се елиминираат изборните резултати во овие две општини, одржани во првите многупартиски демократски избори во Македонија. Второ, објективно би значело во овие две општини да имаме вонредна состојба, што на Македонија најмалку и е потребно во овој период на расплет на политичката криза во Југославија и во Македонија. Со ова решение, се плашам дека дури сега би се реконсолидирала состојбата во овие две општини што најмалку го сакаат

Албанците во Македонија и целата демократска јавност, а што го сакаат некои подземни сили во Македонија, кои што сакаат да ја дестабилизираат Македонија. Сето ова би имало далекосежни последици, политички последици на целокупната политичка стабилност и внатрешна и надворешна врз Републиката.

Поради сето ова предлагам Собранието да не го усвои овој уставен закон, посебно делот што го регулира проблемот на овие две општини, а наместо ова да се најдат демократски и политички решенија за решавање на проблемот во овие две општини.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Немав намера да се јавувам за збор, ама ме повлече дискусијава на господинот што дискутираше пред мене. Вели нема притисоци од страна на албанското население врз македонското во Западна Македонија. Меѓутоа многупати но и во' денешна нова Македонија почитуваните пратеници што се овде би ги упатил да прочитаат во Тетово за обидот на силување на едно македонско девојче од страна на припадник на албанската народност. Или за она што го кажа дека имало силувања, но тоа било пред 30 години. Јас најодговорно ви тврдам дека оваа денешна Југославија, мислам како што постои СФРЈ од 1945 година наваму дека тоа свесно и намерно, дека е тоа државна политика од Косово Македонија да се населува, да се албанизира. Само тој зафат незнам кога точно почна. Меѓутоа може да се види од статистиките што се водени односно колку пописи има направено во Југославија за населението во Македонија. Така најубаво ќе се види на кој начин таа бројка кај некои припадници на некои малцинства расте, а кај други како опаѓа. Или она што беше иселувањето на Турците во 50-те години. Цело време овде зборуваме за последиците што сме ги затекнале

како Парламент, а причините не сакаме да ги кажеме. Јас двапати, откако сум влезен овде во Парламентов, зборував во врска со овие собранија на општините, после изборите што требаше да се конституираат. И на двата пати кажав една работа што е позната во светот. Нас старата власт не внесе во една многу незгодна ситуација. Невидено нешто во светот е сега да истовремено во ист ден да има и општински избори и републички избори. Како прво, тоа е првата работа што стариот Извршен совет на Македонија и старото Собрание не насанкаа.

Како второ тука се работи за една, тоа е мое лично мислење, свесно, намерно предизвикана ситуација со цел за дестабилизација на Македонија од господата кои што го изготвуваа Изборниот закон, и господата кои што ги регистрираа партиите, малцинство и господата кои што дозволија да се гласа со пасоши на самиот ден на гласањето, таа одлука ја донесоа, а се со цел да овој Парламент сегашен и оваа Влада сегашна да се најдат пред едни непремостливи пречки. И верувајте тука ситуацијата е многу споделикатна, народите, мислам многу се поларизирани силите во Тетово, Гостивар, Дебар,се исклучени секакви можности за компромис од причини што старото раководство ги наметна односно ги пропиша тие услови за игра и затоа ние мораме како Парламент и како Влада да се позабавиме со тоа и крвците со име и презиме да се кажат кои се. Тука се работи за велепредавство на Македонија. И да се знае, еднаш засекогаш да се каже кој е суверен во оваа, кој народ е суверен во оваа Македонија. Јас не знам некаде во светот да има два народи суверени на една територија. Незнам во некоја куќа да има двајца газди. Се знае кој е суверен, кој не е. Да се договориме, да разјасниме еднаш за секогаш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас морам да одам по ред кој како што се јавува.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не сакав да излезам бидејќи репликите веќе станаа и досадни пред оваа говорница. Меѓутоа, не можам да допуштам и непознавање на газди на две куќи. Ние имаме во сред Европа држава каде колку што е германска толку е француска и подеднаква италијанска. Таква е Швајцарија. Ние имаме во сред Југославија држава која што колку е муслиманска подеднакво е српска и подеднакво е хрватска, тоа е Босна. Меѓутоа, секогаш треба да се излезе со битни цели на демократија пред говорница. Една е мала, но многу битна, тоа е толеранцијата. Втората е демократија што се подразбира рамноправност на граѓани, рамноправност на луѓе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Пановски за реплика на реплика.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас потполно се согласувам со ова за Швајцарија за Босна итн. Но, една работа ќе кажам, ние Македонците имаме само една држава и немаме намера таа на никого по никаква цена да ја предадеме. Ќе останеме на неа, бидете сигурни. Доста ни зедоа два дела Грците и Бугарите, третиот не го даваме на никого.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стаменов.

Јас уште еднаш ви обрнувам внимание да. се држиме за тоа што е на дневен ред.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас сакам да кажам, вчера на Уставната комисија ова прашаше мина многу конструктивно, токму од причина што и албанските претставници што беа и сите други од причини што не се заостри прашањето, ами се пријде како може да се решава. Тоа постои како такво и Владата имаше многу убав приод дека не може да се повикува, не знам на кој закон и каков закон, во овој момент треба да се најде решение. И решението се најде со едногласност од сите, да се прифати она што се предлага засега, а во понатамошните времиња да се бара едно конструктивно и исправно решение. Ако така не му пријдеме на ова прашање, мислам дека напаѓаме, ќе се вреѓаме и така нема да дојдеме до решение. Јас предлагам и тоа требаше може во почетокот да го кажам што и како Уставната комисија заклучи, така да се предложи тој предлог да се прифати, да се изгласа бидејќи утре пак, ова прашање постои таму. Инаку кажавме вчера на сите овие проблеми исто такво едноумие има и во другите општини, а не само овде. Водечките партии, направија исти грешки и во Источна Македонија и на други места. Сметаат дека тие се тие што треба да владеат, поготово што тука е составот различен, мислам национално. Затоа молам, ако сакате да не се заоструваат понатаму односите и ситуацијата, ова што беше прифатено едногласно да се прифати од Владата, не да се суспендира некој или старите состави да се враќаат. Владата моментално да определи луѓе кои ќе работат со овие општини зашто и без тоа општините сега се, како што гледате и Законот за локалната самоуправа не е готов, се сведени од прилика на месни заедници. Дали тоа треба така, исто тоа Владата го разгледа и ќе даде во наредниот период решение. Затоа молам оној став на Уставната комисија да се почитува и да излеземе од оваа ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Пред да кажам нешто во врска со точката на дневниот ред, морам еден личен впечаток што го носам од целата оваа расправа, која навистина ме упатува, навистина со едно сожалување да помислам на граѓаните, а напоменувам на граѓаните Тетово, Гостивар па и други населени места во Западна Македонија. Дали не сфаќате дека основата врз која постојано се расправа помеѓу едната национална и националистичка партија и другата, постојано.

**РЕАКЦИИ ОД МЕСТО:**

која е таа националистичка партија нека се каже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе земете збор, кога ќе добиете збор, ќе кажете.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

... постојано се темели на исклучувањето на сувереноста на човекот, односно на граѓанинот. И едните постојано инсистираа во историскиот контекст на постоењето на македонската државност да го втемелат и албанскиот народ кој не е, кој овдека е албански народ, меѓутоа кој како национално малцинство живее на територијата на Македонија, има своја матична земја. Тоа е прво и основно.

Второ, зашто и во претходната расправа постојано барате да се вратат решенијата од комуналниот систем каде што власта потекнуваше од општината. Токму заради тоа упориште што се сака во овие собранија да се оствари и да продолжи оној процес на беззаконие во остварувањето на правата држава, во овој дел на Македонија. Тоа постојано стои како

иницијатива од страна на Партијата за демократски просперитет и НДП.

Сакам да се вратам точно на точката, мислам дека овој предлог на Владата е многу реален. Прво, оваа Влада ги направи сите напори кои врз основа на изборниот резултат уставот и законите и беа во надлежност. Направи редица состаноци со претставниците на политичките партии и не успеа да посредува во комуникацијата и во издејствувањето на правно решение. Мислам дека Владата правилно постапува кога ни иницира овдека вакво решение преку Уставниот закон од проста причина, бидејќи не може да допушти во Собранието во Гостивар и Тетово да дојдеме до правна празнина, да нема ниту континуитет на власта ниту да има безвластие. Оттука треба да вагаме. Мислам дека првото решение кое беше во смисла да продолжат мандатите на досегашните собранија, всушност нема уставен основ и дека едино е прифатливо како решение кое не го суспендира изборот, изборниот закон и резултат е второто решение. Затоа мислам дека не би требало да ја отвораме темата за меѓунационалните односи. Имаме многу што на таа тема да си кажеме, меѓутоа да го оставиме за една точка кога навистина ќе го подготвиме стриктно како политичка точка на таа тема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се договориме сега. За збор се јави Фаик Абди.

**РЕАКЦИЈА, ОД МЕСТО:**

Бараме реплика. Дајте одмор

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика после, нека се оладат малку. Пауза нема.

**ФАИК АБДИ:**

Јас сум на говорницата и молам да бидам ислушан како и другите. Во Парламент да бидеме парламентарни. Со право пратеникот Петров постави прашање односно сакаше на дневен ред да се постави точка меѓунационални односи. Исто така во право е претседателот што рече дека на седница е тоа што е поминато низ телата. Јас сум член на Комисијата за меѓунационални односи и пред некој ден добивме материјал. Ќе ги прочитате сигурно и вие тие материјали. Меѓутоа тоа мора да биде, сигурно некој пречистен текст заради тоа што она внатре што пишува, да го прочита тоа и некој јабанџија, па тој ќе утврди дека овде сме дојдени само да се бесиме и да пукаат пушкарања. Така е тоа напишано внатре за напади од страна на Албанците, Македонците, од страна на овој, од страна на оној, па потоа Тетово, Гостивар, Струга, ^с што е ова? Можеби е таква ситуацијата, јас незнам. Јас патувам доста низ Западна Македонија, меѓутоа не сум се сретнал со такви проблеми. Веројатно тие се случуваат во време ноќе кога се демнее, нушкаат, пусија се фаќа и т.н. Може тогаш да го има. Меѓутоа сега не е важно.

**РЕАКЦИЈА ОД МЕСТО:**

Зашто од Ромите нема такви работи.

**ФАИК АБДИ:**

Не ве слушам добро, ќе ми поставите после прашање, од тука ќе поставите прашање па ќе одговорам

Овде еден од дискутантите спомна, во оваа Европа живеат тие, тие и тие. Живеат уште три други националности. Има и Турци, има и Власи има и Роми. Морам да кажам дека многу ме загрижува состојбава со Албанците овде што се, Албанците од тој крај со Македонците што се од Партијата, мислам македонската партија, се знае на кого мислам ВМРО-ДПМНЕ (аплауз) како да се само они за Македонија, толку храбри, толку големи борци за Македонија, па дури и овдека од говорница се тресат и зборуваат. Немојте така. Не оди така. Мислам дека во отсуство на демократски дијалог ништо нема да решиме. Само по пат на демократски дијалог Ісе дојдеме до решение. Ако е точно се ова за Албанциве од Западна Македонија, вие господа пратеници мора да ги соберете своите избирачи, да разговарате со нив што е ова?

**ФАИК АБДИ** (продолжение)

Вие господа пратеници македонци од западна Македонија треба да разговарате со македонците, што е ова. Тука живееме заеднички. Немаме друго место. Како што рече господинот Глигоров кога го избравме ние само Македонија ја имаме, немаме друга земја освен Македонија, нема каде да се оди.

Околу тоа незаконско формирање на партии да кажам дека и јас сум од малцинска партија. Минатиот пат во Битола македонец муслиман праша дали и тој може да биде член во раководството. Му се одговори дека може. Кај да ги натераме овие албанци, роми турци- власи итн., да бидат во ВМРО, да бидат во Социјалистичка партија да бидат во ПДП СК, каде да ги натераме. Не смеат да се организираат. Помислете што одговор треба да се даде на прашање. Сите граѓани се слободни да се организираат според законот. Ако законот рече така тогаш,молам и немојте од оваа говорница да се зборува за господари и робови, да се знае кој е газдата. На никој од нас не ни Доликува да разговараме вака и така да се условуваме.

Јас денес разбрав, пред седницата на Собранието имавме седница на Комисијата за меѓунационални односи, материјалот за Тетово и Гостивар. Верувајте ми не знаев точно за што се работи, па побарав од претставникот на Извршниот совет да објасни зошто се работи и колку одборници. Ми се рече 40 и нешто албанци а 14 или 15 македонци и заради тоа што се албанци 40 и нешто,мора и тука да биде македонец претседател. Тука нешто не ми е јасно.

Во Гостивар ситуацијата е уште полоша. Таму имало само 7 македонци а другите се албанци. И тука се рекло мора да биде претседателот македонец. Дајте луѓе да се спуштиме на земја .

Сега пак им се обраќам на албанците. Опростете, а што пак ако биде претседател македонец и ако имате 43 одборници. И тоа е следно прашање, па што, ќе ве надгласуваат ? она што е добро ќе се прифати она што не е нема да се прифати, што ако биде претседател македонец. Меѓутоа дали е добро да биде така? не е добро.

Ние во градот Скопје имаме градска заедница со 70 одборници. Триесет и шест се од ВМРО, а 34 од сите други партии. Целата власт е на ВМРО-ДПМНЕ . Ние не се налутивме и минатиот пат сите ја напуштија седницата, ние имавме само 1 ама вреден, не ја напушти седницата и седницата се одржа. Видете? Да не се парализира работата на Скопје. Токму заради тоа. Мораме да бидеме свесни. И џие имаме перфектен претседател на град Скопје, што ако е од ВМРО. Имаме општина Чаир со 40 одборници. 25 се од ВМРО а се друго е од други партии. Ние еднаш рековме дали може да биде еден ром потпретседател. Не прифатија воопшто. Остана господин Михајло и тој е перфектен претседател. Тој вели јас сум претседател на граѓаните на општината Чаир. Тоа значи многу. Сигурно ако биде претседател на општина Тетово некојси албанец и тој ќе рече така односно ќе мора така да рече. И ако биде македонец ќе мора така да рече. Ние мораме тоа да го сфатиме така. Ние мораме да разговараме со нашиот народ со нашите бирачи. Мораме да разговараме со силеџиите, Јас знам дека има силеџии. Ги има и тука во Скопје, и пред кино и секаде и од сите бои ги има. Разговарајте луѓе. Вие сте нивни претставници. Јас разговарам со моите избирачи. Верувајте ми. Секој ден разговарам. Потребно ни е на нас да внесеме еден мир во Македонија. Што ќе стане утре со оваа Македонија. Ако стане нешто лошо ние не знаеме спрема кого да се вртиме, од каде може да дојде опасност, дали од внатре или од надвор може да дојде поголема опасност. Затоа апелирам да мислиме

малку повеќе. Јас сум со огромно контра мислење на господата наречени самозвани газди, како да овде има газди и робови. Ако има газди мора да има и робови, потиинети, како што рече еден одборник во Собранието на Скопје. Немојте така, не чини Ние живееме заедно и иста судбина имаме, иста човечка судбина. Јас не се осеќам ни малку помал македонец од вас. прави македонци. Немам ништо друго на светот освен ова. Може ли така секој да се чувствува и да се однесува?. Вака само создаваме незгоди пред и на нашите деца и внуци (аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

После вака исцрпна расправа предлагам да дадеме пауза

(Пауза од 15 до 15,35 часот).

Има збор пратеникот Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ**

Јас барам реплика да работиме по Деловник, ако сакате да работиме, ако не да не работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Работиме ние по деловник .

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ**

Па видовме, по записниците, што не ги усвоивме.

Сакав само неколку зборови да му кажам на господинот Зоран Крстевски. Тој во Македонија распредели 2 националистички партии. Од една страна ги стави ПДП и НДП а од друга страна не го спомна името но алудираше на ВМРО-ДПМНЕ.

Во западна Македонија сите македонци не се определени за ВМРО-ДПМНЕ. Тука имаме и одборници и пратеници и за ВМРО и за МААК и за Реформски сили и за ПДП СК, има и организации тука, на пример тука се и Сојузот на борците. Сите тие стојат зад македонскиот народ. Сите тие се незадоволни и затоа не можеме да ги наречеме дека се националисти.

Затоа во таа смисла не е лошо господинот Зоран Крстески да појасни а и да се извини.

**ЗОРАН КРСТЕСКИ**

Немав намера мојата дискусија да ја насочам во тој правец и да предизвика толкава полемика, меѓутоа еден дел од пратениците мој колеги што се вика, во паузата најдобронамерно ми пријдоа, пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и ми укажаа дека во дел од реченицата некаде сум направил очигледен лапсус во градацијата меѓу националните и националистичките партии. На тие кои најдобронамерно ме сфатија јавно им се извинувам и ако го примаат моето извинување ќе ми биде задоволство. Меѓутоа за мене останува во Македонија да се бориме за граѓанскиот статус, за проширување на правата и слободите на човекот без разлика на национална припадност. Во таа смисла секој оној колективитет кој на некој начин сака да го исклучи овој субјективитет на граѓанинот и истовремено врши негација на суверeноста на македонскиот народ , на македонската држава и врз основа на тоа изведените уставни норми и закони, за мене е националистичка партија. Сега нека се најдат тие каде се и што се. Во таа смисла немам намера своето мислење да го менувам и наведов елементи за кои сметам дека дел од политичките партии тоа и го прават.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве тоа е појаснување што го бараше господин Ковачевски а сега ве молам, ако може да не се занимаваме еден со друг, туку со Законот. Тоа е моја молба. Да го донесеме овој закон бидејќи е значаен. Има збор господинот Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство почитувани колеги и гости.

Јас немам намера многу да ве замарам со мојата дискусија сакав само да укажам дека првата изјава што ја дадов после одржување на

првата седница на овој Парламент беше дека во Парламентот ќе стекнеме пријатели, другари, мислам односите меѓу пратениците ќе се градат постепено и дека како такви, како пријатели не само во Парламентот туку и кога ќе се разделиме ќе го негуваме тоа пријателство• Лично мислев дека Парламентот е место за разговор и договор по суштински прашања кој што еднакво или приближно еднакво не оптоваруваат сите, за прашања за кои што народот на Македонија од сите националности, од нас очекува решение. Затоа и не избрал како поквалитетни, попаметни и на нас фактички ни е дадена шансата, еве и преку ТВ да се уверат нашите гледачи дека навистина достојно ги презентираме нивните барања и зрело се однесуваме кон прашањата и проблемите што нив посебно ги интересираат.

Земајќи збор по ова прашање сакав да дадам некој претходни напомени, а имено да кажам дека сите сме против апартхејдот како однос,. Цела Југославија па и Македонија сме се изјасниле за тоа и не би требало со одредени изјави кој е кој во оваа Република на некој начин да извлечеме поука дека некој е подреден а некој надреден. Сите ние сме суверени и лојални граѓани на Македонија, а тоа нешто ние и го потврдивме и преку произнесувањето за Декларацијата за сувереноста на Македонија, таа наша заедничка татковина.

Албанците во Македонија се граѓани како и сите. Тие немаат друга татковина надвор од Македонија. Во тоа сите сме убедени и не би требало ни да бараат. Ако бараат ќе бидат националисти и сепаратисти. Напротив тие се како и секој што седиме тука, дишиме еден воздух, не грее едно сонце, што би рекол филозофот Кирил и нема потреба сега да се однесуваме како некој да е осуден некого % постојано да го слуша или да ги извршува одлуките и решенијата што ќе ги донесе, некогаш на жалост и со мнозинство на гласови по пат ? на мајоризација и да мора да ги спроведува. Не е проблемот можеби во тоа. Проблемот;е во примената . Ние можеме

секако и со  надгласување да донесеме акти и да речеме еве ја спроведовме демократијата докрај. Меѓутоа, последиците се тешки. Мислам дека имавме прилика да се увериме преку одредени акти што во текот на овие 3 месеци ги донесовме. Јас само ќе потсетам, измените на законот за средното образование па и амандманот на колегата Ковачевски во врска со законот за пописи. Да не беа тие измени веројатно немаше да дојде до тоа незадоволство што така еуфорично можеби се манифестира долу на теренот, а тоа заради фактот што луѓето беа навикнати на одредени права што ги уживаа. Не се работи за некои посебни права туку за права на кои народот навикнал и сака и натаму да ги користи, не заради друго туку за да се осети свој на свое.     .

По однос на измените на уставниот закон што се предлагаат мислам дека новата Влада немаше друг излез и во случајов нуди едно преодно решение што сигурно не може да биде право. Но, пак се поставува прашањето, вака најдругарски што се вели, најчовечки еден резон дали воопшто треба да се предложи едно такво решение ако ;сме убедени во еден факт дека и во Тетово и во Гостивар изборите па би рекол и конституирањето течело по законски пропишана постапка.

Колку што јас сум информиран а тука и некој колеги истакнаа дека во име на она сожителство што со право претседателот Глигоров го истакнува а и многумина од вас со што јас потполно се согласувам, би се направил еден договор, кој заслужува почит и од другите партии, мислам од националните македонски партии и упразнетите, резервираните места да се прифатат или пак да се доразговара за да се најде едно решение да се види и пријателство, како не би се дошло до предлагања за измени на уставен закон што по мое мислење води во принудна управа, условно да кажам, само во две наши општини, и покрај тоа што констатиравме дека

изборите во тие две општини беа регуларни. Во име на тоа јас сепак пледирам, прво и ние како Парламент да се убедиме во потребата од договор и да произлезе и една препорака, дури би рекол, од овој Парламент како највисок орган на власта во Македонија до овие две собранија, па би рекол и до сите партии и да се обидат тој договор да го остварат.

За мене, морам отворено да ви кажам, одржување на паралелни седници на две групи пратеници, едната група во една сала , другата група во друга сала, за мене е непоимливо. Јас незнам како властите дозволиле одржување на паралелни седници'. Ние сме против паралелизмот, во принцип. Еве често пати велиме сме против паралелниот систем на образование. Ако сме за тоа тогаш како можеме да дозволиме ние две паралелни седници во исто време да се одржуваат.

Мое мислење е дека претставниците на нашата Влада да инсцстираат на договорот што бил постигнат и да се реши тоа прашање Ние можеме сигурно да прифатиме едно вакво преодно решение, меѓутоа не е излезот во тоа. Излезот е да се сфати реалноста на односите, да се сфати дека албанските граѓани во Македонија се наши сожители наши комшии. Не се тоа граѓани дојдени од Албанија еве сакаат да извршат албанизација на западна Македонија. Каква албанизација, ве молам, тоа се наши граѓани, родени тука. Мислам ако се појде од тоа дека се тоа наши комшии, отпаѓа секаква етикета за албанизација и косовизација. Никој тоа не го сака. Никој жив, верувам не дошол сега од Албанија па сака да ни биде власт во Тетово и во Гостивар. Тоа се наши граѓани кои се спремни да преземат одговорности, а нормално и да остварат одредени права. Ако сме убедени во тоа, ние барем во најмала рака., овој Парламент, дајте да им

дадеме пример и на општините во тој однос така да заеднички дејствуваме и со личен пример, пример на парламентарен однос, таму навистина да создадеме здрави односи и работите да ги сфаќаат такви какви што се инаку тоа не не води никаде . Јас просто сум разочаран од овие односи. Јас имам огромен број на пријатели и од партијата на ВМРО и од Реформистите, драги колеги од пред 15-20 години. Дајте да смогнеме сили и да најдеме решение. Инаку не ќе можеме на улица  да излеземе. Затоа јас се залагам , со сиот респект на Владата за ова преодно решение, сепак јас мислам и тие општини да се конституираат по оној ред како што е' предвиден со Законот, онака како што конституирани и општините каде што доминираат пратеници од другите партии и да се однесуваме со сиот респект, а и со укажување на одговорноста што ја земаат тие што ќе ги заземаат раководните места во односните општини.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, пред нас е една многу конкретна работа а тоа е членот 14-а од Законот за изменување и дополнуваше на Законот за спроведување на уставните амандмани. Се надевам дека сите го прочитавме и тој гласи така како што е напишан. Имаме и информација на Владата во врска со конституирањето на собранијата на општините Гостивар и Тетово. Многу коректно напишана, многу објективно изнесени потешкотии со ограда што јас лично не сметам дека при конституирањето, или при повторното конституирање на општините во Гостивар и Тетово не се исполнети законските услови. Според мое длабоко уверување, законските услови се исполнети. Друга е работата и тоа јас лично го респектирам како став на Владата дека тука се работи, Владата не е спремна да дозволи конституирање на едно национално собрание во национално мешано подрачје. Кон тој став на Владата должам респект затоа што и тоа може да има соодветни импликации. Нашата дискусија нашата расправа, нашата дебата да ја насочиме кон следното.

Дали сме спремни почитувајќи ги принципите демократски парламентарни и сето тоа што реперкуира од изборниот закон на СРМ и како изборен резултат да се почитува дали сме спремни, политички смели тоа да го дозволиме или не сме. Од Информацијата произлегува дека Владата не е спреман. Јас повторувам и тој став на Владата го почитувам. Ние треба да најдеме конкретно решение. Решението што беше предложено како продолжување на мандатот на досегашното Собрание не

беше прифатено ни во Уставната комисија од причини изнесени таму, а и од причини што и Владата сама ги согледала предлагајќи такво решение. Останавме на втората варијанта да се формира таканаречен Извршен одбор и т.н. што во суштина значи дека во тие подрачја имаме, така да кажам вонредна состојба или нешто слично и воведуваме принудна управа во собранијата на тие општини. Практично тоа би значело. Сега, да го кажам ставот на Пратеничката група на мојата партија.

Тие сметаат дека и ова понудено решение, јас должам тука едно објаснување и јас лично со ваквиот предлог односно со ваквата формулација што произлезе на Уставната комисија се согласил меѓутоа сега го кажувам ставот на Пратеничката група. Тие не се спремни да прифатат вакво нешто затоа што повеќето од нив, заправо сите тие мислиме дека тоа значи девалвирање односно непризнавање на изборните резултати. Од досегашната дискусија за мене се поставува едно принципиелно прашање. Ние очигледно имаме разлика во сфаќањето на демократијата. Идејата за демократија јас ја сфаќам како слобода на граѓанинот. Националната слобода е изведена од слободата на граѓанинот. Инсистирањето само на национални проблеми, според мое длабоко убедување, не води кон афторитарност, затоа што тоа нешто бара апсолутна покорност на индивидуата на нацијата. А нацијата се персонифицира во најчест број случаи преку одредена национална полигархија, а демократијата лишена од својот основен супстракт, граѓанинот и таа станува апстракција. Јас во ова сум убеден, ова го тврдам и спремен сум да дискутирам со било кој.

Од тука јас имам и конкретен предлог, најдобронамерен. Навистина сакам да ме сфатите добронамерен ми е предлогот. Јас предлагам македонскиот дел од овој парламент да се затвори во оваа сала, да го изгради својот однос кон немакедонците вклучувајќи ги и Албанците, да го дефинира тој свој однос, да ни го соопшти дали и во иднина ќе бидеме, ќе учествуваме, ќе партиципираме рамноправно во сите области на живеењето, или ќе бидеме отстранети. Дали ќе прифатиме таква положба, или нема да прифатиме ќе се договараме, ќе разговараме, ќе водиме демократски дијалог, меѓутоа смислата на предлогот ми е следната.

Ние ќе мора да престанеме секоја седница да ја користиме за форсирање на разноразни идеи од национални до националистички, шовинистички и незнам какви се и да се однесуваме навистина како парламентарци. Како што ни доликува на еден Парламент кој што пред се и над се треба и мора да се зафати со суштинските проблеми на оваа Македонија.

**ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. После конституирањето на овој Парламент и ова по трет пат ни се случува на овој Парламент имајќи други точки на дневен ред националното прашање да го поставуваме. Денес имаме кинкретен акт понуден од страна на Владата на Македонија со кој треба да се регулираат одредени прашања околу проблемите за конституирање на општинските собранија во Тетово и Гостивар. Сигурно Владата немаше за цел, ниту пак има толку многу време да се занимава со вакви работи ако таму не постоеја проблеми за конституирање на собранијата. Кој ги создаде проблемите, најверојатно

граѓаните на Македонија пополека но сигурно ќе стекне сознанија дека ние во голем дел од овде наместо да работиме кон смирување и решавање на работите и кон заживување на инструментите на правната држава работиме кон нарушуваше и на националните и на меѓучовечките односи и се она што не чини. Јас ве молам, сметам дека овој акт треба да се усвои како преоден документ а во меѓувреме ние треба да го оставиме инаетот и со толеранција и дијалог како што му прилега на цивилизирани луѓе да се договориме па да се конституираат тие собранија, да се договориме кој што таму треба да прави. Очигледно е дека сеуште не можеме да се откажеме од тоа кој колку власт да заграби, како да не ние е јасно дека повеќе општините не можат да бидат држави и тоа  еднаш засекогаш треба да ни биде јасно.

Сакам да се осврнам на одредени дискусии на некои колеги пратеници на кои без да имаат контрола во нивното искажување до вчера му сметаа едни или други, денеска му посметаа и муслиманите кои се доселени од Санџак. Ве молам јас ве прашувам дали ан тие исти другари, односно господа се плашам не ќе му посмета и македонскиот народ утре па ќе бараме некои други граѓани да ја населат Македонија да не ни сметаат. Јас ве молам судбина е да живееме заедно и повелете сите проблеми да ги решаваме низ конструктивен толерантен дијалог и да и дозволиме на оваа Влада да ги состави актите кои треба да ги состави и да ни ги достави нас на усвојување и да дозволиме со инструментите на правната држава граѓанинот да ги остварува своите права и обврски. Нема ништо друго. Се друго што е празна политика и створање на кавги во Македонија. Се прашувам кога ќе ги поставиме животните проблеми на овие граѓани. Имаат

ли уште време да не чекаат ние да се занимаваме овде за нас навидум тешки и многу важни проблеми, а не е точно, полесно ни е да се занимаваме со препукување меѓу себе ние, со реплики отколку да се зафатиме со вистинските проблем* со она што значи живот за граѓаните и да и помогнеме на оваа Влада која пред 1 месец и дадовме доверба, да видиме што таа ќе ни понуди и заеднички со таа Влада да излеземе од проблемите во кои се наоѓаме .И со ништо како пратеници да не дозволиме да се нарушува било кој однос во Републиката.

**ДУШКО ГОРРЕВСКИ:**

Почитувани делегати,

Јас уште во подготвувањето односно предлог на решението на Владата односно од онаа од Уставната комисија што денес го гледавме мислев дека сепак се дава уште малку можност сите проблеми во овие две општини ги преиспитаме и на крај краишта изнајдеме едно решение кое што ќе води кон санирање на состојбите на овие подрачја. Не мислев да учествувам воопшто во расправата, бидејќи имавме расправа за овие состојби, но очигледно ние немаме ниту степен надминато ситуацијата што беше пред 2-3 месеци овде за истата проблематика. Ако вака продолжиме да дискутираме, а очигледно дека сета оваа расправа и дискусија се следи во јавноста, ние со ништо не придонесуваме да ги надминеме приликите што ги создадовме во нашите предизборни активности. Очигледно сега можеме да фрламе вина и со саати, а можеби и заморот придонесе некои дискусии ги спуштаме таму каде што треба да бидат и создаваме некоја клима што ќе носи некој договор, и што ќе создаде простор за надминување на ситуацијата.

Меѓутоа, ако погледаме зошто не се конституира Собранието, мислам дека сега се сведе целиот проблем да расправа Владата, да расправа Парламентот, да наметнеме одговорност на Владата, а и претседателот на Републиката, господинот Глигоров кој што можеби 10-тина состаноци одржа со сите нас, од кои на половината и јас сум бил присутен, а исто така и потпретседателот на Владата, потпретседателите се со цел да се надмине ситуацијата и да се надмине нашето уставно регулирање во смисла на демократизација на односите што се таму. Меѓутоа, мора да признаеме дека создадовме клима во предизборните активности создадовме клима во очи на изборите, испровоциравме се и секого, создадовме една несигурност која што не дава гаранција дека ова конституирање навистина ќе оди во прилог на демократизација на односите или разрешување со кој се соочуваме на овие подрачја. Прво и основно сега ќе почнеме да даваме и конкретни забелешки на Владата. Ние не осетивме воспоставување, или точка по точка воспоставување на'правната држава. Донесовме едни закони, во практиката долу имаме сосема спротивна ситуација. Ние дали ќе зборуваме дека е тоа албанизација или не, да го поистоветуваме со доселувањето од Албанија или применување на сите оние активности кои што значат во одење кон албанизација на овие простори мислам дека доволно е јасно што се случува со образованието. Дали ние како Парламент или како Влада имаме сега решение. Едно вакво омасовување на она што значи администрација, или да кажеме во другите насоки како што се одвиваат проблемите на овие подрачја. Или со пописот? Ако се залагавме навистина за демократија требаше веќе кога овој повеќепаритски парламент донесе еден таков закон, како  партии требаше и сите граѓани

долу, ако ни е целта навистина за заедничко живеење, ако не сакаме понатамошен расцеп, ако не сакаме сите да бидеме несигурни во својот дом, во сопствените дворишта, тогаш навистина требаше да преземеме максимални напори тоа д се заврши, а не ние да бидеме пример како не ги почитуваме законите и прописите. Сега од каде бараме сето ова да се надмине, кога уште од првиот дискутант Хамди Алиу нарече се што во Македонија се прави е усмерено против албанската народност. Дека сето тао значи геноцид, значи узурпација на права и т.н. Наместо навистина да се погледаме себеси и да го ставиме прстот онаму каде што најсериозно треба да размислиме дали со тоа не предизвикуваме понатамошен распон на овие граѓани што живеат на овие простори. Предлогот на пратеникот Тодор Петров, ние мора д отвориме расправа за меѓунационалните односи. А мислам дека денес се дадоа некои показатели овде што се се случува. Јас не сакам да наројувам, мислам дека имаме ресорни министерства кој што треба изворно да не информираат какви се состојбите на овие подрачја. Факт е дека такви состојби имаме не сакам да бидам погрешно сфатен да набројувам едни или други проблеми што се случуваат, меѓутоа факт е дека до тоа не можеме да бегаме и тоа да го надминеме и сето тоа го завиткаме во некоја обландас и да кажеме дека се залагаме за демократизација и дека тоа е исклучиво целта, кога практично ситуацијата е сосема друга. Зошто од таа вистина да бегаме. Ние мораме да се погледаме во очи. Ние расправавме, учесник во расправата сум и во договарањето, партијата СКМ-ПДП има еден одборник во Тетово, меѓутоа исклучивостите беа присутни. Наметнување во смисла на тоа дека не го

даваме ова место и живели. Кој како, ние живееме заеднички. Ако и македонскиот народ што живее на овој простор имаше сигурност дека не ќе води ова, како што сега на цел глас го викаат "предавство", ако се имаше доверба во тие луѓе што ќе доаѓаат на тие места сигурно до ова немаше да дојде. До вакви односи немаше да дојде. Потпретседателот на Владата беше на 2 разговори присутен и ова сигурно го уочи во дискусиите што беа од пратениците на партиите. Оттаму сметам дека ова е изнудено решение на Владата. Меѓутоа, ако ние продолжиме со вакви дискусии во Парламентот па до долу, навистина некои процеси што таму се одвиваат им отвораме широки простори, а да заговараме тука нешто сосема друго очигледно дека и понатаму ќе продолжува тенденцијата која што ќе значи не наоѓање излез од ситуацијата. А дали е некому пожелно еден таков развој на ситуацијата. Не е. Јас не би сакал да продолжам со обвинување, меѓутоа факт е дека ние во предизборните активности ја исполитизиравме така ситуацијата од тоа што значеше бели бањи, до тоа што значеше смрт на шиптарите на плоштадот. Сега треба секој да си ја види сопствената одговорност, па да застане пред тие луѓе и да им каже "другари тоа беше предизборна пропаганда", тоа не може да се оствари на овие простори ние заеднички да живееме. Не тука да заговараме демократија а долу меѓу луѓето ветуваме сосема нешто друго кое на некој начин има практични процеси на спроведување на тоа. Мислам дека треба да се поддржи и предлогот на Владата како една солуција, меѓутоа ако останеме и вака рововски закопани со овие дискусии натаму верувајте дека повторно по извесно време за истата проблематика на ваков начин ќе расправаме.. .к:л

**БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници Слушајќи ја оваа, за мене прва седница во Парламентот, седејќи вака ми доаѓа на ум една анегдота, а велат дека била вистинска кога турците го зазеле Цариград во Црквата Света Софија се собрале великодостоинственици духовници на Византија и воделе жестока дискусија колку ангели можат да застанат на врвот на една игла. Се плашам понекогаш не сме доволно свесни дека ние личиме на тие великодостоинственици во овој момент кои дискутираат -за прашања кои се навистина значајни, меѓутоа, во моментот кога пред нас стојат и многу сериозни прашања за нашата иднина, но и за нашата егзистенција.

Владата беше наполно свесна за сето тоа и да се разбереме Владата го прифати за да помогне, ако може, она решение, оној заклучок на Парламентот да се дојде до спогодба помеѓу пратениците во овие две општини. Треба да ви кажам дека Владата и јас лично посебно потрошивме за овие и блиските до нив прашања повеќе време труд и напор отколку за многу други прашања не само од економската туку и од друга сфера што ни стојат на масата и во животот, а оваа Влада само две три недели е на своето место. Одевме и во Тетово и Гостивар, државме состаноци, свикавме состаноци и овде во нашите простории, сакавме по секоја цена прашањето да го решиме зашто оценуваме дека тоа само по себе не е многу значајно затоа што Владата веќе е во тек на подготовка на значајни закони, пред и една уставна декларација, која се надевам наскоро ќе ја прифатите од која ќе произлезат значајни закони со кои ќе се регулираат сите овие сфери и во една законски заснована правна држава ќе може и да се живее со такво сожителство/ како што овде зборуваше еден пратеник со

какво што живеат многу народи во Европа,затоа што има еден народ не живее сам, скоро секаде има и малцинства па еве и кај нас.

Овде има навистина некои додатни компликации, веројатно не се сосема случајни, но така се совпаднаа. Некои предизвикани од самата ситуација, ние мораме да бараме чаре, а и луѓето на теренот се поставени во тешка ситуација веќе комшиите не зборуваат помеѓу себе. Се почна со општините се премина на пописот, а потоа се префрли сето и кон училиштата. Знаете цел еден синџир, Владата направи големи напори околу пописот да се постигне едно разбирање, тоа не беше должност на Владата да се разбереме, ниту Владата треба, и а и понатаму мислам дека не ќе треба да се дозволи да прави какви и да е договори со политички партии кои имаат своја дејност, свое поле и би требало да останат таму. Меѓутоа, сакајќи да придонесе за оневозможување на еден непожелен пожар, Владата направи такви обиди и навистина големи напори. Направи се што беше можно и постигнавме полн договор со ПДП и НДП околу пописот.

На крајот, вчера разбирам дека челните луѓе на овие партии веќе се во Стразбур и ја алармираат Европа околу ситуацијата во Македонија. Постигнавме полн договор, немаше ниедна точка што ни остана да биде резервирана и проблематична.

Понатаму, се во истото време дојде и оваа ескалација на воведување само на албанскиот јазик во училишната не документација, но барем во дневниците, колку што ни е познато, а сето тоа сосема непотребно. Ние како Влада должни сме пред вас пред овој Парламент да ги почитуваме сите закони што сте ги донеле вие, што ги донеле претставниците на овој народ и на овие народност што живеат и ќе мора да живеат и натаму овде

во Македонија. Почитувајќи ги тие закони ние сме должни да ги спроведуваме така како што пишува таму, а ако тие закони имаат недостатоци ќе ги увидите вие, ќе укажеме ние, па заеднички веројатно можеме и да ги измениме, ако биде потребно. Но, се до тогаш додека тие закони се валидни ние ќе мораме заеднички да ги почитуваме. Ете во такви релации ги правевме обидите за конституирање на општините во Гостивар и Тетово. Знаете, потрошивме на тие многубројни состаноци огромен време и постигнавме согласност со ПДП и НДП за распределба на ме става во управите на собранијата и на извршните одбори и тоа во Тетово претседателот да биде, како што бил првичниот договор кај претседателот Глигоров помеѓу сите партии што се застапени во овие собранија помеѓу челниците на сите партии, ве молам, и македонските и албанските така да се изразам иако е тоа многу лоша поделба во која се доведовме поради едни и други причини не сакам да навлегувам. Да биде претседателот од албанската народност, потпретседателот на Собранието од македонската, секретарот од албанската. Претседателот на Извршниот одбор од македонската, потпретседателот од албанската и секретарот од македонската, тоа е во Тетово.

Во Гостивар претседателот од албанската, потпретседателот од македонската и секретарот од македонската. Во Извршниот одбор претседателот од албанската, потпретседателот од македонската и секретарот од албанската. Значи некаков реципроцитет ви за ви Тетово.

Направивме некаков компромис, меѓутоа, до почитување на овој договор кој ние го сугериравме, ние не можевме да го водиме и да го сметаме како договор, бидејќи задачата беше да се постигне договор помеѓу партиите, а не Владата да се меша и да води преговори и договори. Таа наша сугестија, за жал, не беше уважена.

Како што гледате се дојде до ситуација да се формираат двојни собранија и на едното и на другото место, па дури во Гостивар еве и секретарот бил избран од албанската народност иако беше договорено секретарот на Собранието да биде од македонската. Но, да речеме дека тоа ќе се отстапи на договорот и би се останало. Меѓутоа, сега Владата се исправи пред еден друг проблем. До 14-ти беше рокот кога тие собранија можеа на каков и да е начин да егзистираат да дејствуваат. Помина 14-ти, Владата не може да дозволи да остане еден првен вакум во кој се може да се изроди и одговорноста не може да ја носи. Следствено бараше лек за настанатата ситуација. По многу консултации со партиите, но и со правните и специјалисти го донесе она што Комисијата го имаше на располагаше како свое мислење и како свој предлог. Вие веќе гледате Комисијата на што се определи. Вие сигурно верувате дека Владата сето ова не го сакаше. Вие сигурно сите верувате дека Владата и натаму не сака да преземе некакви директни ингеренции пред да се донесат сите законитости и во една доста флуидна ситуација на секаков план да се ангажира и со една уште една ваква дополнителна задача. Чувствувајќи ја одговорноста го направив овој чекор.

Јас ги молам присутните пратеници да ги оставиме сите неможни расправии во овој момент за друго време по друг повод, веројатно и овој Парламент можеби и во блиска иднина ќе ги разгледува и овие национални односи не само помеѓу албанската народност и македонската можеби и другите. Меѓутоа, во овој момент кога пред нас стојат судбоносни ситуации дајте, мој апел е да бидеме свесни за нив и да направиме чекори за смирување на овие две жаришта за што ваквата ситуација и ова изнудено решение за Владата е краткотрајно и ние веруваме оти во многу блиска

иднина ќе бидат донесени нужните регулативи со кои ќе се овозможи нормален живот и развиток на сите луѓе во оваа Македонија со една законитост која се потпира врз европското постигање во науката за правото и врз конкретната положба и потреби на Македонија..

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Јас мислам дека би требало да ја прифатиме предложената точка во членот 14 за измената на уставниот закон за спроведување на законот за уставните амандмани и овие бројни прашања кои го оптоваруваат целокупниот политички простор во Македонија во една одредена прилика навистина на цивилизациски и научно фундиран начин можеме да ги расчистиме, а политичките партии мислам дека се обврзни кон тоа заради тоа што во своите политички програми како мото ја имаа европеизација на Македонија како суверена држава и европеизација на сите постојни проблеми кои го оптоваруваат политичкиот простор.

Ако ја прифатиме таа доктрина и ако од тој аспект ја посматраме и демократизацијата на македонското општество од аспект на научно фундиран од европски модел мислам дека сите прашања релевантно ќе бидат разрешени и дури тогаш ќе се создадат цивилизациски услови за творечко делување на суверената македонска држава.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, мислам дека досегашната расправа покажа дека се работи за едно мошне сериозно прашање, меѓутоа, морам да кажам а сите ќе се сложиме дека во дискусијата многу малку обрнавме внимание на текстот што ; ни. е понуден и впрочем никој досега понудениот текст на уставниот закон не го оспори. Од тие причини јас предлагам другар претседател пред да преминеме на

гласање односно на изјаснување по предложениот текст,а врзано со сите проблеми кои се присутни во меѓународните односи, како што беше речено и во дискусиите на ова прашање да навратиме во една друга прилика, а со тоа мислам дека и ова понудено решение дава еден пат да ја надминеме сегашната состојба во овој дел на Македонија околу отворените и настанати прашања.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислам, секој ќе ги слушне господа пратеници вашите реакции при појавувањето на говорница, навистина сите сме заморени, меѓутоа, претпоставувам дека сите сме свесни за сериозноста и деликатноста на моментот, доколку албанските пратеници ја напуштат сала та или не гласаат за било каква одлука денеска, а не сум убеден дека и по два часа разговори сепак има битни промени во свеста и гледањето на конкретниот проблем. Претпоставувам дека сите ќе се согласите дека воопшто не се работи за некој партиски проблем и некое меѓупартиско недоразбирање. Овде се работи за една кулминација која доживува судир на меѓународни односи во еден значаен дел на територијата на Македонија кој може да има кобни последици врз вкупното живеење во Републиката и идниот статус. Оттаму мислам дека со поголема толеранција и меѓусебна овде во Парламентот и во меѓусебното обраќање, меѓусебно почитување да видиме во што се разликуваме пред се во што се разликуваме,а потоа да се изјаснуваме Но, прво и основно да видиме во што се разликуваме. Очигледно Влада та била и спречена во барање решение таму каде што не може да се најде затоа што не зависело решението од неа самата и во ситуации , каде што таа не учествувала и мислам дека решението што се нуди и едното и другото се палиативни решенија кои не можат да дадат витни резултати, можат само да создадат

еден тајм- аут едно време да надвладее разумот меѓу сите нас во партиите да се најде решение за сегашната ситуација.

Од тие причини лично го поддржувам предлогот на Владата по можност да се направи уште еден напор за излез од сегашната криза, меѓутоа, бидејќи учествував на неколку разговори меѓупартиски на ниво на Републиката и кога постигнавме соодветни договори ако и потоа не можат да се реализираат долу во општините не ми дава уверување дека се наоѓаме пред некое решение за конкретна состојба.. Затоа би повикал на разум и би повикал од една историска мудрост која што повеќе пати е потврдена дека секоја национална хомогенизација секогаш доведува до поделби, а секои поделби до судири.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Мислам дека сме веќе во фазата на оваа последна инстанца, доколку не надвладее разумот за меѓусебно заедничко живееше. Од тие причини не е фарса во името на својата партија и во предизборната програма и денес сакам да повторам, се залагавме за негување и продлабочување на традициите на заедничко живеење на македонскиот народ со припадници на сите националности кои што живеат во СР Македонија со албанците, турците, ромите, власите и сметам дека тоа им е заедничка престолнина. Меѓутоа кога ги слушав сите пратеници уште одамна тоа што сме го слушале од професори кои што сега овде и во првите клупи, секој народ со формирањето на својата држава постанува нација. Според тоа албанскиот народ, своја нација како држава се формира 1913 година со формирањето на албанската држава. Македонскиот народ се формирал како нација во НОБ во поновата историја првпат си формирал своја национална држава. Според тоа, секој народ има своја национална држава и на никој не треба да смета дека ова е национална држава на македонскиот народ меѓутоа, тоа е заедничка татковина на сите граѓани кои живеат во СР Македонија. Според тоа, не може да има помал или поголем граѓанин на Македонија. Сите граѓани се рамноправни. Никој не смее да е загрозен по основ на национална припадност на било кој дел од Македонија, како што ниедно прарие од Македонија не може да биде помалку или повеќе македонско., Сите тие се македонски. Според тоа , треба да надвладее разум за заедничко живеење, меѓусебна доверба .негување на сите национални чувства, права што си припаѓаат и по закон и по устав. Во тој дух јас би покренал да го поддржиме предлогот на Владата и во ова меѓурешение и во наредните денови да би направиле напор за излез од сегашната криза

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот.

Ви укажувам дека Комисијата за уставни прашања поднесе амандман на член 5 на Предлог на текстот на Уставниот закон со предложениот амандман се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Уставниот закон.

Според тоа, натаму постапката ја водиме заедно со амандманот како да е составен дел на Законот.

Според амандманот 81 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија,Уставниот закон е .усвоен ако за него гласаат најмалку 2/3 од сите пратеници во Собранието.

Предлогот на Уставниот закон го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на Уставниот закон, молам да крене рака. За Предлог-законот гласаа 83 пратеници.

Кој е против? (16 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласањето? (2 пратеници)

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го усвои Уставниот закон за изменуваше и дополнувале на Уставниот закон за спроведување на амандманите од 57 до 80 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, бидејќи за него гласаа повеќе од 2/3 од сите пратеници во Собранието.

Бидејќи Уставниот закон е усвоен, во согласност со амандманот 81 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија предлагам Собранието на СРМ да ја донесе следнава Одлука; за прогласување на Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на амандманите од 57 до 80 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

1. Се прогласува Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на амандманите од 57 до 80 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, што Собранието на СРМ го усвои на седницата одржана на 16 април 1991 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во Службен весник на СРМ.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (89 се за "Предлог одлуката)

Дали има некој против? (17 се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 е воздржан)

Според овие резултати, од гласањето констатирам дека

Одлуката за прогласување на Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на амандманите од 57 до 80 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија е усвоена, бидејќи за неа гласаа повеќе од 2/3 од сите пратеници во Собранието.

Минуваме на **4-та точка** од дневниот ред - Предлог заклучоци по материјалот "Состојби и проблеми во репродукцијата во Социјалистичка Република Македонија во почетокот на 1991 година".

Предлогот на заклучоците, Мислењето на Владата на СРМ и Стопанската комора на Македонија, Извештајот на Комисијата за стопанство и предлогот на пратеникот Иван Иванов за дополнување на заклучоците, Ви се доставени, односно поделени.

XVI/4.-

Пречистениот текст на Предлогот на заклучоциве ви е поделен Отворам претрес . Молам кој бара збор?

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ**:(прилог)

Почитувани пратеници, господине претседателе,

Како што е познато по дводневната расправа што во овој Парламент се водеше по материјалот "Состојби и проблеми во репродукцијата во СРМ на почетокот на 1991 година", беше подготвен Преглед на предлози во кој беа синтетизирани предлозите, забелешките и мислењата на сите учесници во расправата. Тие послужија како основа за подготовка на Предлог-заклучоците кои беа предмет на расправа во седум комисии на Собранието на СРМ.

Во оваа расправа беа изнесени повеќе предлози, мислења и забелешки по Предлог- заклучоците. Поаѓајќи од тоа Комисијата за стопанство, на седницата на Собранието на СРМ што е и содржано во извештаите, одржана на 7 март оваа година, предложи одлагање усвојувањето на Предлог- заклучоците. Овој предлог на Комисијата за стопанство беше прифатен.

Општа забелешка кола беше присутна во скоро сите комисии на Собранието на СРМ е потребата од менување на пристапот во заклучувањето, со јасно утврдување на обврските и активностите и нивно лоцирање по носители како и дефинирање на рокови за нивно исзвршување.

Ваквиот пристап на заклучување^ се оцени како неопходен, заради ефикасноста во реализацијата и одговорноста во спроведувањето на истите, што го наметнува и крајно сложената состојба како во стопанството, така и во општествените дејности.

После ова во Предлог- заклучоците беа вградени сите предлози, забелешки и мислења на комисиите.

Во поглед на роковите за реализација на Предлог- заклучоците се определивме за јасно разграничување на Заклучоците од итен и неодложен карактер на извршување во функција на програмски развој за 1991 година од оние со подолгорочен карактер на реализација/ .место да се прецизираат конкретни рокови за секој заклучок одделно.

Посебно се нагласуватноста од превземање на мерки и активности за реализација на пролетната сеидба, санација на банките и интервенции во општествените дејности, посебно во основното образование. *

Мерките и активностите за развој карактер и се содржани во потребата од продолжување на реализацијата на реформата на стопанскиот систем, рационализација и реорганизација во општествените дејности и органите на управата.

Во овие рамки секако и започнатите процеси на реформа во политичкиот и стопанскиот систем, кои се остваруваат во услови на веќе подолго присутната политичка нестабилност, како и проблемите во областа на распределбата на новосоздадената вредност помеѓу државата и досегашните СИЗ-ови од една и стопанските субјекти од друга страна.

Носителите на реализацијата на Предлог- заклучоците јасно се истакнати. Доминираат обврските на Владата на СРМ и Собранието на СРМ.

Вака подготвениот текст на Предлог- заклучоците беше предмет на расправа на две седници на Комисијата за стопанство на Собранието на СРМ, едната одржана во четвртокот на 10-ти и втората на 15 април.

Со оглед дека во меѓувреме, Владата достави свое мислење по текстот на Предлог- заклучоците, Комисијата го вклучи и него во расправата. Комисијата прифати голем дел од предлозите на Владата со кои се рационализира и уточнуваат формулациите околу обврските, активностите и носителите.

Од предлозите на Владата не беше прифатен предлогот за бришеше на првиот став од заклучокот од точката 8, околу создавањето на услови со мерките на економската политика за оваа година за поголемо искористување на веќе изградените капацитети врз суровинска основа и компаративните предности во базно- суровинските гранки.

Предлогот не е прифатен од страна на Комисијата од причини што тој ја ослободува Владата од обврските за поголемо искористување на веќе изградените капацитети и создавање можности за поголемо работно активирање на населението, зголемување на општествениот производ и можноста за динамизирање на развојот, во услови на ограничени финансиски средства за нови инвестиции. Ваквиот пристап обезбедува и постапно преструктуирање на стопанството, од суровинско во повисока фаза на индустриска преработка со мали додатни вложувања. Со оценка

Неповолната структура на стопанството, со години беше стимулирана односно условувана од страна на здружувачите на средствата од развиените републики. Затоа ова прашање треба да има посебно место во мерките на економската политика.

Предлог- текстот на Заклучоците што денес го добивте е верифициран на седницата беа усогласени и ставовите со Владата и Стопанската комора. Поаѓајќи оттаму предлагам да ги усвоиме Предлог-заклучоците а евентуалните измени и дополнувања на истите во денешната расправа да бидат давани во форма на амандмани со што би се избегнало отворање на нова расправа.

Комисијата за стопанство го разгледа предологот за дополнување на заклучоците доставени во писмена форма од пратеникот Иван Иванов, дека предлогот за дополнување е содржан во Т.7 став 2 од Предлог заклучоците – Пречистен текст и не треба посебно да се издвојува.

На крајот предлагам во името на телата на Собранието на СРМ, Предлог- заклучоците да бидат прифатени со измените и дополнувањата што ќе бидат усвоени денешната седница.

КОМИСИЈА ЗА СТОПАНСТВО
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Петар Горѓиев

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас не знам Комисиите се консултирале со Владата, меѓутоа, од Извештајот на Комисијата констатирам дека такстативно вели дека зафаќањето од стопанството да биде од една основица да се движи до максимум,35% од основицата за нето лични доходи. Мислам: дека и заклучоците кои ги имаме се спротивни едни на други. во одредени закони бараме да се намалат изворите на приходите а тоа значи ќе се пореметат материјалните биланси што Владата ги има веќе изготвено, а од друга страна бараме да се зголемат расходите за социјала,за вонстопански дејности итн. Сметам дека ако и тие заклучат така како желби да ги усвоиме, ќе се најде Владата ^ во една ситуација да не може да одговори во полно обврски што ги бараме од Владата. Сметам дека е добро по ова да даде свое мислење и Владата дали ако така се усвојат заклучоците ќе се пореметат билансните шеми и ќе може Владата да одговори во наредниот период на оние барања што ние како пратеници ги бараме и го поставуваме од нив...да се извршат. Тоа е првата забелешка што ја имам на овие заклучоци.

Втора забелешка, проблемите на репродукција не се само условени од надворешните фактори на стопанисувањето. Ние еден голем дел на проблемите во репродукцијата произлегуваат од самата економија што се наоѓа во претпријатијата. Ние никаде во заклучоците не зборуваме за тоа дека некој кој е тој што треба да донесе програма на мерки за воведување на една современа и добра економија во претпријатијата, а тоа значи дека асоцијацијата Стопанска комора треба да добие таква задача и да одговори на ова прашање.

И уште една забелешка тоа е за проблемот за репродукцијата е резултат на слабата технолошка дисциплина во нашите претпријатија. Синдикатот исто така треба да изготви програма на кој и каков начин и со кои мерки ќе се подобри технолошката дисциплина. Ако тие три програми не бидат синхронизирани и усогласени, мислам дека нема многу да се постигне во проблемите на репродукцијата, а тие се основните проблеми од кои треба да: се решаваат и другите прашања. Јас молам дали Владата на Македонија од прилика ги прифаќа онака конципирани заклучоците, бидејќи сметам дека ќе имаме и соодветни проблеми, ако така се усвои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да дадам само една напомена.

Текстот на заклучоците одамна е подлеен на сите пратеници. Сите надлежни работни тела имаа учество во претресот, беа обезбедени и претставници на Владата и Владата си даде свое мислење и би молел да се прифати Предлогот на г-дин Георгиев овде што го даде да се изложува овде амандманот точно на која точка, на кој став, има предлог, инаку би влегле во повторна расправа, а исто така имавте можност и во работните тела се да кажете што барате и што имавте потреба.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Јас навистина би сакал да ја прифатам сугестијата на претседателот, меѓутоа морам да кажам дека имам обврска пред 15 дена присуствував на состанок на повеќе штрајкувачки одбори и претставници на стопански субјекти од Струмица каде беа присутни повеќе стопански субјекти од целата Република на кој беше расправано токму оваа проблематика. Од таа причина на тој собир на повеќе стопански субјекти, беа изградени одредени

ставови и барања и морам да кажам бев лично задолжен како и другите претставници пратеници кои се од Струмица кои беа присутни на тој состанок добивме обврска тие да ги презентираме пред Парламентот и пред Новата влада. Заради значењето на тој собир би сакал да кажам кој присуствуваа. Од текстилната индустрија присуствуваа претставници на"Југотекст" од Струмица,"Македонка"од Штип "Политекст" Прилеп, "Декортекст" Радовиш, ?Биљана" Охрид, од модната конфекција "Герас Цунев" од модната конфекција "Единство" од Струмица, од дрвната индустрија Присуствува од "Треска" од Струмица, метална индустрија "Металпрес" и "Младост"од Струмица, од земјоделството комбинатот "Струмица" и повеќе земјоделски задруги од градежништвото "Бетон"и "Маврово" градежни организации кои имаат свои градилишта во Струмица од трговијата "ЗИК" малопродаја, малопромет и други. Кажав на тој собир на стопанственици и претставници од стопанските организации беа разгледувани токму овие проблеми, проблемите на продукцијата во стопанството на Македонија, а поконкретно бидејќи поголем број присутни беа и од Струмица ги изнесуваа и проблемите на Струмица.

**ВАНИО МЛАДЕНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сакам Парламентот да го известам дека во моментот во Струмица од 112 стопански субјекти, 76 не примаат редовно личен доход, во кои работат повеќе од 11.360 вработени. Тука има задоцнување со исплата на лични доходи од 3 до 5, па дури и повеќе месеци.

Исто така, против 17 стопански субјекти е покрената постапка за покренување постапка за стечај. Од ова произлегува дека навистина состојбата во стопанството во Струмица, па да не речам и пошироко во Македонија, е крајно сериозна и од тие причини присутните на тој состанок изнесоа свои барања кои сакаат да бидат пренесени до Парламентот, а јас и тогаш таму дискутирав дека^ на некој начин веќе се вградени во овие заклучоци кои треба да ги усвои Парламентот на една од наредните седници, односно на денешната седница на Парламентот. Би сакал да ги прооитам овие 4-5 барања кои беа поставени.

Прво, безусловно беше поставено барање за исплатување на К-15, бонови за исхрана и зголемување на личните доходи до загарантираниот личен доход на сите вработени во стопанството.

Второ, под итно да се направи преглед на вонстопанството од страна на надлежните стручни служби за технолошкиот вишок и да се даде рок во кој ќе се преземат чекори за рационализација Заради растоварување на стопанството.

Трето, поради неефикасно дејствување на судските органи и Службата на општественото книговодство во другите републики за решавање на предметите за наплата на долговите, бараме Републичкиот парламент под итно да преземе соодветни мерки за разрешување на сите тие односи, односно тоа е барање Републичката влада под итно да преземе

определени мерки, да воспостави контакти со владите од другите републики заради разрешување на проблемот на наплатата на побарувањата на нашите стопански субјекти.

Четврто, бараме од Републичкиот парламент под итно да донесе републички закон за регистрирање на банкарските камати на кредитите за извоз што се користени од деловните банки за извршување на извоз во Ирак, се додека конечно не се наплатат овие побарувања од Република Ирак.

Петто, намалување на сите придонеси од бруто личните доходи од 30% и да се престане со практиката за понатамошно оптоварување на личните доходи и зголемување и издвојување за нови придонеси.

Шесто, да се исплатат извозните стимулации и

Седмо, да заживее Фондот за неразвиените подрачја.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, ја поддржувам вашата иницијатива да бидеме порационални во делот на усвојувањето на овие мошне значајни прашања. Во смисла на тоа предложив во писмена форма одредени дополнувања околу проблематиката со оризот, која тангира повеќе од 4-5 општини во Македонија. Притоа во нив се содржани дел конкретни или интервентни мерки, што треба да бидат преземени и дел мерки кои се на подолгорочен план, што треба да бидат насочени и пред надлежниот Сојузен извршен совет, односно тие се во нивна надлежност.

Со овие проблеми некои членови на Владата веќе се запознати. Тие беа на лице место и мислам дека е презентирана значај. на документација. Проблемот е повеќе од сериозен и Заради тоа до вас, колеги пратеници, упатувам една молба да се. уважат дополнувањата кои што се до вас

упатени во писмена форма.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, разгледувајќи го Предлогот на заклучоците по материјалот "Состојби и проблеми во репродукцијата на СРМ на почетокот на 1991 година", сметам дека се тие реално изречени врз основа на дискусијата на пратениците и другите дискутанти и истите ги прифаќам со почитување и со почитување на мислењето на Владата на СР Македонија, каде што вели под итно да се изгради програма на мерки на економ ката политика во 1991 година и предлагам на наредната седница на Собранието да биде ставен и на дневен ред. Со оглед дека многу проблеми се натрупани во областа на земјоделството како што се: сеуште нецелосното исплатување на земјоделските производи од 1990 година, второ, високите цени на репроматеријалите и семенски те материјали кои нашите земјоделски производители ги прави неконкурентни на пазарот, трето, лошата даночна политика, лошата политика во областа на пензиското и инвалидското осигурување на земјоделците која индивидуалните земјоделци не ја прифаќаат, високата цена за наводнување по хектар, неконтролираниот увоз на земјоделските култури, сушата што ја зафати нашата Република во последните две три години, а најмногу го погоди земјоделството.

Според тоа, предлагам Владата на СР Македонија итно да ги преземе следните мерки:

Прво, да се иницира преку СИС неодамнешната одлука за измена на одлуката за распоредуваше на стоките на форма на увоз и извоз ("Службен лист број 18 од 15 март 1991 година") за ограничување на увозот на градинарски култури што важи од 1 јули до до 30 септември 1991 година, да

се помести, датата да важи од 10 мај 1991 година до 30 септември 1991 година, бидејќи ако важи оваа дата што е дадена од СИС за раноградинарското производство, мислам дека работата е завршена. Производството тече сега од мај па до јуни. Оваа дата е доцна.

Второ, да се регресира во семенски материјал и други репроматеријали за да можат сите земјоделски производители да дојдат до нив, бидејќи пролетната сеидба е на прагот. Да ве потсетам само килограм семенски материјал пченка е 100 динари.

Трето, да се преиспитаат цените за наводнување по 1 хектар, бидејќи овие цени се не само во општина Струмица туку и во повеќе општини се многу високи, растат од 90 до 200% во однос. на минатогодишните цени.

Четврто, да се покрене постапка за измена на целосно укинување на делот од Законот за пензиско и инвалидско осигурување што се однесува за осигурувањето на индивидуалните земјоделски производители, бидејќи земјоделците од општина Струмица не го прифаќаат и бараат итно укинување или осигурувањето да биде на доброволна основа.

Петто, кај нас во Струмица има проблем, незнам дали е така и во другите општини, да се изврши заверка на здравствените книшки на земјоделците кои не се во можност да го платат данокот во првото тримесечје од причините кои ги спомнав пред тоа, а истите давачки спрема општеството и данокот да го платат до крајот на 30 јуни 1991 бодина, бидејќи се доведени во една состојба да не можат да ги заверат своите здравствени книшки.

Другите мерки и активности од областа на земјоделството да се опфатат со мерките на економската политика за 1991 година, а некои и за

среднорочната програма. Другите заклучоци не би сакал да ги повторувам, дискутантите пред мене изнесоа забелешки кои главно ги прифаќам.

**ЦВЕТАН ЈОВЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, разгледувајќи го пречистениот текст по оваа точка имам конкретни забелешки односно предлози.

Во точката 9 каде што се опфатени проблемите во сферата на градежништвото се наоѓа и преиспитување на Законот за продажба на општествените станови, а во точката 7 од истите заклучоци се спомнува аграрот и активностите кои треба да се преземат. Бидејќи се спомнува аграрот, односно заживување на аграрот, а со тоа и селото и селското стопанство, предлагам со средствата добиени од продажбата на општествените станови да се насочат кон оживување на селото, со што би се дале услови за заживување на веќе испустените и воведување на свежа и млада работна рака, со нудење поволни услови за сместувачки капацитети.

Образложение: ние добро знаеме или сме сведоци на времето од неколку десетици години кога се уништуваше селото, а на сметка на селото се градеа фабрики кои какви се такви се функционираат, колку функционираат тоа е прашање. Исто така се градеа и станови во градовите и градските населби, со што го доведоа во селото во очајна состојба, како економски, така и со млада работна рака.

Затоа уште еднаш апелирам горенаведениот предлог да биде вграден во заклучоците на репродукцијата и на крајот крајно време е што сега треба градот и градското население да овозможат услови на селата како што тоа го чинеше селото за овие 45 години.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во однос на предложените заклучоци за состојбите и проблемите во репродукцијата во Република Македонија за 1991 година сметам дека истите даваат можности за разрешување на овие проблеми и тоа со задоцнување, бидејќи се зборува за почетокот на 1991 година.

Затоа јас би предложил во точката 2 програмата да биде донесена до крајот на месец април, а исто така и во точката 8 каде што се зборува за програмата.

Веројатно за останатите заклучоци тоа треба да биде секојдневна работа на Владата, бидејќи одредени состојби Владата ќе решава со свои одлуки, а одредени состојби со предлагање закони кои треба да придонесат за разрешување на проблемите во репродукцијата.
Инаку, во однос на целокупните заклучоци предлагам со 30 јуни да ни се поднесе информација што е преземано од Владата по истите.

По однос на излагањето на пратеникот Зимбаков Васил во целина го поддржувам, бидејќи истите проблеми се наоѓаат на подрачјето на општината Радовиш со оглед на тоа што овие општини граничат една со друга и претежно се земјоделски општини. Сите искажани состојби за да не ги повторувам предлагам да бидат внесени во програмата која треба да ја - донесе Владата во точката 2 од заклучоците.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

претседателе, дами и господа пратеници поголем дел предлози изнесе господинот од Струмица. Меѓутоа, јас сакам да дадам уште два предлози.

Во однос на наводнувањето беше испуштено да се каже да се преиспита Владата во врска со системите за наводнување. Во 1988 година за 1 хектар наводнување пченица требаше да се плати 150 кгр. пченица. Со новите цени за 1991 година треба 580 кгр.  да платат земјоделците. Ве молам, дали толкав е порастот и на цените на земјоделските производи, како што прасна цената на наводнувањето.

Второ, во однос на репроматеријалите во однос на регресот за мене најглавно е да се направи нешто за нафтата. Кога ќе се донесе тој регрес, кога ќе помине сеидбата? Предлагам Владата да го преиспита овој предлог и по итен тап да го донесе, ако има регрес да го користат земјоделците сега кога е најпотребни=о но во сеидбата, а не потоа кога нема да биде потребно.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници имам една забелешка на извештајот на Комисијата. Поточно на алинејата 10, каде што се вели да се вгради решение Заради надоместување на настанатата штета во стопанството на Републиката како резултат на војната во Заливот, да се донесе закон за надоместување на овие штети. Пратеникот Ванчо веќе спомна еден закон, јас барам да се дополни овој заклучок и да стои донесување на закон за одлагање на плаќањето на затезните камати по користените кредити за производство пласирано во земјите во Заливот се до намирувањето на побарувањето од истите.

Исто така, согласно "Службен лист број 20", заклучокот 12 предвидува неизмирување на обврските, донесениот закон за измени и дополнувања на Законот за Службата на општественото книговодство, поточно во членот 99

каде што се вели дека плаќањето на меѓусебните обврски на правните лица се врши со задолжителна мултилатерална компензација што ја организира и спроведува Службата. Правните лица се должни да ги пријават на Службата сите свои неоспорени и ненамирени обврски што стасуваат до денот определен со спроведување на мултилатералната компензација, видот на обврските, нивната височина, начинот, роковите за спроведување на мултилатералната компензација ги пропишува генералниот директор на Службата, што значи дека овој заклучок фактички со овој закон се материјализира.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Исто така јас ќе се надоврзам на оваа дискусија, со што можеби ќе се придонесе за решаваше на аграрот во нашата Република воопшто. Зборот ми е за Полог и полошка котлина, каде во последно време се направени чекори напред во однос на мелиоративниот систем за наводнување на тоа подрачје на дел од тие површини, а секако и дел кој не е опфатен со тие системи. Од друга страна сите води во Шара се опфатени со системот на хидроцентралите "Тито". Тие површини што се над хидромелиоративниот систем не само што немаат доволно вода за користење, не само што во тој дел за градинарски култури, за житарници не може и да се зборува, поради тоа што снабдувањето со вода е многу тешко.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:(**продолжение)

Снабдувањето со вода е многу тешко, а од друг пак тој константен дел им се наметнува на самите производители како еден арач во севкупните давачки што се многу големи, оние кој се занимаваат со земјоделство во тој дел на Македонија не можат да ги оправдаат своите трошоци, а за сето она што вложуваат напори да не зборуваме. Семенскиот материјал,исто така^има високи цени. Еден килограм пченка се плака 85 динари што е дваесет пати поголема од оној килограм пченка што треба производителот да го очекува за една летнина. Последниве години беа и сушни години, меѓутоа и покај тоа аграрот е доста запоставен. Од друга страна работните организации како што е стопанството во Гостивар и покрај тоа што нема основ са константен дел на тие површини што се над хидромелиоративниот систем, па со репресии, со асистенција на власта им зема и тоа со енормни камати. јас мислам дека треба на оваа стопанска гранка еднаш да и се пријде со сета сериозност затоа што навистина е запоставена, за жал затоа што ова наше поднебје ги има сите услови за вакви прилики.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, беше упатено прашање до владата дало во врска со дополнувањето на точка 11 со една димензија за максимум зафаќања на единствена основица може да биде прифатена и составен дел на заклучоците. Ние во мислењата, а и во лаборацијата на одредени проекти што досега биле на седница на Собранието ја објаснуваме врската меѓу кравата креирани со различни прописи кои влијаат врз билансот на вкупните средства што треба да се обезбедат за нивно задоволување како обем на вкупно зафаќаше и оптоварувањето на добивката на личниот доход или на друга категорија врз која се пресметуваат. Во конкретниот случај дефинирањето на една цифра глобално врз една основица без да се земат во предвид правата кои се креирани со постојните прописи и без да

се стават во врска и со контрадикторните бараша во самите заклучоци кај некои позиции кај што се бара нови средства за покривање на пример загубите во здравството, за задоволување на потребите во културата и во социјалната заштита не може генерално да биде прифатена. Владата може да ја прифати како цифра за преиспитување во рамки на вкупните биланси што следат по правата креирани во сегашните прописи и зависно од прелозите што ќе ги има за редукција на тие права да предлага на Собранието одредено билансирање и урамнотежуваше на правата со можните средства што треба да се извлекуваат од стопанството или воопшто стопанските активности.

Во врска со другите иницијативи што беа дадени овде кои што се однесуваат и директно на заклучоците, а кои одат и нешто надвор од нив ја прошируваат расправата, кога ние имавме претрес на конкретниот документ Владата ќе ги има во предвид при дефинирањето на програмата на мерките за кои постои задача во овие заклучоци и во мера во која тие ќе можат да се сместат во билансите и на другите вкупни мерки што ќе ги предлага и ќе ги дефинира.

Третата група на прашања кои што се однесуваат на мерки што се од надлежност на Сојузниот извршен совет во еден дел од нив кои што се однесуваат на агратот во врска со регресите, дел на каматите на кредитите во земјоделието и друго, во тек е расправа на релација извршни совети односно влади на републиките Сојузен извршен совет во врска со условите и обврските што треба да се утврдат со буџетот на федерацијата за^91 година и се води расправа  во врска со нивното натамошно вградување во буџетот односно вклучување на оние барања што не се сега предвидени во прописите.  Меѓутоа, мора да сметаме со една присутност на потреба и бараше и заради вкупниот обем на смалување на општата и заедничката

потрошувач на ниво на земјата во согласност со програмата на Сојузниот извршен совет. Дека во овој момент пот^пращање се и некои од веќе во становените права многу тешко минуваат иницијативи кои треба да одат на проширување на тие права. Од друга страна во рамки на билансот по ново на републиката Владата преиспитува неколку мерки од областа на аграрот кои треба да придонесат дел од оние комулирани присутни проблеми да се ублажат или да се разрешат. Во врска со тоа имаме и една точка следната или преку неа шеста во кој дел од овие билансни параметри соопштени за да се види каква е врската или спротивноста на ваквите барања со правата што се креирани.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

По мислењата по предлог заклучоците на Владата што ни е предочено, пред се, врз основа на овие заклучоци и изготвување на соодветна програма, оттаму мислам дека е добро по заклучокот 15 да се додаде уште еден кој што сметам дека опфаќа еден проблем на кој што треба да му посветиме внимание а тој е, врз основа на резолуцијата и сојузна и донесена во минатиот состав на Собранието за популациона политика Владата на СРМ да предложи соодветни законски решенија со кои би се обезбедила можноста за практично реализирање на предвидените правци за разрешување на овој проблем во резолуцијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој ) .

Сега чисти амандмани немаме, само овој амандман. Имаме некои предлози кои со една доработка би можеле да бидат амандмански имаме предлози кои се дадени паралелно со заклучоците. Предлагам да постапиме на следниот начин бидејќи може да ни се случи амандманите и она што е слично на амандманите недоработени овде не можам јас да ги

дадам сега на усвојување посебно заради тоа што претходно треба предлагачот да се изјасни, а предлагач не може да биде само претседателот на Комисијата, треба да дадеме пауза па да заседава Комисијата, да ги разгледа. Друго кога е предлагач Владата и има овде претставник тогаш лесно може да се најде решение. Предлагам да постапиме на следниот начин. Комисијата за стопанство, нејзината служба и претседателот, ако има потреба да^вика и седница на Комисијата да ја задолжиме да направи редакција на заклучоците имајќи ги во вид и некои сугестии кои се фактички во допир со овие текстови кои се дадени. Сите други предлози кои се овде изнесени да не ги задржуваме заклучоците туку денес да се усвојат заклучоците со оваа напомена, а сите други излагања кои овде беа дадени да се отстапат на Владата како стенограм да се користи во натамошната активност на своите ресори за донесуваат а дел од нив ќе влезе во програмата на Владата итн. Мислам дека на тој начин ние навистина можеме да завршиме со оваа точка да не одложиме уште еднаш да расправаме по новите предлози после ќе има нови итн. и тогаш нема крај.

Дали се сложувате ве молам (пратениците се согласија)

Благодарам. Тогаш да минеме на изјаснување.

Предлогот на овој заклучок вака ка!j<? што е и текстот на заклучоците опфатен го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Благодарам.

Дали некој е против? (не)

Дали некој се воздржува? ( еден се воздржува)

Констатирам дека заклучоците се усвоени на овој начин формулиран заклучок со нив.

Минуваме на **петтата точка** од дневниот ред - Нацрт на закон за семејството.

Нацртот на законот ви е доставен, а извештаите на Комисијата за општествено политички систем и Комисијата за труд и социјална политика и законодавната комисија ви се поделени и доставени.

Отворам претрес во начело по Нацртот на законот.

Молам кој бара збор?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас би се задржал само накратко на некои моменти од законот кој е доста широк, опширен во кој се интегрирани повеќе закони кој порано беа закон* за старателство, за присвојување, закон за семејство, закон за брак итн. и бидејќи работев повеќе време во овие области па некои констатации кои сметам дека треба во иднина да се земат во предвид ќе ги изнесам.

Заводот и центрите за социјална работа во текот на изминатиот период од 30 години наполно ја оправда потребата од своето постоење и може со сигурност да се каже дека дадоа значаен придонес во унапредувањето на социјалната заштита ако мошне значење и релевантен во оваа деликатна општествена дејност. Сметам дека промената на нивниот статус во орган на управа би значело превид на улогата и значењето на стручната социјална работа како единствен и врз научни сознанија и во практика потврден метод како неопходен услов за остварување на задачите и функциите што ги имаат овие институции се^га и во перспектива. Овој скуп што ни дава за право да констатираме дека предлагачите на законот за семејство и законот за социјална заштита ја минимизираат улогата и значењето на стручната социјална работа како

услов и претпоставка за извршување на задачите предвидени во наведените закони. Прифаќањето на ваквото решение т.е. занимарување на вредноста на овој метод на работа значи враќање на постигнатиот степен на развој на социјалната заштита назад т.е. решавање на проблемите во оваа сфера на начин како што тие се решавале пред I960 година.

Денеска во извршувањето на своите задачи, а во согласност со светското искуство покрај стручната социјална работа како основен метод на работа во Центарот за социјална работа се користат во доменот на семејната, правната заштита, и сложен интердисциплинарен пристап т.е. ангажираше на други стручни профили, со примена на комплетна интердисциплинарна метода на работа во која се ангажирани правници, педагози, психолози, социјални работници итн. Сметаме дека сведувањето на управен орган би значело деградација и на овие методи и неспособност центрите успешно да ги обавуваат доверените функции. Имајќи го во предвид сето изнесено сметам дека сегашниот статус на центрите за социјална работа како основни стручни служби за социјална работа со јавни овластувања треба да се задржат бидејќи во спротивно би се нарушиле со тешки напори воспоставениот институционален систем во областа на социјалната заштита во нашата Република.

Исто така сметам дека е должност и професионална обврска надлежните раководители и институции да ги запознаам со еден суштински процедурален пропуст во донесувањето на законот за семејството имено на 19 јуни 1990 година Собранието на СРМ го утврди предлогот за донесување на закон за семејството при што донесе заклучок кој го задолжи извршниот совет на Собранието на СРМ на изготви Нацрт закон а притоа задолжително да изврши консултација со научните и стручните организации и институции што ја третираат проблематиката на социјалната

проблематика во Републикава. Меѓутоа ова не е сторено во целост. Затоа да не должам многу предлагам прво, Нацрт-законот за семејство да се врати во процедура пред телата на Владата на СРМ.

Второ, заклучокот на Собранието на СРМ од седницата одржана на 19.06.1990 година да им се даде задолжителна можност на научните и стручните институции и организации од областа на социјалната заштита како професионална, говорна и стручна компетентна организација да ги изнесат своите ставови во врска со содржината на овој Закон па предложените мерки, предложните статусни состојби итн. а посебно со одредбите кои го регулираат идниот статус на центрите за социјална работа и на Заводот за унапредување на социјални дејности во Републикава кои се дефинираат во членот 14 став 2.

Трето, научните и стручните организации од социјалната заштита да им се даде задолжителна можност да ги изнесат своите ставови и по законот за социјална заштита да биде утврден како Нацрт на Владата на СРМ.

Четврто, да се увежи ставот дека центарот на социјална работа треба да го задржи постојниот статус тое. статус на стручна установа со јавни овластувања за што сметаме дека е наш професионален долг, професионална задача и обврска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Ова е претрес на Законот во начело. Постапката обезбедува се што она бара.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по нацртот во поединости.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот во поединости и на Собранието му го предлагам да го донесе следниот заклучок.

1. Собранието го усвојува нацртот на законот семејството заедно со мислењето и предлозите искажани во расправите во на законодавно правната комисија и Комисијата за општествено политички систем и Комисијата за труд и социјална политика.

2. Имајќи предвид дека со нацртот расправаме ако не мислиме да ја измениме платформата бидејќи господинот Петров не предложи никаква измена на платформата јас не можев да барам од претседателот да изнесе свое мислеше по евентуалната измена на платформата. Во рамките на таа платформа тој уште настапува и очекуваме дека не е исцрпена таа платформа до седницата во Охрид задутре, инаку тој вети дека после таа седница, така е и договорот на првата седница на Собранието по негова оценка ќе дојде барање побрзо да се состанеме и да ја разгледаме таа ситуација. Затоа предлагам овој предлог на господинот Петров да не се прифати. Од причини што ако немаме многу јасна процена за тоа што расправаме и јасна визија што сакаме да постигнеме, ако мислиме да расправаме само да се израсправа а без претходни подготовки ќе го доведеме Собранието во тешкотија.

Предлагам да не се прифати и вториот предлог безбедносната ситуација во Републиката. Предлагам ка Владата да и дадеме можност по тоа прашање суштински да се произнесе врз основа на сопствените погледи. Тој материјал беше гледан и подготвен од претходниот Извршен совет и барање на Владата беше да не го гледаме додека тие не дојдат до сознанија релевантни за ставовите кои ќе ги изградат. Мислам оти толку,почитување према Владата ќе мораме да имаме и го заслужува тоа.

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Второ, имајќи предвид дека со Нацртот на законот за семејството се уредува поширок општествен интерес согласно одредбите на член 283 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието истиот го става на јавна дискусија заради обезбедување на пошироко и понепосредно учество во јавната дискусија на граѓаните, стопанските организации, организациите и заедниците од областа на општествените дејности, тука се и центрите и сите стручњаци за кои зборуваше господинот Мурати, научните и стручните институции и политичките организации и другите форми на организирања и здружувања на нацртот за семејство заедно со повикот за учество во јавна дискусија и за доставуваше на мислења и предлозите да се објават во дневниот весник "Нова Македонија".

Трето, Јавната дискусија по Нацртот на законот да трае три месеци, односно да трае од 1 мај до 31 јули 1991 година.

Четврто, Собранието ја задолжува Владата на Социјалистичка Република Македонија да го објави Нацрт-законот и обликот за учество во јавната дискусија во дневниот весник "Нова Македонија". Во организирањето и спроведувањето јавната дискусија да оствари .соработка со политиките организации и другите форми на организирање и здружување, стопанските организации, организациите и заедниците од областа на општествените дејности и научните и стручните институции. Да обезбеди собирање и средување на мислењата и предлозите што ќе бидат изнесени во текот на јавната дискусија и да подготви извештај за резултатите од јавната дискусија и да го достави до Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Господин Мурати, мислам вашите предлози се опфатени.

Петто, овој заклучок заедно со извештаите на Законодавно- правната комисија, Комисијата за општествено- политички систем и Комисијата за труд и социјална политика да се достави до Владата на Социјалистичка Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предложениот заклучок.

Предлагам пауза од 3 0 минути.

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Предлагам да продолжиме со работа.

Минуваме на **точката 6 -** Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката за првото тримесечје од 1991 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлог на закон, Ви е доставен, а извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за здравство, пратеничката група за општествен надзор и на Законодавно правната Комисија. Ви се поделени, односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници и колеги, веќе се наоѓаме во фаза кога сме доста заморени, па затоа ќе бидам многу краток. Предлагам член 5-а да не се прифати односно да се брише од следните причини. Категоријата на лични примања кои тука се ограничуваат да не се примаат познато е дека ја примаат работниците сите линеарно. Мое образложение е и тоа дека доколку такво линеарно зафаќање го ускратуваме на работниците, особено на оние кои што примаат многу мали лични доходи. На пример, да кажам оние кои што примаат и 2.000 динари, а ќе прими знаеем 4,5 илјади динари К-15, што сме му направиле? Сме го направиле за нигде, уште повеќе сме го убиле отколку што е убиен, просто речено. Предлагам целосно членот 5-а да не се прифати и од причина да не бидат овие средства третирани како лични доходи со сите доприноси. Ја знаеме состојбата повторно и таа состојба ќе влијае на стопанството индиректно, бидејќи средствата се преливаат од стопанството, па понатаму истата состојба уште;полошо ќе биде теретено стопанството. Мислам дека држи да помогнеме на оние кои што многу малку примаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само сакам да ви обрнам внимание дека овде чам разлики и во извештаите од работните тела. Ако овие работи каде што е разликата не се доведени во фаза на одлучување, има ли смисла предлогот за донесување на закон? Тука треба Владата да си процени. Затоа само прашувам. Ќе го усвоиме предлогот за донесување на закон, а после содржина нема. Тука јас само ви укажувам. Тука се прашува Владата. Имаме разлика во извештаите од комисиите, а Владата по тоа се нема произнесено.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, по однос на ова прашање што сега се покренува Владата е на мислење дека Законот треба да се донесе. Тоа од образложението и произлегува а причина е што постојниот закон за ограничување на располагањето со дел од општествените средства важеше до 31 март. Ако Законот не се донесе и не се донесе со повратно дејство од 1 април како што е предложено настанува вакум и во инструментариумот за обезбедување на општата и заедничката потрошувачка и во дефинирањето на обемот на таа потрошувачка за второто тромесечје. Оттаму во однос на прашањето за донесување на Законот, Владата нема дилеми и смета и предлага на Собранието да го прифати предлогот за донесување на законот и  заедно со Предлогот на закон, а во однос на содржината и другите амандмани во текот на расправата ние ќе дадеме соодветни ставови   нужни објаснувања.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Предлогот на законот го расправаше Комисијата за здравство. Низ расправата се расправаше што донесе овој закон за овие изминати месеци од месец септември. Дали ваквиот закон ја подобри состојбата во стопанството кое што беше одземено од плаќање на извесен дел од придонесот, или не, какви се ефектите досега од донесениот закон, а што настана во другите дејности, посебно здравството на сите Ви се познати состојбите во здравството, колку недостасуваат средства и е доведено во состојба да не може нормално да ги одвива своите секојдневни потреби во пружањето на здравствена заштита Заради тоа што здравството не може да се стави во категорија на потрошувачи. Делот од средствата што се издвојуваат за здравството се враќаат назад на осигурениците, од правата кои што произлегуваат од здравственото осигурување. Материјалниот трошок од

здравството е некаде 50%, тоа што е во лекување, тоа што е боледување, затоа што многу социјални категории беа ставени досега барем во законите да се финансираат баш од тој динар што се издвојуваше за здравство, односно што се викаше динар за здравство. Затоа уште при донесувањето на Законот имаше доста дискусии дали овој треба да се применува еднакво секаде, или селективно заради тоа што многу организации од стопанството се во многу потешка состојба отколку одредени други кои беа ослободени со овој закон, а за нив не важи ослободувањето, важи само за една категорија од стопанството, односно две, три, водостопанството, текстилна индустрија и земјоделие. Имаме ние текстилна индустрија која што селективно не плаќа допринос, а е нешто подобра од другите стопански организации. Значи, една селективност не се направи, односно се отиде широко за сите работни организации, односно вработените во стопанството. Разгледувајќи го овој Комисијата, а согледувајќи ја општо финансиската состојба во Републиката предложи, но како амандман го нема од Комисијата, незнам зошто , изгледа Законодавно- правната Комисија го стопирала, донесе еден заклучок да се продолжи онака како што е предвидено со Законот, но во делот од член 5-а да се брише комплетно Заради тоа што една категорија на вработени визави друга не е поставена во ист соодносот, односно се однесува само за општествените дејности, а за другите не се однесува. Ако веќе стопанството и општествените дејности се такви како што се сега, тогаш зошто да правиме селективности. Или да важи за сите, или да се брише комплетно членот 5. Тоа е Заклучокот и на Комисијата, и мислам дека по исправно ќе биде, пореално ќе биде ако прифатиме еден став судбината сите да ја делиме како вработени и во стопанството и вонстопанството што се однесува за регресот за годишен одмор, што се однесува за исхрана, што се однесува за патните трошоци, а не една категорија на вработени.

Тоа е исто и предлог на синдикатот, на здравствените и социјалните работници. Претседателот на синдикатот присуствуваше на седницата на Комисијата и тој даде ист ваков предлог, или да нема селективност, или комплетно да се брише. Според тоа, предлагам бидејќи предлогот на Комисијата не ви е доделен како амандман да се усвои, да се прифати законот во делот на ограничувањето на потрошувачката, но да се брише членот 5-а.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку извештајот на Комисиите ви е поделен.

Кој бара збор?

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека прифаќајќи го членот 5-а во Законот се спротивставуваме на нешто што значи, односно прифаќаме кога би се прифатил овој член, прифаќаме да се донесе една одредба во Закон која е противуставна, играјќи ја во предвид вчера донесената одлука на Уставниот суд на Македонија. Јас се согласувам членот 5-а да не се прифати, но имам еден предлог. Во никој случај не би смеело да значи дека работниците во општествените дејности мораат да примаат регрес за годишен одмор и патни трошоци, како и општествена исхрана,доколку нема средства, или со други зборови да ја делат судбината на стопанството. Заради тоа што без оглед на тоа што стопанството не е ограничено со закон на овие работи, ако нема средства , не зема ниту регрес за годишен одмор, ниту приам топол оброк, ниту пак патни трошоци.

_______________________________: продолжение

Со ова Владата поднесувајќи го овој закон и предвидувајќи ги овие работи сметала да добие во време како би се создале услови да има повеќе средства па до крајот на годината евентуално да бидат подмирени овие обврски спрема работниците. Ако е тоа така тогаш навистина треба да се договориме и да се каже отворено што е целта на овој член од законот за да не бидеме ставени во заблуда односно да не ставаме една категорија на вработени во нееднаква уставна положба. Ако е тоа целта навистина треба да видиме што би се добило со тоа и да се согласиме сите. Во спротивно сум за тоа овој член да се брише од овој закон.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници, Општествените дејности како што знаеме се на работ на егзистенцијата во многу категории од досега наречените општествени дејности.

Здравството како општествена дејност во вој момент не може и треба да престане да биде во функција на стопанството зара ди обостран интерес. Односите такви какви што се сега само ни нудат еден зачаран круг во кој што ниту здравството може да биде соодветно алиментирано и да биде на нивото на задачите кои што се бараат од него во државата ниту пак стопанството може да го алиментира тоа на соодветен начин. Единствено односите ни дозволуваат на нас во општествените дејности односно во здравството да се повикуваме на некакви ниски стапки, а стопанството да се оградува и да ги бара, еден дел од своите недостатоци во таканаречената висока стапка. Тоа се релации на односи кои не водат никаде. Затоа по мое лично мислење здравството час поскоро треба да излезе од категоријата општествена дејност. Сметам дека тоа е единствено и крајно решение и дека само на таков начин здравството ќе ги реши

проблемите со кој што е оптоварено.

Инаку што се однесува до членот 5-а, знаејќи ги состојбите во општествените дејности мислам дека со прифаќање на овој член од овој предлог на закон само би го зголемиле бројот на мртви од социјална хипертензија.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Мислам дека претседателот Андов требаше во неколку наврати да не опомене. Ние расправаме сега по предлогот за донесување на закон, а не по текстот.

Што се однесува до предлогот за донесуваше на закон треба да го прифатиме заради тоа што не станува збор во овој предлог за. овој спорен член 5-а. Станува збор за неминовна потреба од продолжување на досегашниот закон за времено финансирање кој што важеше до 31.03. Ако го погледнете член 3 од Предлогот на закон ќе видите дека зборот тромесечје се заменува со полугодие. Според тоа има прека потреба од донесување на законот. Затоа по предлогот треба веднаш да се изјасниме, без понатамошни дискусии. Кога ќе поминеме во вториот дел по самиот текст, тогаш ќе расправаме затоа што комисиите имаат различни амандмани. Владата има друг став и сите овие проблеми што досега ги дискутиравме таму ќе ги дискутираме. Законот мора да се донесе, а дали ќе го донесеме со член 5-а, ќе расправаме во вториот дел по самиот текст.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Во врска со законот за привремено ограничување на потрошувач ката во општествените дејности, сакам да искажам едно свое размислување но и да понудам одредени излезни решенија.

Овој закон го носиме во време кога не се донесени системските закони за финансирање на буџетите, финансирањето на општествените

дејности а не е донесен и законот за управна самоуправа. Има голем број на нерешени проблеми кои задираат до секој граѓанин на Македонија.

Се плашам со централизираше :на средствата а без изградени критериуми и мерила да не дојде до ново прелевање на средствата од еден во друг регион на Републиката.

Во досегашниот начин на финансирање само во сферата на основното образование месеино, солидарно се прелеваат околу 2 милиони динари средства претежно во западниот дел во Републиката, а ефектите од таквиот начин на финансирање ги гледавме во непочитувањето на македонскиот јазик во училиштата во западна Македонија.

Без градење соодветни мерила и критериуми овој одлив на средства може да биде уште поголем, па во тој контекст предлагам Македонскиот Парламент да го забрза носењето на системски закони и други документи за финансирање на општествените дејности со кој ќе се изгради целосна стратегија на идната поставеност, перспектива и развој на овие." дејности, при што како делегато од Битола ќе се залагам достигнатиот развој во образованието културата и другите дејности да не биде запрен односно да настане негово стагнирање заради нееднакво упросечување во Републиката.

Стагнацијата на општествените дејности во еден регион, конкретно зборувам за Битола на сметка на друг регион може да биде погубно за идниот развој на Битола но и за Македонија во целина.

Конкретен мој предлог, ако бидат прифатени членовите 5-а и 5-б од Законот, од забраната за исплата на патните трошоци да бидат иземени наставниците кои работат на село. Од кои причини сите знаеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да разрешиме една дилема.

Дилемата со која јас овде се среќавам е дали Владата смета дека предлогот за донесување на закон може да биде донесен без оглед каков ќе биде исходот по член 5-а. Тоа е она што прашав и на тоа не добив јасен одговор. Тоа е важно затоа што по тоа прашање имаме различни извештаи од работните тела. Ние вечерва не можеме да го донесеме тој закон без усогласување на телата.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Законот треба да биде донесен во неговата основна содржина за продолжување на ограничувањата до 30.06. 1991 година.

Што се однесува до членовите 5-а и 5-б и некој други одредби кои одат на измена на содржината на постојниот закон што важеше до 31.март тоа е прашање на расправа во Собранието и оценка на решенија. Јас споменав дека по одделни прашања од досегашната расправа и веројатно оние што натаму ќе се покренат Владата ќе даде свој став.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога имаме таков став на Владата ве молам да расправаме само за целисходноста за усвојуваше на предлогот за донесуваше на закон. Само тоа. Сега тоа го расправаме а после ќе дојдеме на другото.

Сите што зборуваат никој не ја оспоруваше потребата од донесуваше на овој закон. Сите зборуваат само за поединечни решенија и кажаа како требат да бидат тие. Ние на нив ќе дојдеме после. Затоа сега предлагам да го завршиме претресот по предлогот за донесување на закон.

**ФАИК АБДИ:**

Колку што можев да разберам од материјалот и од искажаните дискусии односно од претставникот на нашата Влада, министерот за финансии се работи за прашањето дали да се донесе закон. Тој сега е во

важност и треба да се продолжи до 30.06.

Прашувам, дали можеме да не го донесеме овој закон. На запад сите на нас ни се чудат, како Југославија, што е ова, обезбедуваме превоз, обезбедуваме топол оброк, обезбедуваме К-15, а ние сега сакаме да влеземе во Европа. На овој начин сигурно не можеме. Според тоа мој предлог е да не се донеси закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сепак темата се промаши.

Има збор пратеникот Митевски.

Ве молам држете се до темата и зборувајте само по предлогот за донесување на закон

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници јас немам никаква дилема дали законот треба да се донеси. Меѓутоа ме интересира, ова прашање го упатувам до министерот Тошевски. До 31.03 овој закон ги има дадено на работеше на здравството, бидејќи ако ја погледнеме информацијата што следи таму каде што имаме апел на здравството за материјално работење, во прашање е колапс на целото здравство. Се работи за материјални трошоци во самото работење, не се работи за лични доходи ниту за К-15 на вработените во здравството, туку за продолжување на неопходните институции во здравството, се мисли на центрите за хемодијализа, еве сега имаме нови трендови во развојот на медицината, трансплантација на бубрег итн. Недостигаат средства и ако погледнеме колку здравството му должи на Реплек, а Реплек веќе има направено демарш повеќе не дава неопходни лекарства на оние што му должат. Сакам да кажам, по заклучокот, точка 14 од резолуцијата односно заклучоците на резолуцијата што ги усвоивме пред малку, каде што се вели дека треба да се најдат неповратни средства за покривање на дел од загубата во здравството во

1990 година, а врвното здравство клиниките имаат покажано загуба во 1989 година. Според тоа ме интересира со каква сума ќе бидат покриени овие загуби и како ќе настави здравството во овие три месеци до 30.06. Тоа е моето прашање бидејќи знам дека по еден осигуреник во Македонија се обезбедуваат само три ипол илјада динари или три ипол стари милијарди а имаме и семејства со десет членови, дури помалку имам е и од Косово по глава на осигуреник каде што има 4 милијарди по глава на осигуреник, да не зборуваме за Словенија и Хрватска каде имаме 11 стари милијарди по еден осигуреник. Според тоа би го замолил министерот Тошевски да ми каже во точка 14 какви средства се предвидени за да се покрие материјалното работеше во здравството.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ**

Во врска со ова прашање кое беше содржано и во некои од претходните дискусии, но јас го оставив да одговорам кога ќе водиме претрес по содржината на законот, состојбата е следната:

Претставниците од областа на здравството неаргументирано тврдат "дека постојниот закон на ограничување на потрошувачката во последните 3 месеци го оштети здравството. Таа фама која се создаде во првиот месец одостварувањето на законот се прошири и натаму без да се следат фактичките ефекти од остварувањето на законот.

Според податоците за 2 месеци, за трите се одработуваат и уште ги немаме, во механизмот на законот прелевање има само кај општинските и кај републичкиот буџет во корист на општествените дејности. Вкупниот обем на прелевањето е 80 милиони.

Внатре во општествените дејности најголемо прелевање има кај образованието, кај непосредната детска заштита и кај вработувањето

Диференцирано по општини, има неколку општини кај кој и тоа каде што здравството не е битна дејност како што е тоа да речеме за Битола или

Охрид каде што здравството има мали одлевања во другите општествени дејности во општините. Меѓутоа на подрачјето на Скопје каде што е најкарактеристично здравството во целото тоа прелевање има примено повеќе 9 милиони динари отколку што би примило кога би се применувал стариот систем на механизмот за обезбедување на приходите:без да има прелевање меѓу дејностите. Во што е проблемот прашам. Проблемот е во општиот недостиг на средства. Произлегува од неефикасност и ниската стапка на добивка и акумулација на стопанството, од ниските ефекти во репродукцијата при исти стапки кој што се применуваат на ниво на последното тромесечје од 90 година, освен кај инвалидско пензиското осигурување бидејќи знаете дека таму стапката е коригирана за 21 Во првите два месеци се остварени пониски приходи во сите сфери и од сите зафаќања, и за буџетите и за општествените дејности за околу 35 % пониски под нивото што е проценето според другите параметри за 1991 година. Дел од податоци ќе изнесам и подоцна. Според тоа ограничувањето на општата и заедничката потрошувачка и во содржината на овој закон не произлегува од различниот третман на здравството или другите општествени дејности во општествената репродукција, -дали се тоа потрошувачки или репро целини, туку произлегува од постојниот систем на третманот на дејностите во нашиот устав и законите и фискалниот ефект што ни сите инструменти може да го исфрли македонското стопанство и другите обврзници. Затоа предлагам да се продолжи расправата по првиот дел како што насочи претседателот за потребата од донесување на законот а во делот од содржината на законот ние ќе дадеме и други информации кои треба да го образложат мотивот и потребата од кои се водеше Владата . за да го предложи овој закон.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Другар претседател, другари пратеници.

Се залагам во начело предложениот закон да се усвои во содржината и причините за негово донесување, заради следното.

Прво, очигледно е дека со ова временски ќе се продолжи времето за финансирање на општите општествени и заеднички потреби за период до првото полугодие.

Втората причина за донесување на овој закон е таа што со . овој закон практично се укинуваат СИЗ-овите, сите ние се залагавме во новата организација на новиот систем СИЗ-овите кои во практичното живеење се покажаа неефикасни да се укинат.

Исто така само да потсетам дека на претходните седници ни е донесовме неколку закони од карактерот на трансформацијата на надлежностите од општините на Републиката со која финансирањето на тие дејности го пренесовме на Републичкиот буџет, така да ова веќе е во согласниот со донесените закони од страна на нашиот парламент.

Исто така, место нерамноправност со овој закон, фактички со централизирањето на финансирањето на општите општествени и заеднички потреби преку Републичкиот буџет ќе се изврши изедначување и ставање во рамноправна положба како во финансирањето преку општинските буџети така и на сите општествени дејности за кои да кажам дека од практична гледна точка имаме ситуации да во некои општествени дејности има средства за финансирање како на дејноста така и на правата на вработените во тие дејности за разлика од другите каде тоа го нема и се во една нерамноправна положба, посебно во однос .на општините.

Трета причина која овде е наведена, тоа се овие стекнати права за регрес за годишен одмор трошоци за превоз и за општествена исхрана. Мислам дека ова решение е резултат и последица на недостигот на

средства во финансирањето на општите општествени и заеднички потреби и дека задоволувањето на овие права е да се одложат и сметам дека ова кога ова го споредиме со голем дел од стопанството кое овие права не ги ужива како, исто така нерамноправната положба на одделни општествени дејности во услови кога остваруваат средства да го уживаат, а некои не, посебно пак ќе направам споредба со општините и кога би било финансирањето од Републичкиот буџет во ова одложено време кога би се решавале овие потреби ќе има или ќе нема за сите.

**ГОЦЕ АНДОНОСКИ:**

Прво една констатација дека јас не се согласувам со министерот за финансии дека со досегашниот начин на финансирање и привремено ограничување на општа и заедничка потрошувачка повеќе СИЗ-ови . од здравството не се оштетени. Еве зошто беа оштетени.

Основица за пресметување при правење на структурата на распределбата на средствата за општа и заедничка потрошувачка практично беше првото тромесечје од 90 година. Во тој период, а вие знаете дека СИЗ-от за пензиско и инвалидско осигурување немаше во тој период празнење и повеќе општински СИЗ-ови средствата за пензиско осигурување што требаше да ги добијат од Републичката СИЗ за пензиско и инвалидско осигуруваше а тие чина 20% од вкупните средства во СИЗ-от за здравство не беа земени како основица. Таму каде како основица беше земено и тие средства за пензиско осигурување, да, но здравството не бара во Македонија да постои некоја нереалност^ неговите средства да одат на друго место. Тоа е една констатација. Еве и конкретно, Ако се земе периодот после 1.01. до 31.03. како основица, ќе се види дека основицата за здравството ќе биде многу поголема, затоа што во тој период скоро сите работни организации земаа личен доход како гарантиран а притоа се

плаќаше само за здравствено и пензиско осигуруваше и ако се земе таа основица автоматски ќе биде оштетено образованието или другите општествени дејности заедно со другата општа потрошувачка.

Меѓутоа јас не се јавив за ова конкретно сакам да кажам, јас мислам дека овој закон не треба да се прифати и тоа од следните образложенија.

Со носењето на овој закон знаеме дека се намалува уште една материјална супстанца. Што значи тоа? Тоа значи дека и во понатамошниот период со носењето на овој закон двете најголеми категории, а тоа се категоријата во текстилната индустрија која опфаќа сигурно над 100 осигуреници и категоријата на земјоделци која што е некаде над 80 илјади ќе бидат и понатаму лимитирани со таа потрошувачка и автоматски со тоа средствата за здравствена заштита ќе се намалуваат. Мислам дека и другите стопански субјекти не се во поповолна положба. Од тие причини мислам дека овој закон треба да се одложи.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ**

Пратеникот Гоце Андоновски мислам дека изнесува неаргументирани податоци.

Во врска со тоа дали структурата одговара или не да кажам дека во случајот на Битола истото прашање беше покренато на начин како што пратеникот Гоце го покренува. Покрај тоа што е проверено кога е правена структурата и е потврдено дека овој дел од приходите на здравството е вклучен во структурата. Во врска со тоа дали исплатата во текстилната или другите индустрии ќе течат вака како што течат досега со тешкотии или без нив, влијанието ќе биде исто во однос на здравството бидејќи овде не ги третираме стопанските дејности ниту стапките врз кои се пресметуваат приходите. Стапките се утврдени како глобала. Нивната селективност е

утврдена само во законите а за даноците кои ниту ги дискутираме ниту ги менуваме. Според тоа на нивото на 4 тромесечје од 1990 година, го задржуваме зафаќањето исто и за второто тромесечје за 91 година.

Во поглед на тоа што се поставува прашањето на здравството од аспект на овој закон ако е добро проучен, јас сега пак морам да влезам во содржината а тоа е тема на овој втор дел, јас би молел тогаш да го објаснам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А дали е прифатлив за да се донесе законот.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Ќе објаснам сега.

Има инсистирање на самото здравство да биде исклучено од механизмот и затоа што оној нов концепт за финансирање на општествените дејности, инвалидско пензиското здравственото и вработувањето ги оставаме надвор од концентрацијата на средствата и единствената политика на финансирање на политика на финансирање на републиката општините и општествените дејности, во овој закон е изземено и ќе ги остварува своите приходи на нивото на стапките утврдени за четвртото тромесечје од 1990 година и во рамки на системот кој важеше до 31.12 1990 година.

Одговорно и стручно тврдам дека со тоа, доколку останат сите други претпоставки во наредните 3 месеци здравството ќе оствари пониски приходи отколку што ќе остварат другите дејности., Не затоа што го дискриминираме здравството, туку затоа што општиот обем на приходите опаѓа, а во дистрибуцијата на средствата меѓу буџетите и општествените дејности ќе ја нема таа привилегија како што ја имаше во 3 месеци да и он прераспределбата добие еден дел.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи сеуште дискутираме за предлогот за донесување на овој закон лично сметам дека предлогот треба да се поддржи, затоа што кога ќе дискутираме за текстот на Нацртот на законот ќе видиме дека со овој закон т.е. со донесувањето на овој закон донекаде ќе се донесат во рамноправна состојба околу примањата, л.д. работниците во стопанството и оние во органите на управата. Затоа сметам дека не треба многу да дискутираме околу предлогот на донесувањето на законот туку забелешките да се однесуваат на текстот на законот а сега да преминеме на гласање за предлогот за донесување на закон.

**НАСЕВ ПАНИЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и колеги, јас не мислев да се јавам но гледам дека се јавуваат од општествен. Тие дејности дискутанти, па и јас од стопанството да се јавам.

Мислам дека треба да видиме зошто се предлага да се донесе овој закон. Бидејќи имаме искуството од минатата година да во голем дел стопански организации поради тешкотиите кои ги имаат не беа во состојба да издвојат средства за К-15, а во општествените дејности воглавном се делеше. па, не беше проблем само тоа што таму се делеше, туку беше проблем што делењето во општествените дејности предизвикуваше револт кај вработените во стопанството и доаѓавме во ситуација да имаме штрајкови.

Работниците прашуваа како е можно ние кои створаме доход и од кои доход се дели за општествените дејности да не можеме да исплатиме К-15, а оние кои го земаат тој доход да можат да делат. Така да ние стопанствениците бевме во ситуација да не можеме да дадеме еден рационален одговор како е тоа можно, а всушност беше можно. Не сакам да кажам дека треба едни вработени да се стават во една ситуација, други во друга, меѓутоа тешкотиите треба заеднички да ги делиме. Некој од дискутантите рекоа стопанствениците со тоа што сакаат да се намали стапката на зафаќање си ги кријат своите слабости. Можеби е точно тоа, има слабости. во стопанството, има нерационалности кои полека се отстрануваат. Но, не сум сигурен дека и во вон стопанството тие нерационалности се отстранети или се обидува да се отстрануваат. Да констатираме и друго.

Има многу работни организации што отидоа во стечај и веќе не земаат личен доход. Според тоа, ние не издвојуваат повеќе за општествените дејности. Има многу претпријатија по 3 месеци што не земале л.д. Според тоа и тие средства веќе отсуствуваат од тој куп, а се повеќе имаме најавување дека работни организации ќе отидат во стечај. Се прашувам ако отидат работни организации и претпријатија поголем број во стечај од што ќе се алиментираат тие средства. Според тоа узајамно треба да си помагаме за да можеме да го преживееме овој период, да и дадеме простор на новата Влада да ни отвори една перспектива за да можеме сите подобро да живееме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Би сакал во потполност да го поддржам излагањето на претходниот дискутант од Партијата на реформските сили од причина што мислам дека и оние што работат во општествените дејности мора да си поделат судбината со оние што работат во стопанството. Свесни сме дека во стопанството секојдневно се прогласуваат технолошки вишоци, по неколку месеци плата луѓето не можат да земат, а имаме држава со еден огромен бирократски апарат, СИЗ-овски, општински и т.н. Затоа, немојте господа од здравството, тука има 17 доктори во овој Парламент цела одговорност да ја префрламе на Владата што го предложила овој закон. По мое длабоко уверување состојбата во здравството вакви какви што се лежат на друга место и на друго место треба да јас бараме одговорноста. А тоа е што меѓу нас има некои што одвојуваат исти процент за двочлено, за 4-члено семејство осигуреници, а некои пак со ист процент осигурува 20-члено семејство. Затоа, во цел нормален свет каде што важат пазарните законитости осигурувањето оди по член на осигуреник, а не по одреден процент, независно од тоа колку луѓе осигурува тој.

Мислам дека предложениот закон имаме должност како пратеници да го изгласаме во потполност како што го предлага Владата.

**МАНИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сигурен сум дека Владата и малку кокетираше со овој закон, со 417.000 вработени во

стопанството кои во изминатите децении беа подгрејувасни во мислата дека се оградени од нестопанството, наречувани со секакви епитети, како на пример паразитски вработени, како што бевме наречени и во еден напис во "Нова Македонија" од новинарката Зарковска, иако се подразбира тоа беше во наводници но кој знае што е во наводници.

Ја знам состојбата во стопанството и сигурно е многу загрижувачка, ја знам добро и во здравството и во образованието. Можеби нема да послужи како модел за сите, но ќе наведнам само неколку бројки од Виница.

за здравствена заштита се потрошени минатата година . 25 милиони, за кои мислам, дека не се многу на 20.000 жители. Здравствениот дом од тоа добил 6 милиони, загубите изнесуваат 8,5 милиони. Ако исцело го избришеме Здравствениот дом од платниот список, здравството ќе покажеше загуба во 2,5 милиони динари. На стопанството му се вратени само во облик на боледување за бременост и породуваше, а и нега да деца до 3-годишна возраст, 4 милиони динари. Знаеме дека каде е сиромаштијата таму се и болестите. Засега стопанството не може самото себе да се поднесе, сигурно, со својот баласт, а не и некаква надградба затоа иритира по малку ставот на Владата, а и јас така сфаќам делејќи ги работниците нас производствени и непроизводствени како да многуте во стопанството што ќе испијат по некое кафе и прочитаат весник а потоа удрат по некој потпис се попроизводствени од оние што произведуваат памет или здравство, здравје  и слично. Затоа се прашувам дали само

Хипократовата заклетва и етиката ќе не обврзуваат да се смешкаме на пациентите што поминуваат 60 и повеќе дневно, а плата не си земал 3 месеци и повеќе

**ЈОВАН АНДОНОВ**: (потпретседател на Владата)

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, антагонизмите кои што постојат помеѓу стопанството и нестопанството не се од годинава, не се од сега. Тие постојат од кога постои едната и другата групација. Можеби и тие се нормални, меѓутоа бидејќи доаѓам од стопанството каде што 26 години непрекинато сум работел, сакам да ве известам за следното, со полна одговорност.

Ниту еден стопанственик нема ништо против здравството нема ништо против просветата, културата, образованието и т.н. Стопанствениците само сакаат да се изврши рационализација во нестопанските дејности каква што рационализација се врши годинава во стопанството. Ако е тоа причина за вакви антагонизми мислам дека немате право. Ние треба да бидеме свесни неспоставувајќи го прашањето сега што е постаро кокошката или јајцето дека стопанството се наоѓа во катастрофален колапс, бидејќи еден пратеник рече дека здравството е во колапс. Ве молам дали е возможно некаде во светот стопанството да биде во колапс а здравството да цвета. Тврдам дека никаде тоа го нема, па нема да го има ни овде. Јас мислам, следејќи ја ситуацијата каква е, неработењето на девизниот. пазар дека стопанството почнува да тоне уште понатаму и тоа сеуште го нема додирната дното на кризата затоа што имаме ситуации каде што нашите

банки односно гаранциите и акредитивите од нашите банки не се признаваат од странските партнери од странските банки, туку се бара конфирмација на некоја светска банка, а таа е апсурд да се најде. Според тоа ве известувам дека градиентот на паѓање на производството продолжува. Ние веројатно на наредните седници ќе се соочиме со податоци кој што ќе бидат катастрофални. И додека, сите верувам сте убедени во тоа, не се разреши политичката криза на ниво на Југославија ние нема што да очекуваме бидејќи тоа од странските парнети ни се кажува отворено.

Јас мислам, а тоа не е став на Владата, бидејќи никој немам консултирано, ако вака продолжат состојбите, бидете уверени дека наскоро ќе дојдеме сите на гарантиран личен доход

каде што не ќе знаеме ни стопанството, ни стопанството, туку сите ќе земаме исто она што е закон кажано.

Бидејќи се даде предлог од претставник на здравството да здравството сака да се одвои од стопанството си јас земам одговорноста да во името на сите стопанственици ќе се заложам за да тоа се случи односно здравството да се одвои од стопанството, бидејќи стопанството тогаш ќе го постави прашањето дали ние требаат 15 лекари во амбулантата на Железара, дали ни требаат 8 лекари во амбулантата на Охис, дали ни требаат толку лекари во Југохром и т.н. Според тоа, превентивата стопанството само ќе си ја организира. Но, мислам дека тоа не е за расправа, тоа е погрешен пат. Јас мислам едно интегрирано здравство може да ги даде најповолните резултати кои што ќе  не водат сите во една

благосостојба. Не би требало понатаму ако нешто се каже од стопанството да се мисли дека е тоа против нестопанството. Гарантирам дека не е така, туку тоа мора да се сфати како еден апел за рационализација секаде каде што може да се изврши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да не одиме понатаму во расправа. Ние и законот за здравство ќе го имаме овде, ќе видиме за тоа. Сега предлагам да се изјасниме кој е за предлогот за донесување на закон да се усвои.

Молам, кој е за предлогот за донесување на законот да крене рака? (77 пратеници)

Молам, дали некој е против предлогот за донесување на закон? (8 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Бидејќи овој спор го решивме со гласање, и сега треба да преминеме на усвојување на предлогот на законот, а имаме добиено различни ставови од работните тела, дури е изнесено мислењето на Владата,го предлагам следното.

Имаме замолница од пратениците од исламска вероисповест сега да прекинеме со работа, бидејќи нив им е празник, а тие цел се овде и донесувањето на законот, разгледувањето на предлогот на законот и неговото донесување го оставиме за продолжението на седницата.

Во меѓувреме, до почетокот на продолжувањето на оваа седница 2 работни тела со претставниците на Владата да се обидат да ги отстранат разликите што ги имаат сега. Тоа е Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за образование, наука и култура. Исто така, ова да го погледа и ЗПК.

Молам, дали се прифаќа овој предлог? (се прифаќа)

Седницата да продолжи со работа во четврток во 9,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,10 часот)